FRIEDRICH EBERT STIFTUNG




# МЛАДИНСКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НИЗ ПРОЦЕСОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувања спроведени во рамки на проектот за зајакнување на капацитетите на невладиниот сектор - Академија на млади истражувачи 2013

# МЛАДИНСКИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НИЗ ПРОЦЕСОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувања спроведени во рамки на проектот за зајакнување на капацитетите на невладиниот сектор - Академија на млади истражувачи 2013

**Издавач:** Фондација Фридрих Еберт, канцеларија Скопје
www.fes.org.mk

**Автори:** Божиновска Моника
Бојаџиева Афродита
Бошков Габриела
Васева Ивана
Даниловски Антонио, Мирчевска Марија
Јанческа Маријана
Пешевски Иивaн
Старова Нита

**Лектура:** Инда Савиќ Костова

**Дизајн и печат:** Контура

**Тираж:** 300 примероци

CIP - Каталогизација во публикација Национална и
универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316.4-053.6(497.7)(043.7)

МЛАДИНСКИТЕ перспективи низ процесот на истражување. - Скопје :
Фондација „Фридрих Еберт“, Канцеларија во Македонија, 2014. - 133
стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 133

ISBN 978-9989-109-74-4

а) Социологија на млади - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 96099082

Печатените изданија на Фондација Фридрих Еберт не смеат да се користат за
комерцијални цели без претходно писмено одобрување од Фондацијата.

# ПРЕДГОВОР

Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија Скопје во 2013 година го започнува проектот наречен Академија за млади истражувачи во соработка со организацијата Институт за развој на заедницата – Тетово. Целта на проектот е да се зајакнат капацитетите на организациите од невладиниот сектор  и младинските работници, преку изучивање на методологијата на научното истражување.

Во рамки на Академијата на млади истражувачи во 2013 година, 12 млади луѓе, преставници на младински организации, беа обучени како самостојно да спороведат научни истражувања преку следните модули - Дизајн на научни истражувања/пишување на научни трудови, Квалитативни методи на инстраживање (фокус групи и интервјуа), Квантитативни техники и методи на истражување, Практики на испитување и анализа (СПСС програм), Политичка комуникација, кампања и пропагадни техники и Анализа на порака и соопштени за јавност.

Модулите за обука беа спроведни од страна на Институт за демократија (доц. д-р Ненад Марковиќ, доц. д-р Иван Дамјановски, м-р Миша Поповиќ, м-р Марко Трошановски) и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ, доц. д-р Елеонора Серафимовска).

По завршување на обуките, секој од учесниците на Академијата за млади истражувачи, спроведе истражување со помош на менторство на еден од предавачите. Темата на истражување, како и методологијата, секој од учесниците ја одбра самостојно во согласност со потребите на младинската организација во која е активен/а. На тој начин се инвестираше во капацитетите на младите луѓе кои се активни во граѓанскиот сектор во областа на креирање на младинските политики и решавање на проблемите на младите во РМ. Преку совладување на методологијата на научно истражување, и со помош на резултатите од спроведување на истите, младите ги дефинираат ставовите, размислувањата и перспективите на својата генерација, како и насоките во кои треба понатаму да се работи за подобрување на ситуацијата на младите во земјата.

Оваа публикација е збирка на резултатите од спроведените истражувања во рамки на Академијата за млади истражувачи 2013. Во нив се обработени широк спектар на теми од областа на човековите права, работнички права и синдикати, студентски организации, културолошки вредности, политичка партиципација преку социјални медиуми, насилство помеѓу младите, инволвираност во локалната заедница и други. Се надеваме дека дел од нив ќе послужат како основа за понатамошни истражувања, дискусии и дебати и ќе отворат нови прашања за подобрување на перспективите на младите во РМ.

Нита Старова

Проект Координатор

Фондација Фридрих Еберт - Скопје, Македонија

# СОДРЖИНА

**Насилно однесување** **7**

БОЖИНОВСКА МОНИКА

**Зборовни асоцијации во ромскиот и македон скиот јазик**

**Споредба на вредности меѓу две култури** **23**

БОЈАЏИЕВА АФРОДИТА

**Фактори кои влијаат врз инволвираноста на младите во процесите во заедницата** **40**

БОШКОВ ГАБРИЕЛА

**Причини за изучување на германскиот јазик на РМ** **55**

ВАСЕВА ИВАНА

**Дебатата како фактор во идеолошката определба кај студентите и средношколците** **73**

ДАНИЛОВСКИ АНТОНИО, МИРЧЕВСКА МАРИЈА

**(Де)Мотивација на младите за политичка партиципација преку социјалните мрежи** **89**

ЈАНЧЕСКА МАРИЈАНА

**Повзаност меѓу неинформираноста на младите луѓе за правата од работен однос и работата на црно** **109**

ПЕШЕВСКИ ИВАН

**Толерантност и предрасуди на младите во РМ кон лицата со различна сексуална ориентација** **125**

СТАРОВА НИТА

# НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

***Моника Божиноска***
*Младински образовен форум*

## ВОВЕД

Искуството кое го стекнуваат младите во текот на нивниот развоен период остава трајни белези во нивниот натамошен развој. Насилното однесување, без разлика дали се јавува во: домот, населбата на живеење или, пак, училиштето, претставува значајна општетствена проблематика која ги засега сите граѓани. Засегнатите институции се одговорни да креираат механизми кои ќе ги превенираат ваквите форми на однесување. Меѓутоа, за креирање на било какви акции неопходно е, прво, добро запознавање со фактичката состојба на терен. Постојните наоди од спроведените истражувања укажуваат на значајна застапеност на насилното однесување кај учениците од основното образование. Иако може да претпоставиме дека оваа ситуација не се подобрува во средното образование, досега не е изготвена анализа или истражување кое ја има испитано оваа тема кај средношколците во Македнонија. За насилството помеѓу средношколците се дознава само преку медумските објави, кои најчесто инцидентите ги поврзуваат со етничката припадност на учениците.

Заради недостигот од информации на оваа тема, но и заради големата важност на истата, ова истражување ќе ја испита застапеноста на насилното однесување кај средношколците во Скопје и ќе тестира дали постои разлика во однос на насилното однесување меѓу средношколците кои учат во хомогена етничка средина и учениците кои учат во хетерогена етничка средина.

## ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА

Според Светската здравствена организација, насилството е намерна употреба на физичка сила или моќ против себе или некое друго лице, или против група или заедница, која резултира, или може да резултура, со: повреда, смрт, психолошка повреда или депривација. (Светска здравствена организација, 2002) Во меѓународната студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст, малтретирањето се објаснува како насилно однесување преку кое се потврдува интерперсоналната моќ со агресија и се дефинира како „негативна физичка или вербална акција која има непријателска намера, предизвикува повреда на жртвата, која се повторува и вклучува нееднаква моќ меѓу оние кои малтретираат и жртвите". (Светска здравствена организација, 2002)

Како ризик-фактори за појава на насилство кај младите, Светската здравствена организација ги наведува (Светска здравствена организација, 2002):

1. Индивидуалните фактори, карактерните црти или бихевиоралните фактори кои се корелирани со насилство: хиперактивност, импулсивност, слаба бихевиорална контрола, проблеми со концентрацијата, историја со агресивно однесување во минатото, слаби академски постигнувања;
2. Семејни фактори: слаба родителска супервизија, физички казни, конфликти меѓу родителите во раното детство, слаба приврзаност меѓу родителите и детето, мајка која има првородено дете во рана возраст, деца на разведени родители, слаба семејна кохезија, низок социо-економски статус, родители деликвенти;
3. Социјални, политички и културолошки фактори, бандите и локалната понуда на droги, се моќна комбинација што ја зголемува веројатноста за: младешко насилство; низок степен на социјална кохезија во заедницата; квалитетот на владеењето со државата; нејзините закони и степенот до кој тие се спроведуваат; политиката на социјална заштита; нееднаквоста во приходите; брзи демографски промени кај младата популација и урбанизацијата, културите кои не даваат ненасилни алтернативи за разрешување на конфликтите имаат поголема стапка на насилство кај младите.

Во Македонија, до сега има спроведено мал број на истражувања кои имаат за цел да го испитаат насилството кај младите. Едно од нив е „Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија" која е спроведена во учебната 2008/2009 година, на примерок од вкупно 1.240 седмоодделенци (Алгоритам Центар и Бирото за развој на образованието, 2009). Истражувањето покажува висок процент на ученици, 15% за девојчињата и 40% за момчињата, кои учествувале во тепачки. Овој податок ја сместува Република Македонија на петтото место во однос на останатите 46 земји-учесснички во Студијата. Дополнително, висок процент на

ученици пријавуваат дека носеле оружје изминатите 30 дена, и тоа момчињата значително повеќе од девојчињата. Процентот на ученици кои носат оружје е најголем на 15-годишна возраст: 12% од момчињата етнички Македонци и 22% за момчињата етнички Албанци. Во истото истражување 63,1% од учениците се изјасниле дека физичките пресметки помеѓу учениците се случуваат при враќање од училиште. Дополнително, етничката припадност како основа за предизвикување на насилството ја наведуваат само 16,9%, додека најчести причини за насилство ги наведуваат: љубомората, омразата и погрдните пораки. Ваквите податоци се доста индикативни за состојбата на насилство кај младите во Македонија.

Дополнително, во изготвената анализа на оваа тема од страна на Народниот правобранител е наведено: *„Во последните години, во повеќе основни и средни училишта во Македонија се забележани случаи на насилство помеѓу учениците, меѓу кои и случаи со смртни последици. Забележително е насилството меѓу младите не само во училиштата, туку и надвор од нив, независно од етничката припадност. Децата сé повеќе се насилни, агресивни, отсуствува толеранцијата и спремноста за мирно решавање на споровите меѓу нив. Децата носат оружје во училиштата, поради што одредени тепачки меѓу нив завршуваат и со трагични последици“.* (Бајрамовска, 2012)

Министерството за образование и наука со цел: **намалување на насилството во училиштата,** има донесено „Стратегија за намалување на насилството во училиштата 2012-2015“. Како дополнителна поддршка на Стратегијата е и проектот „Училиште по мерка на детето“ кој има за цел да промовира: мир, слобода, толеранција, достоинство, еднаквост, солидарност, физичко и ментално здравје и благосостојба. И покрај наведените програми и стратегии, моментално секое училиште само изнаоѓа решение за обезбедување услови за безбедност во училиштата, за што родителите се обврзани да ги платат трошоците. Мерки кои се применуваат се (Бајрамовска, 2012):

- Контролиран пристап до училиштата;
- Дежурни ученици (наставници);
- Видео надзор (безбедносни камери);
- Ангажирање на обезбедување;
- Ангажирање на полицаец.

Насилното однесување во Македонија е регулирано со неколку закони. Со Законот за заштита на децата и законите за основно и средно образование, се забранува физичко и психичко малтретирање на децата (Закон за основно образование, член: 3, 33, 53 и 64, Закон за средно образование, член: 51 и 58-а, Закон за заштита на децата, член: 2, 3-а, 9). Дополнително со законите за основно и средно образование се предвидени и санкции за училиштата или наставниците што вршат насилство, а според Кривичниот законик истото се третира и како кривично дело. Семејното насилство е регулирано со Законот за семејството, според **кој** се забранува секаков вид насилство

меѓу членовите на семејството, без оглед на полот и возраста. Во Македонија постои закон којшто директно го таргетира насилството и насилното однесување за време на спортски натпревари, а тоа е Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари, во кој на подетален начин се дефинирани формите на насилство од ваков вид и соодветни прекршочни и казнени одредби коишто треба да не водат кон намалување на насилното однесување на спортските натпревари.

Во Македонија постојат уилишта кои имаат хомоген и хетероген етнички состав. Често, училиштата кои имаат хетероген етнички состав се поврзуваат со насилни инциденти помеѓу учениците. Ваквите инциденти создаваат слика дека во овие училишта насилното однесување кај младите е позастапено, споредено со училиштата кои се етнички хомогени. Иако оваа слика не е креирана на емпириски наоди, сепак таа може да влијае врз образовните политики кои се спроведуваат. Оттука и подигнувањето на ова прашање како релевантно кога се испитува насилството помеѓу средношколците.

Досегашните истражувања и анализи на тема: *насилство кај младите,* се однесуваат на ученици во основното училиште. До сега не е спроведено истражување кое ќе има за цел да ја тестира застапеноста на насилството и формите на насилно однесување меѓу средношколците во Македонија. Заради значајноста на темата, недостигот од информации и претходно индикативни наоди, сметавме дека е неопходно да се изготви истражување кое ќе испита колку често се јавува насилно однесување кај стедношколците, во каква форма се јавува истото, како и тоа дали постои разлика во степенот на манифестирање зависно од етничкиот состав на средината во која учат.

## МЕТОДОЛОГИЈА

### *Истражувачко прашање*

Главното истражувачко прашање се однесуваше на тоа **во колкава мерка е застапено насилното однесување меѓу средношколците на територијата на Скопје**, **во каква форма се манифестира истото и дали постои разлика во манифестирањето на насилството во училиштата со различна етничката структура**?

### *Хипотези*

1. Во училишните средини од мешана етничка природа, постои поголем степен на насилство кај учениците, во споредба со средините со хомогена етничка структура.
2. Машките ученици манифестираат поголем степен на насилно однесување, во споредба со женските ученици.

***Инструмент***

Како инструмент во спроведеното истражување се користеше прашалникот „Boston Youth Survey Highlights", креиран од страна на Harvard Youth Viiollence, во 2006 година (Harvard Youth Viiollence, 2006). Прашалникот е креиран за утврдување на застапеноста на насилството кај средношколците. Истиот содржи 91 прашање. За потребите на ова истражување, адаптирана е оригиналната верзија од прашалникот, при што се земени предвид културолошките разлики меѓу општествата. Дополнително, за специфичните потреби на истражувањето, од оригиналната верзија на прашалникот се отфрлени секциите од прашања кои се однесуваат за насилство кон себе и здравствената состојба кај испитаниците. Македонската верзија на прашалникот содржи 38 прашања. Прашалникот е поделен во неколку делови: демографски карактеристики, безбедност во местото на живеење, семејно насилство, поддршка од возрасните, училишни постигнувања, насилство во местото на живеење, насилство во училиштето. За потребите на овј текст, земени се само резултатите кои се однесуваат на насилството во училиштата. Останатите резултати на национално ниво ќе се објават во дополнителен труд на оваа тема.

***Примерок***

За потребите на ова истражување се креираше намерен примерок. Во примерокот беа вклучени две училишта со доминантно македонски ученици, едно училиште со мешан етнички состав кај учениците и 2 училишта со доминантно албански ученици. Вкупно во примерокот се вклучени 879 ученици. Учеството во истражувањето беше доброволно. Сите испитаници беа информирани за целите на истражувањето, како и за анонимноста при учеството.

***Варијабли***

Истражувачки варијабли:

1. Насилно однесување кај учениците и
2. Етнички состав на училишната средина.

Операционализација на варијаблата *насилно однесување*: насилно однесување се смета скор добиен на тестот за насилно однесување во училиштата.

Операционализација на варијаблата *етнички состав на училишната средина*: хомогена македонска е училишна средина, поточно тоа се училиштата во кои доминантно се застапени ученици со македонска етничка припадност; училишта со мешан етнички состав кај учениците се училишта кои немаат една доминантно етничка група од ученици и хомогена албанска етничка средина се училиштата во кои учениците се доминантно со албанска етничка припадност.

Контролни варијабли во истражувањето се:

- Возраст
- Етничка припадност
- Пол
- Религиска припадност
- Училишен успех

Табела бр. 1 *Приказ на распространетост на контролните варијабли во примерокот*

| **Училишна година** | Проценти |
|---|---|
| Прва година | 25,7 |
| Втора година | 35,8 |
| Трета година | 20,9 |
| Четврта година | 17,6 |
| **Етничка припадност** | |
| Македонец/ка | 56,6 |
| Албанец/ка | 33,9 |
| Турчин/ка | 2,7 |
| Ром/ка | 1,1 |
| Србин/ка | 2,4 |
| Друго | 3,2 |
| **Пол** | |
| Машки | 41,9 |
| Женски | 58,1 |
| **Училишен успех** | |
| Доволен | 3,3 |
| Добар | 20,6 |
| Многу добар | 29,2 |
| Одличен | 46,8 |
| **Религиска припадност** | |
| Православен христијанин | 50,9 |
| Католик | 0,8 |
| Муслиман | 39,2 |
| Не сум религиозен | 8,2 |
| Друго | 0,8 |

## РЕЗУЛТАТИ

Добиените резултати можат, главно, да се поделат во три дела. Во првиот дел резултатите покажуваат колку учениците се чувствуваат безбедно во училиштето, но и на локациите кои се дел од нивното секојдневно функционирање. Во вториот дел се прикажани резултатите кои покажуваат колку средношколците манифестираат насилно однесување, додека во третиот дел, колку учениците се изложени на разни форми на насилно однесување.

### *I Дел - Колку учениците се чувствуваат безбедно*

Безбедноста на учениците е мерена преку искуството на учениците за застапеност на разни видови оружје во училиштата и со нивна проценка колку безбедно се чувствуваат на локациите кои неминовно ги посетуваат. Според долунаведените резултати може да се забележи дека средношколците не се чувствуваат безбедно на локации кои се надвор од нивната блиска околина. Според добиените резултати, учениците најмалку безбедно се чувствуваат во градските автобуси, како и на самите автобуски станици.

Табела 2. *Проценти на одговори на прашањата за безбедноста на различни локации*

| **Колку безбедно се чувствуваш во:** | | | |
|---|---|---|---|
| | Никогаш или ретко | Понекогаш | Често или секогаш |
| Училиште | 8,3 | 28,9 | 62,8 |
| На патот од училиштето кон дома | 11,5 | 40,7 | 47,8 |
| Во автобус | 19,0 | 52,3 | 28,7 |
| На автобуска станица | 17,4 | 48,8 | 33,8 |
| Во твојата населба | 6,7 | 25,8 | 67,5 |
| Во други населби кои не се твојата | 24,1 | 58,2 | 17,7 |

Дополнително, зборувајќи за безбедноста на учениците, не е за запоставување процентот на ученици кои со себе носеле оружје во училиштето. Самото присуство на оружјето предизвикува потенцијал за манифестирање на насилно однесување, но дополнително создава и доживување на небезбедна средина. Ова може да е една од причините која влијае врз добиениот резултат дека само 62,8% од учениците се чувствуваат често, или секогаш безбедно во училиште.

Табела 3. *Проценти на одговори на прашањето за зачестеност на оружје во училиште*

| **Во изминатата година, според тебе, колкав процент од децата во твоето училиште носеле со себе:** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | До 25 % | Од 25% до 50% | Од 50% до 75% | Од 75% до 100% | Никој не носел вакво оружје |
| **Пиштол** | 5,9 | 5,8 | 1,0 | 1,8 | 84,6 |
| **Палка** | 16,2 | 8,4 | 3,4 | 3,1 | 68,9 |
| **Нож** | 26,9 | 10,3 | 4,8 | 6,3 | 51,7 |
| **Боксирач** | 29,8 | 8,1 | 6,8 | 7,2 | 48,0 |
| **Пендрек** | 13,6 | 5,8 | 2,6 | 3,0 | 75,0 |

При тестирањето на безбедноста, во однос на полот се покажа дека женските се чувствуваат почесто небезбедни. Најголема разлика се доби на локациите автобус и автобуска станица. Односно, 36,7% од машките и 63,3% од женските се изјасниле дека никогаш, или ретко дека се чувствуваат безбедно во автобус, а 39,9% машки и 60,1% женски се изјасниле дека никогаш, или ретко се чувствуваат безбедно на автобуска станица. Добиените резултати кои ја тестираа првата хипотеза одат во прилог на тоа дека хипотезата не се потврдува. При тестирањето дали постои разлика врз основа на типот на средината во која учат и колку безбедно се чувствуваат учениците, се покажа дека учениците од хомогено етничките училишта, главно, се чувствуваат понебезбедно, во споредба со учениците од етнички хетерогените средини.

Табела 4. *Проценти на одговори на прашањата за безбедноста на различни локации*

| **Колку безбедно се чувствуваш во:** | **Етнички хомогена средина** Проценти | **Етнички хетерогена средина** Проценти |
|---|---|---|
| **Училиште** | | |
| Никогаш, или ретко | 38,6% | 61,4% |
| Понекогаш | 23,4% | 44,2% |
| Често, или секогаш | 72,3% | 36,6% |
| **На пат кон дома** | | |
| Никогаш, или ретко | 8,2% | 20,6% |
| Понекогаш | 41,6% | 37,2% |
| Често, или секогаш | 50,2% | 41,3% |
| **Автобус** | | |
| Никогаш, или ретко | 16,2% | 26,9% |
| Понекогаш | 54,3% | 46,1% |
| Често, или секогаш | 29,4% | 26,5% |
| **Автобуска станица** | | |
| Никогаш, или ретко | 14,4% | 25,7% |
| Понекогаш | 49,5% | 46,7% |
| Често, или секогаш | 36,1% | 27,1% |

Во однос на искуството што го имаат учениците со носење оружје во училиштето, не постои разлика во однос на полот. При тестирањето дали постои разлика во однос на ова прашање врз основа на видот на средината, се покажа разлика само во однос на две категори. Поточно, 3,8% од учениците од хомогена етничка средина сметаат дека од 75%, до 100% деца од нивното училиште носеле нож со себе, во споредба со учениците од хетерогена етничка средина каде за оваа категорија се изјасниле 12,9% ученици. Втората категорија, во која постои разлика во однос на зачестеноста, е носењето боксирач, за која 4,4% од учениците од етнички хомогена средина сметаат дека од 75% до 100% деца од нивното училиште носеле боксирач со себе, во споредба со учениците од хетерогена етничка средина, каде за оваа категорија се изјасниле 14,7%. За останатите степени на зачестенот и видови на оружје, не постои поголема разлика во однос на типот на образовната средина.

### *II Дел – Манифестирано насилно однесување од страна на учениците*

Во овој дел се презентирани резултатите кои се однесуваат на насилно однесување од страна на учениците. Насилното однесување од страна на учениците е мерено преку прашањето колку често носеле оружје, но и тоа колку често имале искуство со повеќе насилни акти. Од испитаните оружја, учениците најчесто со себе носат нож. Според резултатите, учениците носат оружје со себе и во училиште. Ова, секако, придонесува за намалување на безбедноста во училиштата.

Табела 5. *Проценти на одговори на прашањето за зачестеноста на носење оружје*

| **Во изминатата година, дали ти...** | | |
|---|---|---|
| | Да (%) | Не (%) |
| Си носел со себе нож | 9,8 | 90,2 |
| Си носел со себе нож во училиште | 5,0 | 95,0 |
| Си носел со себе пиштол | 2,4 | 97,6 |
| Си носел со себе пиштол во училиште | 1,8 | 98,2 |
| Си носел со себе друг вид на оружје | 5,4 | 94,6 |
| Си носел со себе друг вид на оружје во училиште | 3,8 | 96,2 |

Според добиените резултати, може да се заклучи дека насилното однесување е присутно кај средношколците и тоа најчесто во форма на вербални караници. Од испитаните форми на насилно однесување, учениците најретко употребиле пиштол во насилните инциденти.

Табела 6. *Проценти на одговори на прашањето за зачестеноста на одредени насилни акти*

| **За да го одговориш прашањето, помисли на останатите деца во твоето училиште и населба. Во изминативе 30 дена, колку често...** | | | |
|---|---|---|---|
| | Никогаш | 1-2 пати | 3 или повеќе пати |
| Си имал вербална караница со некого? | 50,5 | 37,7 | 11,8 |
| Си имал физичка пресметка со некого? | 82,1 | 13,5 | 4,2 |
| Си турнал или удрил шлаканица некому? | 77,8 | 17,4 | 4,8 |
| Си му се заканил или си нападнал некого со: палка, шише, нож, боксирач, и сл. (но не со огнено оружје)? | 93,6 | 5,2 | 1,2 |
| Си му се заканил или си нападнал некого со пиштол? | 97,5 | 1,5 | ,9 |
| Си задевал некого со тоа што си го влечел за косата, облеката или си го терал да прави нешто што тој не сакал да прави? | 92,6 | 5,4 | 2,0 |
| Си ширел невистини и трачеви за некого со цел да го посрамотиш ? | 87,8 | 9,2 | 3,1 |

При тестирањето на разликите во насилното однесување меѓу машките и женските се покажа дека машките средношколци во поголема мера манифестираат насилно однесување. Овој наод е потврден во повеќе истражувања на оваа тема, вклучувајќи ги и резултатите од студијата спроведена на ученици од основно училиште во Македонија (Алгоритам Центар и Бирото за развој на образованието, 2009). Со ова се потрдува и првата хипотеза, според која машките средношколци манифестираат во поголем степен насилно однесување, во споредба со женските средношколки.

Табела 7. *Проценти на одговори на прашањето за зачестеноста на одредени насилни акти*

| | Никогаш | | 1-2 пати | | 3 или повеќе пати | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски |
| Си имал физичка пресметка со некого? | 36,8% | 63,2% | 70,2% | 29,8% | 62,9% | 37,1% |
| Си турнал или удрил шлаканица некому? | 39,3% | 60,7% | 53,4% | 46,6% | 52,6% | 47,4% |
| Си задевал некого со тоа шти си го влечел за косата, облеката или си го терал да прави нешто што тој не сакал да прави? | 42,5% | 57,5% | 34,8% | 65,2% | 52,9% | 47,1% |

При тестирањето на разликата во степенот на манифестирање на насилното однесување меѓу ученици од етнички хомогена и етнички хетерогена средина, се покажа дека не постои значајна рзлика во ниту една форма на насилно однесување. Подолу се претставени целосно разликите за секоја форма на насилно однесување врз основа на видот на училиштето.

Табела 8. *Проценти на одговори на прашањето за зачестеноста на одредени насилни акти*

| | Никогаш | | 1-2 пати | | 3 или повеќе пати | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Хомогено училиште | Хетерогено училиште | Хомогено училиште | Хетерогено училиште | Хомогено училиште | Хетерогено училиште |
| Си имал вербална караница со некого? | 47,3 | 59,1 | 41,5 | 27,1 | 11,1 | 13,8 |
| Си имал физичка пресметка со некого? | 83,4 | 79,3 | 13 | 15 | 3,7 | 5,7 |
| Си турнал или удрил шамар на некого? | 78,8 | 74,9 | 17,4 | 17,4 | 3,7 | 7,8 |
| Си му се заканил или нападнал некого со: палка, шише, нож, боксирач, и сл. (но не со огнено оружје)? | 95 | 89,7 | 4,2 | 8 | 0,8 | 2,2 |
| Си му се заканил или нападнал некого со пиштол? | 97,4 | 97,8 | 1,8 | 0,9 | 0,8 | 1,3 |
| Си задевал некого со тоа што си го влечел за косата, облеката или си го терал да прави нешто што тој не сакал да прави? | 92,8 | 92 | 5,3 | 5,8 | 1,9 | 2,2 |
| Си ширел невистини и трачеви за некого со цел да го посрамотиш ? | 87,6 | 88,1 | 9,8 | 7,5 | 2,6 | 4,4 |

### *III Дел – „Булинг” (оригинално: bulling) врз учениците*

„Булинг” врз учениците претставува насилно однесување кое може да се јави во најразлична форма, вклучувајќи ги и однесувањата кои не подразбираат физичка агресија. Најчесто „булингот“ се дефинира како употреба на супериорна сила за заплашување или принудување на изведување на неволни активности. Оваа појава е значаен индикатор кога зборуваме за насилството кај младите. Добиените резултати покажуваат дека врз учениците се манифестира „булинг”, при што најчеста форма е ширење невистини и гласини и задевање и исмејување.

Табела 9. *Проценти на одговори на прашањето за зачестеноста на претрпено насилно однесување*

| **За да го одговориш следното прашање, помисли на останатите деца, оние во твоето училиште и населба** | | |
|---|---|---|
| | Да (%) | Не (%) |
| Ти си бил удрен со тупаница, клоца, давен или претепан од некој друг? | 15,6 | 84,4 |
| Ти си бил нападнат со: палка, шише, нож, боксирач и сл. (но не со огнено оружје)? | 7,1 | 92,9 |
| Некој ви покажал дека носи пиштол со цел да ве заплаши или да сторите нешто што не сакате? | 6,8 | 93,2 |
| Те задевале или те исмејувале? | 21,6 | 78,4 |
| Ти праќале навредлив или исмејувачки e-mail, пораки, смс или пишувале коментари за тебе по социјални мрежи или веб портали? | 11,4 | 88,6 |
| Ширеле гласини и невистини за тебе | 34,2 | 65,8 |
| Кон тебе биле насочени сексистички коментари и гестикулации | 11,0 | 89,0 |
| Крределе од тебе | 16,9 | 83,1 |

При тестирањето на половите разлики во искуството на „булинг”, се покажа дека момчињата почесто од девојчињата имаат искуство со „булинг“. Овој резултат е очекуван кога ќе се земат предвид резултатите добиени во претходниот дел, каде машките ученици повторно покажуваат поголем степен на насилно однесување.

Табела 10. *Проценти на одговори на прашањето за зачестеноста на претрпено насилно однесување*

| **За да го одговориш следното прашање, помисли на останатите деца, оние во твоето училиште и населба** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да (%) | | Не (%) | |
| | Машки | Женски | Машки | Женски |
| Ти си бил удрен со тупаница, клоца, давен или претепан од некој друг? | 62,6% | 37,4% | 42,4% | 57,6% |
| Ти си бил нападнат со: палка, шише, нож, боксирач, и сл. (но не со огнено оружје)? | 76,3% | 23,7% | 39,7% | 60,3% |
| Некој ви покажал дека носи пиштол со цел да ве заплаши или да сторите нешто што не сакате? | 70,2% | 29,8% | 40,3% | 59,7% |

При тестирањето на разликите во искуството со „булинг” меѓу учениците од хомогени и хетерогени средини, се покажа дека не постојат значајни разлики. Овој наод повторно ја негира првата хипотеза дека учениците од етнички хетерогена средина манифестираат повисок степен на насилно однесување.

Табела 11. *Процент на одговори на прашањето за зачестеноста на посведочено насилно однесување*

| **Дали сте биле сведок на некоја од долунаведените ситуации** | | |
|---|---|---|
| | Да (%) | Не (%) |
| Некој му удрил некому тупаница, клоца или го давел | 48,4 | 51,6 |
| Некој се заканил или нападнал друг со: палка, шише, нож, боксирач, и сл. (но не со огнено оружје) | 27,9 | 72,1 |
| Некој се заканил со пиштол со цел да исплаши некој друг | 11,6 | 88,4 |
| Некој е застрелан со огнено оружје | 7,1 | 92,9 |
| Некој е убиен со насилство како: застрелан, изboден или претепан до смрт | 8,3 | 91,7 |

Достапноста на огнено оружје на малолетната популација законски не е дозволено. Застрашувачки е фактот кој покажува дека 47,7% од учениците сметаат дека е лесно да се набави пиштол. Ваквите резултати треба да претставуваат сигнализација за надлежната власт, со цел да се реагира за зголемување на безбедноста кај младите.

Табела 12. *Проценти на одговори на прашањето за перцепција на средношколците за достапност на пиштол*

| **Според тебе колку е лесно да се набави пиштол?** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Невозможно | Тешко | Релативно лесно | Многу лесно |
| **Процент (%)** | 14,3 | 38,0 | 34,3 | 13,4 |

Добиените податоци на ова прашање ја негираат првата хипотеза и покажуваат дека за средношколците од етнички хомогена средина е полесно да се набави пиштол, во споредба со средношколците од етнички хетерогена средина.

Табела 13. *Проценти на одговори на прашањето за перцепција на средношколците за достапност на пиштол*

| **Според тебе колку е лесно да се набави пиштол?** | | |
|---|---|---|
| | Етнички хомогена средина | Етнички хетерогена средина |
| Невозможно | 10,5% | 24,6% |
| Тешко | 36,8% | 41,2% |
| Релативно лесно | 39,6% | 19,7% |
| Многу лесно | 13,1% | 14,0% |

Позитивните наоди произлегуваат од резултатите кои покажуваат дека учениците во поголем број би пријавиле доколку се сведоци на некакво криминално дело. Сепак, индикативен е процентот на оние кои како услов за да пријават некакво криминално дело ја наведуваат анонимноста на идентитетот.

Табела 14. *Проценти на одговори на прашањето за реакција на средношколците во ситуација на посведочено криминално однесување*

| **Ако посведочиш на криминал, што би направил?** | |
|---|---|
| | **Процент (%)** |
| Би пријавил во полиција и доколку од мене бараат да го откријам мојот идентитет | 29,6 |
| Би пријавил во полиција, само доколку не бараат од мене да го откријам мојот идентитет | 36,6 |
| Би пријавил на друго место, каде не бараат од мене да го откријам мојот идентитет | 4,2 |
| Би им кажал на моите родители, наставник, советник или друг возрасен | 23,4 |
| Не би му кажал на никој возрасен или на надележните власти | 6,1 |

## ДИСКУСИЈА

Според добиените резултати може да се заклучи дека процентот на насилни форми кај средношколците е значаен. Иако дел од процентите сами по себе не се високи, сепак самата природа на проблематиката дозволува помала толеранција на застапеност на испитуваните прашања. Наодите укажуваат на чувство на небезбедност кај учениците, искуства со носење оружје во училиштата, искуство со некаква форма на насилство. Добиените наоди се дополнуваат на претходно спроведените истражувања кои укажуваат на тоа дека во основните училиша во Македонија, меѓу учениците се забележуваат разни форми на насилство. Истражувањето имаше за цел да испита две хипотези:

1. Во училишните средини од мешана етничка природа постои повисок степен на насилство кај учениците, во споредба со срединитe со хомогена етничка структура;
2. Машките ученици манифестираат повисок степен на насилно однесување во споредба со женските ученици.

Првата хипотеза од ова истражување не се потврди, односно се утврди дека не постои разлика во степенот на насилство меѓу учениците од етнички хомогена и хетерогена средина. Ваквите резултати можат да се должат на повеќе фактори. Еден од факторите кој може да влијае врз ваквата состојба е поделбата по смени врз основа на етничката припадност. Училиштата кои се хетерогени по нивниот етнички состав се поделени во смени, врз основа на етничката припадност. Учениците учат на различен јазик и имаат различни професори, во зависност на смената на која ѝ припаѓаат. Ваквата практика на училиштата, всушност, повторно креира етнички хомогена средина за самите ученици. Иако учениците од различен етнички состав учат во исто училиште, тие имаат мал

контакт еден со друг. Ваквата ситуација може да е една од причините која има придонесено да не се јави разлика помеѓу учениците. Секако, добиените резултати го поставуваат прашањето, дали насилните инциденти во меѓуетничките средини добиваат само поголемо медиумско значење, во споредба со насилните инциденти кои се јавуваат во етнички хомогените средини.

Втората хипотеза имаше за цел да ја тестира разликата меѓу момчињата и девојчињата во однос на насилното однесување. По добиените резултати, оваа хипотеза се потврди. Машките, во споредба со женските, манифестираат повисок степен на насилно однесување. Овие наоди се совпаѓаат со повеќето истражувања спроведени на оваа тема. Како фактори кои придонесуваат за ваквата состојба се наведуваат срединските фактори, како: обичаи, култура, норми и вредности, но и природните разлики меѓу половите.

Препораките во натамошните истражувања, со цел подетално да се испита проблематиката, би оделе во насока на продлабочено испитување на причините и мотивите за пројавување на насилно однесување кај младите во Македонија, како и тоа кои фактори влијаат врз манифестирање на истото.

## ЗАКЛУЧОК

Истражувањето покажа значаен степен на застапеност на насилно однесување меѓу средношколците во Скопје. Резултатите покажаа дека не постои разлика во степенот на манифестирано насилно однесување меѓу учениците кои учат во етнички хомогена и хетерогена средина. Дополнително, резултатите покажаа дека машките во повисок степен манифестираат насилно однесување.

Овие резултати претставуваат дел од севкупната анализа која, покрај насилство во училиштето, опфаќа насилство во местото на живеење и насилство во домот. Резултатите од овие теми ќе се објават од страна на МОФ, во дополнителна анализа.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Алгоритам Центар. (2009) Биро за развој на образованието. *Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија*

Светска здравствена организација. (2002) *Светски извештај за насилство и здравје,* Женева

Закон за основно образование, член: 3, 33, 53 и 64 („Службен весник на Република Македонија“, бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11)

Закон за средно образование, член 51 и 58-а („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11)

Закон за заштита на децата, член 2, 3-а, 9 („Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09, 51/11 и 157/11)

Бајрамовска Мустафа. (2012) *Насилство врз децата и меѓу нив,* Народен правобранител – Одделение за заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, Скопје

Boston Youth Survey Highlights. (2006) Harvard Youth, Boston

# ЗБОРОВНИ АСОЦИЈАЦИИ ВО РОМСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
# СПОРЕДБА НА ВРЕДНОСТИ МЕЃУ ДВЕ КУЛТУРИ

***Афродита Бојаџиева***
*Здружение за македонско-германско пријателство и соработка*

## ВОВЕД

Целта на оваа студија е да направи компаративна анализа на одредени културни вредности на Ромите и Македонците во Штип, со цел да ги истакне разликите и сличностите во перцепциите, вредностите и ставовите за специфични општествени прашања помеѓу припадниците на двете етнички заедници и да промовира мултикултурализам и развој на интеркултурната комуникација. Студијата се стреми со помош на методот на зборовни асоцијации да собере и анализира податоци за културно-специфични модели на размислување и да допре до сличностите и разликите во начинот на концептуализација на одредени поими во двете различни култури, како и нивно класифицирање во шеми и категории.

Истражувањето вклучува вовед во темата, теоретска рамка и методологија којашто е користена, како и детална анализа на наодите од истражувањето.

## ТЕОРЕТСКА РАМКА

Односот меѓу јазикот којшто се зборува и перцепциите на индивидуите коишто го зборуваат е тема на многу современи дискусии. Според номиналистичкиот пристап, јазикот не ја обликува перцепцијата на зборувачите, туку јазикот е арбитрарна, надворешна форма на мислење. Сите луѓе размислуваат, а со помош на јазикот, како систем од арбитражни симболи може да ги изразат своите мисли на различни начини, при што секоја мисла може да се изрази на било кој јазик (независно од тоа дали во едниот ќе се користат повеќе зборови или различни структури). Според овој пристап, постоењето на различни јазици не значи дека луѓето имаат различни начини на размислување и различни концептуални светови. Релативистичката позиција, од друга страна, стои зад тврдењето дека јазикот којшто индивидуата го зборува, посебно структурата на тој јазик, влијае и ги детерминира и мисловните процеси, перцепциите на реалноста и други важни културни компоненти. Според хипотезата Сапир-Ворф, јазикот не е само средство за изразување на идеи, туку и креатор на идеи и мисловни процеси:

> „Јазикот не е само помалку или повеќе систематски опис на различните елементи на искуствата, кои се чини дека се релевантни за поединецот, како што често се претпоставува. Тој, исто така, претставува и автономна, креативна, симболичка организација, која не само што се однесува на искуството што е во голема мера стекнато без негова помош, туку, всушност, го дефинира искуството за нас поради неговата официјална комплетност и поради нашата несвесна проекција на имплицитните очекувања во полето на искуствата.“ (Sapir 1931, цитирано по Велева, 2011, стр. 112)

Од хипотезата Сапир-Ворф произлегува дека јазикот е многу повеќе од збир на арбитражни симболи кои индивидуата ги користи како алатка да ги изрази своите идеи, туку тој е и објектив низ кој се восприема реалноста. Тие дури одат до таму што тврдат дека скоро сѐ што перцепираме и мислиме зависи од јазикот којшто го зборуваме (Велева, 2011, стр. 113). Сапир-Ворф хипотезата имаше големо влијание врз интеркултурните истражувања поради тоа што се занимава со прашањето дали сите луѓе го наследуваат истиот перцептуален свет и истата социјална реалност. Меѓутоа, оваа теорија често е и критизирана од страна на многу истражувачи. Стивен Пинкер, на пример, ја критизира Сапир-Ворф хипотезата поради нејзиното поедноставување на врската помеѓу јазикот и перцепцијата и го отфрла тврдењето дека јазикот којшто го зборуваат луѓето ги насочува да размислуваат на одреден начин. Од друга страна, тој ја отфрла и номиналистичката позиција. Според него, значењето на зборовите зависи од основната рамка на основните когнитивни концепти. На пример, граматичките времиња на глаголите кои ја обликуваат нашата смисла за време, се различни во различни јазици, како што и именките кои се израз на нашето чувство за ствари. Пинкер тврди дека сите јазици имаат можност да изразат идеи, верувања и желби, а од сите можни опции што им стојат на располагање, корисниците избираат како сакаат да го изразат она што го

мислат. Оваа теорија нуди средина помеѓу двете горенаведени и поради тоа нуди добра основа за долуспроведената анализа. (сп. Martin, Judith N, and Thomas K Nakayama, 2010, стр. 221f.)

Она што може да се заклучи е дека каква и да е врската помеѓу јазикот и културата, јазикот е начин преку кој индивидуите ги изразуваат своите мисли во културно-прифатен код и поради тоа анализата на јазикот на одредена индивидуа може да ги отслика неговите сфаќања и вредности. Културниот лингвист Палмер (Palmer 1996) и когнитивните антрополози Штраус и Квин (Strauss & Quinn, 1997) го препознале фактот дека знаењето отелотворено во концептуалните системи и рефлектирано во јазикот, всушност е длабоко сместено во културата и дека преку јазикот може не само да се откријат когнитивно-концептуални структури, туку може да се добијат информации и за културното знаење и неговото влијание врз некои погенерални шеми на концептуализација.

Двете најважни категории во теоријата на културата и концептуализацијата се категорија и шема. Културните шеми откриваат тематски или редоследни врски и претставуваат структури од концепти кои им помагаат на индивидуите да ги складираат информациите што ги воспириемаат секојдневно и со помош на овие концепти да ги анализираат нивните културни искуства. Категориите откриваат хиерархиски структури на ниво на надреден, основен и подреден. Заедничко за шемите и категориите е тоа што двете се базираат на асоцијации. Тие се развиваат и формираат преку процесот на асоцирање и поврзување на еден коцепт со друг. Според Палмер, луѓето не ги групираат концептите во хиерархиски таксономии, туку тие ги поврзуваат концептите едни со други со помош на асоцијации, при што градат мрежа од поими кои ги означуваат со еден надреден поим. Што се однесува на шемите, луѓето асоцираат различни настани еден со друг заради некое нивно слично или исто својство, од кои извлекуваат образец кој се нарекува шема. (Sharifian, 2001)

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како основа на истражувањето е земена зголемената употреба на методот на зборовни асоцијации во крос-културните студии, коишто имаат за цел да утврдат разлики и сличности помеѓу две или повеќе култури. Методот вклучува еден испитувач, кој им дава на испитаниците различни стимул-зборови, а тие треба да одговорат со првиот збор што ќе им падне на памет. Според Паум Меара, интересното во методот не е раширеното мислење дека на овој начин се откриваат потсвесните мисли на испитаниците, туку дека одговорите се лесно предвидливи. Практично во користењето на овој метод е и што според Маера користењето на поголеми групи не врши големо влијание врз резултатот и врз шемата на одговори. (Korshuk, 2005)

Од овие причини, овој метод денес често се користи и во културни студии поради тоа што претставници на различни култури и зборувачи на различни јазици нудат важни информации за:

- Семантичките релации помеѓу стимул-зборовите и зборовните асоцијации коишто тие ги активираат

- Културни стереотипи и однесувања
- Прототипи
- Архетипи, итн.

(Gerganov & Kyuchukov, 2005, стр. 54)

Потенцијалот што го нуди овој метод го препознаваат Чарлс Е. Осгуд и Томас А. Шебук, кои велат дека зборовите коишто често се јавуваат како одговор на асоцијации вршат поголемо влијание или имаат поголемо значење за припадниците на одредена култура, отколку зборовите коишто поретко се јавуваат. (Osgood & Sebeok, 1965, стр. 117) Во студијата, пак, на Лоранд Б. Сцалеј се поставува целта „да се развие експериментално метод за собирање и анализа на податоци за културно-специфични мисловни модели и вербално однесување, со цел да се постигне поефикасна и убедлива интеркултурна комуникација". „Во експериментот се спроведени тестови со зборовни асоцијации меѓу корејски, колумбиски и американски студенти... . Различните културни групи дадоа значајно различни одговори откривајќи јасни и, во голема мера, културно-специфични димензии. Ова укажува дека зборовните асоцијации обезбедуваат солидна основа за културна анализа." (Szalay et. al., 1965, стр. 3-4)

***Истражување***

Истражувањето се изврши во месец октомври 2013, и учествуваа случајно избрани 30 Роми (од кои 17 машки и 13 женски) и 30 Македонци (од кои 15 машки и 15 женски), со место на живеење во Штип, на возраст помеѓу 18 и 30 години. Тестот се одвиваше на мајчиниот јазик на испитаниците, кои добиваа стимул-збор на којшто требаше да одговорат во најкраток можен рок со асоцијација. Беа користени 41 збор од ромскиот/македонскиот јазик како стимули. Сите се преземени од 100-те стимул-зборови дадени во тестот за зборовни асоцијации на Кент и Росаноф. Од причина што истражувањето ја следи целта да лоцира различни концептуални системи, дозволени беа повеќе одговори, фрази или било каква лингвистичка единица, како реакција на стимулот. Интерпретативната фаза се карактеризира со квалитативна интерпретација на податоците, и анализа на одговори со висока и ниска фреквенција на асоцирање. Стимул-зборовите беа избрани на тој начин што отсликуваа одредени димензии во културата, поврзани со дадените хипотези. Премисата е дека асоцијациите покажуваат врски помеѓу зборовите и ги одразуваат односите помеѓу поимите и животните искуства. Доколку еден стимул буди честа асоцијација за одреден поим, тоа значи дека врската е прилично стабилна и е од значење за објектот. Јазиците ги одразуваат и обликуваат културите, следствено и врските помеѓу зборовите, исто така, рефлектираат културни модели. (сп. Korshuk, 2005)

Треба да се напомене дека разликата помеѓу пристапите кон зборовните асоцијации во студиите во 50-тите и 70-тите години на 20. век и тенденциите во модерните студии е дека денес повеќе внимание се посветува и на одговорите со средна и ниска фреквенција, наместо оние со највисока фреквенција. Ова претставува начин да се дознае повеќе за некои суптилни разлики помеѓу културите, во кои субјектите се социјализирани. (Korshuk, 2005)

***Хипотеза***

Поради недостаток на детална анализа на културните димензии на Ромите и Македонците, а потпирајќи се врз досегашните истражувања на оваа тема, може да се заклучи дека ромската култура е колективистичка, мажествена, со висок степен на јаз во моќта и со мала мера на избегнување на несигурноста. Претпоставка е дека при истражувањето резултатите кои ќе произлезат од споредбата на културните модели, ќе се одликуваат со поголем индекс на колективизам (се очекува одговорите на Ромите да опфатат поголем и поширок фамилијарен круг), култура насочена кон машкоста (во оваа категорија се очекуваат слични одговори и асоцијации во корист на тезата дека и македонската и ромската култура се базираат врз патријархално уредени односи), поголем степен на прифаќање на нееднаквоста и неправдата во општеството во ромската, отколку во македонската култура (хиерархискиот ред се прифаќа како таков без дополнителна оправданост) и понизок степен на избегнување на неизвеност (во ромската култура нема строги кодови на верување, туку поопуштен став во кој праксата е поважна, отколку принципите).

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Како основа за изведување на хипотезите и класификација на резултатите од истражувањето е земен моделот на Хофстеде и следните четири димензии: индивидуализам/колективизам, мажественост/женственост, јаз во моќта и избегнување на неизвесноста. Првата димензија се однесува на тоа дали културата е структурирана според принципот на припадност на заедницата или повеќе се истакнуваат личните карактеристики и самостојноста на индивидуите. Втората димензија се однесува на поделеноста на улогите на мажот и жената во културата и изразување на емоции. Третата димензија, јаз во моќта, се однесува на степенот на покорност кон авторитети и прифаќање на дадениот хиерархиски ред во општеството. Четвртата димензија се карактеризира со различен степен на избегнување на несигурноста и пристап кон непознатото. Моделот обезбедува релативно општа рамка за анализа и е особено корисен бидејќи ја претопува комплексноста на културата и нејзините реакции во релативно лесно сфатливи културни димензии. (Велева, 2011, стр. 141)

Во продолжение ќе бидат анализирани одговорите на одредени стимул-зборови, кои се покажа дека имаат значење и даваат информации за културните димензии на двете култури.

***Колективизам/индивидуализам***

Индивидуализамот се карактеризира со разлабавени врски меѓу поединците, за секој се очекува да се грижи за себе или неговото/нејзиното непосредно семејство. Колективизмот, како негова спротивност, се однесува на општества во кои луѓето се интегрираат во цврсти групи кои во текот на целиот живот луѓето продолжуваат да ги штитат, во замена за апсолутна лојалност. (Hofstede 1994, цитиран по Велева, 2011, стр.140) Колективистичката ориентација се потпира врз фамилијата и пошироката фамилија, како и врз било каква групна структура. „Ние" групата е извор на идентитетот и лојалноста. Индивидуалистичката ориентација се карактеризира со истакнување на личните карактеристики, а целта е себеостварување. Сликата на општеството во оваа димензија се рефлектира во тоа дали луѓето себеси се дефинираат како „јас" или како „ние". (Gerhard Hofstede Dimensions)

Истражувањето поаѓа од претпоставката дека ромската култура се карактеризира со поголем степен на колективност, отколку македонската. Во двете култури се очекуваше дека ќе се појават повеќе асоцијации поврзани со фамилијата, но дека одговорите на Ромите ќе опфатат поголем и поширок фамилијарен круг. Од спроведеното истражување може да се заклучи дека и во двете култури фамилијата зазема важно место, бидејќи и во двете култури се јавуваат одговори поврзани со семејството на различни стимули, меѓутоа дека асоцијациите на фамилија кај македонските испитаници се почести (види Табела 1).

Кај Македонците се јавува вкупно 51 одговор, а кај Ромите 26, кои се поврзани со концептот на семејство. Стимулот *„куќа"* кај Македонците буди поголема асоцијација (80%) на „семејство", „фамилија", „дом", „домаќин", отколку кај Ромите, каде 24% одговориле со „фамилија", додека останатокот асоцирал на градежниот дел од куќата, како: „ќерамиди" (3), „цигли", „оџак" (4), „покрив" (4), „зграда" (1).

Изненадувачки е фактот дека и во двете култури како одговори беа дадени релативно малку или само членови на потесната фамилија. Но, во македонските одговори почесто се јавуваат членови на семејство, отколку во ромските. Па, така, во македонските анкети се јавува „сестра" (2), „сопруг" (7) и „сопруга" (2), „татко" (2), „мајка" (6), „сестра" (3), „дедо" (1), како дел од фамилијата, додека во ромските има асоцијации само на „татко" (14), „мајка" (2), „свекрва" (2). Членови на поширокиот круг на фамилијата не беа наведени како одговор на било кој стимул.

Што се однесува на припадноста на одредени групи, освен фамилијата, ќе се осврнеме на стимулот *„рака"*. Овој стимул кај Македонците се концептуализира како „помош" (5) и „поддршка" (1), „пријател" (2) и „другарство" (1). Иако „пријател" не се споменува како одговор на стимулот *„рака"*, сепак може да се забележи дека кај Ромите често се споменуваше одговорот „другар" (7), но на стимулот „свирка". Па така, кај Ромите се јавуваат вкупно 7 одговори „другар", а кај Македонците 3 одговори на три различни стимули („маж", „момче", „рака").

Извор на информации за оваа димензија се одговорите на стимулот *„граѓанин“,* при што бројот на одговори на македонските испитаници кои се однесуваат на личности во еднина: „човек“ (4), „селанец“ (1), „поединец“ (1), „државјанин“ (1), „сограѓанин“ (1), „малограѓанин“ (1) е изедначен со колективните именки, како: „луѓе“ (2), „мнозинство“ (1), „маса“ (1) „народ“ (1), „држава“ (3) „општество (1). Во ромските одговори на стимулот *„граѓанин“* преовладуваат одговори, како: „луѓе“ (6) и „држава“ (6), како и зборови, како: „митинг“ (5), „гласање“ (5) и „избори“ (3), кои, исто така, се во корелација со поимот држава и колективизам. И двете култури повеќе се гледаат низ призмата на „ние“ групата, а реакцијата „јас“ се јавува само 5 пати кај Македонците како реакција на различни стимули („радост“, „кревет“, „маж“, „проблем“, „крадец“), а кај Ромите ниту еднаш. Освен тоа, именувањето на конкретни личности (одговори кај Македоците на различни стимули: *„темнина* - Хичкок“, *„правда* - Рамбо“, *„жена* - Моника Белучи“, *„момче* - Оливер Твист“ *„граѓанин* - Орсон Велс“, *„колиба* - Хајди“, *„лав* - Толстој“), алудира на тоа дека Македонците повеќе се заинтересирани за индивидуалци, отколку Ромите, каде индивидуални имиња воопшто не се споменуваат.

Табела 1. *Број на појави каде наведените стимули предизвикале одговор поврзан со семејство*

| Стимули | Македонци | Роми |
|---|---|---|
| Жена | 12 | 7 |
| Спие | 4 | 4 |
| Бебе | 2 | / |
| Граѓанин | 1 | / |
| Свирка | 1 | 1 |
| Тивко | / | 1 |
| Радост | 1 | 5 |
| Удобност | 2 | / |
| Куќа | 25 | 8 |
| Колиба | 3 | / |
| Глава | 3 | / |
| Рака | 1 | / |
| Земја | 1 | / |
| Улица | 1 | / |
| Проблем | / | 3 |
| Лав | / | 1 |
| Маж | 3 | 7 |
| Наредба | / | 3 |
| Правда | / | 2 |
| Работење | / | 1 |
| Сон | / | 1 |
| Спие | / | 4 |

### *Мажественост/Женственост*

Машкоста се однесува на општества во кои социјалните родови улоги јасно се разликуваат (т.е. мажите би требало да се силни и фокусирани на материјален успех, додека жените би требало да се скромни, нежни и да се занимаваат со квалитетот на животот); женственоста, пак, се однесува на општества во кои и мажите и жените би требало да се поскромни, нежни и загрижени за квалитетот на животот. (Hofstede, 1994, цитирано по Велева, 2011, стр. 141)

Главните разлики меѓу женствени и мажествени култури може да се сумираат на следниов начин:

Табела 2. *Карактеристики на културната димензија мажественост/женственост*

| Женственост | Мажественост |
|---|---|
| Односите со луѓето и квалитетот на животот се важни | Заработката, предизвикот, признавањето и напредокот се важни |
| И жените и мажите треба да бидат скромни | Мажите треба да бидат со натпреварувачки дух, амбициозни и силни |
| Во фамилијата и мажите и жените се занимаваат со чувствата | Во фамилијата татковците се занимаваат со фактите а жените со чувствата |
| Машките и женските деца си играат од исти причини | Машките деца играат за да се натпреваруваат, женските за да бидат заедно |

(Hofstede 2010)

За нашата натамошна анализа ќе се фокусираме на стимул-зборовите *„маж“ и „жена“*. Генерално, може да се заклучи дека и двете култури се повеќе ориентирани кон мажественоста, што значи дека мажите се перцепираат и во двете култури како посилна страна, силата и главата на фамилијата, додека жените се понежната страна и се грижат за домаќинството.

На стимулот *„маж“* се јавуваат различни одговори, при што женските македонски испитаници најчесто одговараат со „сопруг“ (5), „брак“ (1), „половина“ (1), што би можело да зборува во прилог на тезата за поголема еднаквост меѓу двата пола, меѓутоа одговорите „наредба“ (1) и „сигурност“ (1) откриваат концепт за мажот за член на фамилијата, кој фигурира како заштитник на семејството. Одговорите на машките македонски испитаници ја потврдуваат оваа теза со одговорите: „газда“ (1), „глава“ (1) (на фамилијата), „моќ“ (1), „предност“ (1), „силен“ (1), кои го концепираат мажот како силен, моќен и глава на фамилијата.

Кај ромските испитаници, жените одговориле на стимулот *„маж“* со: „пари“ (2), „работа“ (1), „мускул“ (1), „домаќин“ (1) и „снага“ (1). Одговорите на машките ромските испитаници само ги потврдуваат концептите кои се јавуваат и кај жените, најчести одговори се: „работа“ (5), „пари“ (1), „мускул“ (1). И кај мажите и кај жените во ромската култура мажот стои за заштитник на фамилијата и е одговорен за семејството како и за обезбедување на неговата егзистенција.

На стимулот *„жена“,* македонските женски испитаници одговараат со: „сопруга“ (2), „домаќинка“ (2) и „мајка“ (4). Слични одговори се среќаваат и кај мажите, но овде се става акцент на надворешниот изглед на жената и се опишува со: „убавина“ (3) или „убаво“ (1), како и со придавки, како: „дебела“ (1) и „згодна“ (1). Очигледна е поделбата на улогите помеѓу маж и жена, при што жената повеќе се поврзува со домаќинството и децата.

Слични одговори се среќаваат и кај ромските женски испитаници на стимулот *„жена“*: „куќа“ (1), „фамилија“ (1), „чисти“ (1), „јадење“ (2). Машките ромски испитаници освен споменатите асоцијации („куќа“ (3) и „јадење“ (3) ) додаваат карактеристики поврзани со надворешниот изглед: „гради“ (1), „очи“ (1), „штикли“ (1), „убавина“ (1), „убаво“ (2) „секс“ (1). Во прилог, во Табела 3 и 4, се прикажани стимули и број на реакции кои тие ги предизвикале поврзани со жена/маж.

Табела 3. *Број на појави кога наведените стимули предизвикале одговори „жена/девојка“*

| Стимули | Македонци | Роми |
|---|---|---|
| Радост | 1 | / |
| Убаво | 3 | 12 |
| Момче | 6 | / |
| Бело | 1 | 1 |
| Маж | 2 | 3 |
| Граѓанин | 1 | / |
| Проблем | / | 1 |
| Тешко | / | 1 |

Табела 4. *Број на појави кога наведените стимули предизвикале одговори „маж/момче“*

| Стимули | Македонци | Роми |
|---|---|---|
| Жена | 1 | 1 |
| Глава | 1 | / |
| Наредба | / | 1 |
| Убаво | / | 1 |
| Работење | / | 2 |
| Девојка | 1 | 2 |
| Радост | / | 5 |
| Спие | / | 2 |

Податоци за улогата на мажот и жената во семејството може да се добијат и од асоцијациите поврзани со фамилијата. Кај ромските одговори се среќава 14 пати одговорот „татко“, наспроти 2 одговора кај Македонците. Одговорот „мајка“ се јавува во 5 македонски и 2 ромски одговора. Во Табела 5 и 6 се дадени стимулите кои предизвикуваат асоцијации „татко“, односно „мајка“.

Табела 5. *Број на појави кога наведените стимули предизвикале одговор „татко“*

| Стимули | Македонски | Ромски |
|---|---|---|
| Маж | 2 | 6 |
| Наредба | / | 3 |
| Правда | / | 2 |
| Работење | / | 1 |
| Сон | / | 1 |
| Спие | / | 1 |

*Табела 6. Број на појави кога наведените стимули предизвикале одговор „мајка“*

| Стимули | Македонски | Ромски |
|---|---|---|
| Жена | 5 | 2 |

***Јаз во моќта***
Се дефинира како степен до кој помалку моќните членови во општеството очекуваат и прифаќаат дека моќта е различно дистрибуирана (Велева, 2011, стр. 140). Основно прашање е како општеството ја третира нееднаквоста меѓу луѓето. Луѓето во општества со висок степен на јаз во моќта го прифаќаат хиерархискиот ред во кој секој има свое место без дополнителна оправданост. Во општества со низок степен на јаз во моќта, луѓето се трудат да ја изедначат распределбата на моќта и бараат оправдување за нееднаквоста. (Gerhard Hofstede Dimensions)

Од добиените резултати може да се заклучи дека и двете култури се карактеризираат со висок степен на јаз во моќта, врските надреден-подреден, сѐ со јасна зависност на подредениот, независно дали тоа ќе биде кон претпоставениот на работа, во армијата или државата. Спротивно на очекуваното, резултатите укажуваат на тоа дека ромската култура е повеќе ориентирана кон акција и преземање иницијатива во однос на нееднаквоста во општеството (стимул: *„правда“*).

Степенот на покорност се рефлектира во односот професор-студент; претпоставен-подреден; авторитет-граѓанин. Поаѓајќи од ова тврдење, ќе се разгледаат повеќе стимули.

На стимулот *„наредба“*, најголемиот дел од македонските испитаници одговориле со: „работа“ (3), „претпоставен“ (2), „шеф“ (4) или „директор“ (2), т.е. наредби од сферата на работата. Исто така, голем број испитаници со „наредба“ го поврзуваат концептот на армија: се среќаваат одговорите „командант“ (1), „офицер“ (1), „војска“ (2), „полиција“ (1). Поконкретни информации нудат асоцијациите „извршување“ (2), „обврска“ (1), „задолжување“ (1), „закон“ (1) и „заповед“ (1), кои ја дефинираат „наредбата“ како „заповед која е дадена како таква и не бара дополнителна оправданост за да се изврши. Кај ромските испитаници се среќаваат слични асоцијации, претежно поврзани со работата [„газда“ (5), „газдарица“ (2), „работа“ (2), „шеф“ (5), „шефица“ (2)], меѓутоа наредбите кај Ромите може да доаѓаат и од членови во фамилијата, како: „татко“ (3), „маж“ (1) и „свекрва“ (1), што дава информации за структурата и хиерархијата на ромското семејство.

Голем број од македонските испитаници, на стимулот *„војник“* одговориле со: „војна“ (8), „слобода“ (2) и „одбрана“ (1), што покажува дека најчесто војниците се асоцираат со состојба на војна или одбрана на државата во случај на војна. Останатиот дел од одговорите се особини кои го карактеризираат војникот: „ред“ (1), „дисциплина“ (2), „должност“ (1), „чесност“ (1). Ромските одговори го поврзуваат војникот со неговото оружје: „пушка“ (7), „пиштол“ (3), „снајпер“ (1), а само еден, со „војна“. Исто како и кај Македонците, војникот означува сигурност, но и должност кон државата [„бранител“ (3), „должност“ (2)].

Реакциите на стимулот *„правда“* се следни: најголем дел од одговорите на Македонците (34%) се, „нема“ (8) или „Калимеро“ (2). Карактеристично за оваа асоцијација е ставот за немањето правда во светот и помиреност со тоа. Калимеро е лик од цртан филм, а се среќава и терминот Калимеро комплекс, со што се означуваат личности кои сметаат дека целиот свет е против нив.

Најголем дел од Ромите го поврзуваат зборот правда со: „суд“ (9), „адвокат“ (7) и „судија“ (2), (вкупно 60%), што покажува помала помиреност со неправдата и поголема ориентираност кон акција.

### *Степен на избегнување на несигурноста*

Оваа културна димензија го прикажува степенот до кој членовите на општеството се чувствуваат загрозени од неизвесноста и несигурноста. (Велева, 2011, стр. 141) Главното прашање е дали треба/може да ја контролираме иднината или, едноставно, да оставиме да се случи. Културите кои се одликуваат со висок степен на избегнување на несигурноста се одликуваат со строги кодови на верување и однесување и се нетолерантни кон неопштоприфатените однесувања и идеи. Оние култури со низок степен на избегнување на несигурноста се одликуваат со порелаксирано однесување во кое праксата е поважна од принципите. (Gerhard Hofstede Dimensions) Во прилог се сумирани некои карактериски на културите со низок и висок степен на избегнување на несигурноста.

Табела 7. *Карактеристики на културната димензија избегнување на несигурноста*

| Карактеристики на култури со понизок степен на избегнување на несигурноста | Карактеристики на култури со повисок степен на избегнување на несигурноста |
|---|---|
| Низок степен на стрес и на грижа | Висок степен на стрес и на грижа |
| Не се искажуваат чувствата на агресија и емоции | Агресија и емоции треба да се искажува соодветно на ситуацијата |
| Она што е различно е предмет на љубопитност | Она што е различно е опасно |
| Семејниот живот е релаксиран | Семејниот живот е стресен |

(Hofstede, 2010)

Појдовната хипотеза дека ромската култура се карактеризира со понизок степен на избегнување на несигурноста во споредба со македонската беше отфрлена, поради тоа што резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека во ромската култура се забележува повисок степен на стрес и грижа како и построг код на верување.

Најголем дел од одговорите на стимулот *„проблем“* може да се сместат во афективната категорија. Тоа се одговори што покажуваат мислење или минато искуство на испитаниците. На пример, помладите како проблеми ги наведуваат: „факултетот“ (2), „испитот“ (1), „училиштето“ (2), а повозрасните, „работата“ (1). Интересен е податокот дека 5 испитаници одговориле со „решение“, што значи дека ставот дека за секој проблем има решение е присутен кај Македонците. Кај Ромите, исто така, се среќаваат одговори од афективната категорија. Она што им претставува заеднички проблем на Ромите и Македонците е: „испит“ (1), „професор“ (1), „да положам“ (2), но кај Ромите дополнително се јавуваат одговори: „пасош“ (5), „граница“ (5), „пари“ (1), кои воопшто не се

споменуваат кај Македонците. Освен тоа, кај Ромите имаме и одговори поврзани со судството: „полиција“ (3), „адвокат“ (2).

За концепот *„болест“* и во двете култури се поврзуваат претежно поимите, како: „болница“ и „доктор“. И во двете се јавува и концептот „смрт“ (2 мак., 1 ром.), меѓутоа кај Ромите поголем акцент е ставен на конкретни болести, како: „рак“ (6) и „грип“ (8), кои во македонскиот воопшто или само еднаш се споменуваат, „рак“ (1). Освен тоа, кај Македонците се буди и асоцијацијата „лек“ (2), што е попозитивен пристап кон болеста, што кај Ромите воопшто не се јавува. Слични одговори се јавуваат и за стимулот *„доктор“,* каде двајца македонски испитаници одговориле со „лек“, наспроти ниту еден одговор кај Ромите.

Најважни информации за оваа димензија и простор за интерпретација остава стимулот *„религија“*. Иако беше очекувано во ромската култура да нема строг код на верување, одговорите го посочуваат токму спротивното. На овој стимул Ромите едногласно одговориле со ислам (сите 30 испитаници). Одговорите се поклопуваат и со податокот дека сите испитаници се изјасниле како припадници на исламската вероисповед. Кај Македонците се јавуваат различни одговори, и иако најголем дел се поврзани со христијанството: „христијанин“ (4), „Велигден“ (1), „Господ“ (1), „црква“ (3), „поп“ (1), „крст“ (1), голем дел од одговорите се со поопшти пристапи, како: „вера“ (2), „верба“ (4) и „надеж“ (1), кои не мора да се однесуваат на христијанството. Освен тоа, два испитаника освен христијанството одговориле со „сите религии“ (1), „будизам“ (1), „ислам“ (1), а два не дале никаков одговор. Овде треба да се напомене дека 28 од испитаниците се со христијанска вероисповед, а двајца се изјасниле како, друго. Сепак, од горенаведените одговори, како и од одговорите, како: „манипулација“ (1), може да се заклучи дека кај Македонците владее поопуштен став во врска со ова прашање, додека кај Ромите има строг код на верување. Освен стимулот *„религија“,* каде поради самата концептуализација на стимулот се очекувани реакции поврзани со верскиот код, и во двете култури се јавуваат религиозни концепти, како реакција на различни стимули. Кај Македонците се јавуваат како одговор на стимулот „бело“ [одговори: „ангел“ (1) и „рај“ (1)], додека кај Ромите се поврзуваат стимулите „правда“, „здравје“ и „страв“ со Господ (вкупно 4 одговори).

Прашањето дали треба да се трудиме да ја контролираме иднината или да ја оставиме да се случи се отсликува во поимите оптимизам и песимизам. Оптимизмот и песимизмот рефлектираат до кој степен луѓето имаат генерализирани очекувања за нивната иднина и се дефинираат како психолошки димензии, при што оптимизмот репрезентира склоност кон перцепции и очекувања во корист на позитивни резултати во животот а песимизмот обратно. Според некои истражувања оптимизмот е поврзан со пониско ниво на избегнување на несигурноста и со поголем степен на ослободување и совладување на проблемите (Carver et. al 2010, стр. 879). Од анализата на стимулите: *„црно“, „бело“, „проблем“, „болест“ и „религија“* може да се донесе заклучок дека

Македонците имаат пооптимистички став кон животот и нивната култура се карактеризира со понизок степен на избегнување на несигурноста.

Според Герганов (Gerganov & Kyuchukov, 2005, стр. 63) црното и белото, денот и ноќта се културни симболи кои доминираат во митовите, ритуалите и фолклорот на многу народи и е лесно да се претпостави дека во нивни рамки еден ќе игра поголема улога од другиот во свесноста на репрезентациите на дадена култура. Од анализата на собраните податоци може да се заклучи дека на стимулот *„црно“*, најчести одговори кај Македонците се: „смрт“ (4), „погреб“ (1) и „жалост“ (3), најверојатно поради постојната традиција на погреби да се носат црни алишта и перцепцијата на црната боја како боја на жалост. Антонимот „бело“ се јавува само во два одговора (7%). *„Бело“*, пак, кај Македонците буди асоцијации на: „снег“ (7) и „невеста“ (4). Очигледна е поврзаноста поради белата боја на снегот и на невестинскиот фустан. „Црно“ како одговор на стимулот *„бело“* не се јавува во ниту еден одговор.

Најголем дел од одговорите на испитаниците Роми на стимулот *„црно“* се поврзани со: „темнина“ (6), „вечер“ (2) и „месечина“ (2). Антонимот „бело“ се јавува кај само еден испитаник. Стимулот *„бело“* ги асоцира 44% од испитаниците на „невестински фустан“ (13), а „црно“ се јавува само во еден одговор.

Иако „бело“ како асоцијација на „црно“ се јавува во многу мал број одговори, сепак е специфична карактеристика поради тоа што кај Македонците се буди асоцијацијата „црно-бело“, но не и „бело-црно“. Ова значи дека „црно“ во оваа двојка варира како прототип и полесно активира „бело“, а „бело“ не активира „црно“, со што се заклучува дека припадниците на оваа култура пооптимистички гледаат на животот. Интересен е податокот дека во одговорите на Ромите се јавува и зборот „живот“ (2), при што се прави колокација на синтагмата црн живот.

Веќе на неколку наврати спомнавме дека во одговорите на Ромите често среќаваме асоцијации од сферата на судството: „суд“, „судија“, „судница“, „затвор“, „адвокат“ (види Табела 8).

Табела 8. *Број на појави кога наведените стимули предизвикале одговор „судство“*

| Стимули | Македонски | Ромски |
|---|---|---|
| Правда | 8 | 21 |
| Наредба | / | 2 |
| Проблем | / | 7 |
| Крадец | 3 | 16 |
| Темнина | / | 1 |

Честата употреба на овие зборови како одговор на различни стимули остава место за интерпретацијата дека Ромите почесто имаат проблеми со судството отколку Македонците. На пример, на стимулот *„проблем"* се јавуваат дури 7 реакции поврзани со судството, во споредба со Македонците каде нема ниту еден. Освен тоа, разликите може да се востановат и во концептуализацијата на стимулот *„крадец"*. Во македонската култура концептот се темели врз морална анализа и фокусот се става на концептот на осуда, а најчестите одговори се: „лоши особини" (1), „пакосник" (1), „манијак" (1), „арамија" (3) и „ајдук" (1). Одговорите „затвор" (2) и „ќотек" (2), се однесуваат за конкретната казна за кршењето на законот.

Кај Ромите најголем дел од одговорите се центрираат околу концептот на казна: „затвор" (10), „трча" (4), „полиција" (3), „проблеми" (2), што води кон констатацијата дека фокусот е ставен на она што се случува по кршењето на актот и проблемите со кои се соочува крадецот кога е фатен.

## ЗАКЛУЧОК

Со помош на методот на зборовни асоцијации и направената анализа на одговорите на 30 Роми и 30 Македонци, може да се заклучи дека македонската и ромската култура, генерално гледано, имаат повеќе сличности, отколку разлики. И двете култури се колективистички, мажествени, со висок степен на јаз во моќта. Се разликуваат во степенот на избегнување на несигурноста, при што ромската култура се карактеризира со повисок степен, а македонската со понизок степен на избегнување на несигурноста.

Анализата покажа интересни заклучоци во однос на неколку аспекти.

- Во структурата на семејството, се покажа дека Македонците го вреднуваат повеќе концептот за фамилија и дом и многу често асоцираат стимули со одговори поврзани со семејството. Овие асоцијации поретко се среќаваат кај ромските одговори, кои на истите стимули повеќе се насочуваат кон материјални работи, како: куќа, пари и слично. Спротивно на очекуваното не се јавуваат членови на пошироката фамилија ниту кај Ромите, ниту кај Македонците, но кај Македонците има повеќе асоцијации на членови на потесната фамилија. Што се однесува до хиерархијата во кругот во семејството, имаме поделени улоги и во двете култури, при што мажот е столбот на фамилијата и е задолжен за нејзината егзистенција, а жената се грижи за домот и децата. Во ромската фамилија се истакнуваат посилни хиерархиски односи. Машките членови се оние кои ги издаваат наредбите во кругот на фамилијата, поради тоа и концептот на „татко" игра поголема улога, отколку концептот на „мајка".
- Интересен е податокот дека Македонците покажуваат поголем степен на покорност кон авторитети и помиреност со нееднаквоста и неправдата во општеството, додека Ромите се повеќе насочени кон отпор и акција. Македонците многу често констатираат дека правда нема, и ја земаат оваа состојба во опшеството како даден факт и не покажуваат волја за промена.

- Асоцијациите поврзани со судството се многу почести кај Ромите отколку кај Македонците и се јавуваат како одговор на различни стимули (на пример: „наредба“, „проблем“, „темнина“), додека на истите стимули кај Македонците нема воопшто асоцијација со судските органи или членови на оваа институција. Од друга страна, стимулите поврзани со судството, како: „правда“ и „крадец“, ги активираат концептите за судството и во двете култури, но сведочат за различна концептуализација на поимите: во македонската, на пример, стимулот „кражба“ подлежи на осуда и општествена критика на самиот прекршок, додека кај Ромите е насочен кон конкретната казна која следува поради кршење на законот.
- Религијата зазема посебно место кај Ромите, при што се забележува цврсто држење кон моралниот код на дадената религија. Македонците, исто така, се потпираат на религијата, меѓутоа се забележува и дека некои од испитаниците ја отфрлаат како систем и ја подложуваат на критика.

Поаѓајќи од културните димензии на Хофстеде: колективизам/индивидуализам, мажественост/женственост, јаз во моќта и избегнување на несигурноста, податоците дадоа потврда на тврдењето дека и македонската и ромската култура се колективистички насочени, но дека во македонската култура повеќе е вреднуван концептот на семејство и членови на семејството. Од друга страна, пак, Ромите повеќе се идентификуваат со „ние“ групата, а кај Македонците се јавува и дефинирање преку „јас“ моделот. И двете култури покажуваат насоченост кон мажественоста, при што ромската култура се одлкува со повисок степен на поделба на улогите помеѓу мажот и жената. И двете култури се со висок степен на „јаз во моќта“, но Македонците покажуваат малку повисок степен на покорност кон авторитети. За димензијата „избегнување на несигурноста“, поголем дел од резултатите зборува во корист на тврдењето дека во ромската култура има поголем степен на избегнување на несигурноста, во споредба со македонската, што може да се заклучи преку стабилноста на верскиот код и ставот кон животот. Истовремено, треба да се нагласи дека културата не е единствениот фактор којшто влијае врз однесувањето на индивидуата, и поединецот кој ѝ припаѓа на една култура не е неминовно „роб на дадената култура“. Иако може да се дефинираат генералните димензии на културно ниво, тие не мора да се одразуваат кај сите членови на таа култура. (Велева 2011, стр. 135) Во прилог на ова тврдење зборува и фактот дека иако беше очекувано одговорите на испитаниците повеќе да се поклопуваат, сепак резултатите покажаа голема разновидност и неуниформираност.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Allwood, J., 1985. Tvärkulturell kommunikation. University of Göteborg, Dept of Linguistics.

Anisfeld, M., Deese, J., 1967. The Structure of Associations in Language and Thought. The American Journal of Psychology 80, 646.

Carver, C.S., Scheier, M.F., Segerstrom, S.C., 2010a. Optimism. Clinical Psychology Review 30, 879–889.

Diebold, A.R., 1965. Psycholinguistics: a survey of theory and research problems. Indiana University Press.

Dimensions - Geert Hofstede [WWW Document], n.d. URL http://geert-hofstede.com/dimensions.html (accessed 11.16.13).

Gerganov, E., Kyuchukov, H., 2005. Word associations in Romani: Some prototypes in cross-cultural perspectives. , Psychology of Language and Communication Vol. 9, 53–68.

Green, E.G.T., Deschamps, J.-C., Páez, D., 2005. Variation of Individualism and Collectivism within and between 20 Countries A Typological Analysis. Journal of Cross-Cultural Psychology 36, 321–339.

Hall, E.T., 1990. The silent language. Anchor Books, New York, NY.

Hofstede, G., Hofstede, G.J., Minkov, M., 2010. Cultures and organizations: software of the mind; intercultural cooperation and its importance for survival. McGraw-Hill, New York, NY [u.a.].

Journal of intercultural communication [WWW Document], n.d. URL http://www.immi.se/intercultural/ (accessed 11.16.13).

Korshuk, A., 2005. Learning more about cultures through word association data. Journal of intercultural communication, ISSN 1404-1634.

LeRoy Edwards, T., 2003. Lexical Development and Word Association: Can Japanese L2 language development be observed through the results of word association tests? PhD Thesis, University of Birmingham.

Martin, J.N., Nakayama, T.K., 2010. Intercultural communication in contexts. McGraw-Hill Higher Education, New York.

Middleton, R., Putney, S., 1960. Dominance in Decisions in the Family Race and Class Differences. American Journal of Sociology Vol. 65, pp. 605–609.

Nielsen, M.L., Ingwersen, P., 1999. The Word Association Methodology - A Gateway to Work-Task Based Retrieval. Mira'99; Final Mira Conference on Information Retrieval Evaluation, $14^{th}$-$16^{th}$ April 1999, Glasgow, Scotland

Open Access Social Science Journals [WWW Document], n.d. journals.vaggi.org. URL http://journals.vaggi.org (accessed 11.16.13).

Palmer, G.B., 1996. Toward a theory of cultural linguistics. University of Texas Press, Austin.

Rosen, E., Russell, W.A., 1957. Frequency-Characteristics of Successive Word-Association. The American Journal of Psychology 70, 120.

Sharifian, D.F., 2001. Association-Interpretation: A research technique in cultural and cognitive linguistics.

Strauss, C., 1997. A Cognitive Theory of Cultural Meaning. Cambridge University Press.

Szalay, L.B., 1965. Cultural Meanings and Values: A Method of Empirical Assessment. Special Operations Research Office, American Univ.

Tversky, A., 1977. Features of similarity. Psychological Review 84, 327–352.

Wettler, M., Rapp, R., 1993. Computation of Word Associations Based on the Co-Occurrences of Words in Large Corpora, in: In Proceedings of the 1 St Workshop on Very Large Corpora: Academic and Industrial Perspectives. pp. 84–93.

Zhong, M., n.d. Research Trend in Intercultural Communication.

Велева, А., 2011. Интеркултурната комуникација изразена во масовната култура. Дијалог, Скопје.

# ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ИНВОЛВИРАНОСТА НА МЛАДИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

- Студија на случај, Куманово -

***Габријела Бошков***
*Центар за интеркултуен дијалог - Куманово*

## ВОВЕД

Младите и нивната вклученост во заедницата играат важна улога во општествениот развој. Локалните заедници се важна рамка во која се реализира непосредното учество на граѓаните бидејќи одредени проблеми и потреби се јавуваат, главно, на локално ниво. Можностите и одговорностите кои произлегуваат од инволвираноста на младите во развојните процеси на заедницата, како што се: учество при донесување на одлуки од страна на локалната власт; учество во најразлични облици на неформалното образование; активизам преку невладини организации и младински клубови; учество во креирањето на младински политики; учество во системите на коменаџмент во некои организации на меѓународно, национално, регионално или локално ниво; членство во подмладоци на политички партии; учество во процесите на гласање; консултации, и сл., овозможуваат тие да бидат активни учесници во обликување на развојот на локалната заедница и да придонесат во градењето здраво граѓанско општество и креирање ефективни младински политики.

Европските трендови покажуваат намалување на учеството на младите во демократските процеси, за разлика од минатото[1]. Во Македонија, истражувањата од последните години покажуваат ниско ниво на социјален активитет, односно загрижувачка летаргичност во однос на младинската партиципација во општествениот живот[2]. Вклучувањето во развојните процеси на младите од Куманово претставува огромен предизвик. Големата невработеност, апатичност и незаинтересираност, недовербата во институциите, слабата информираност и недостаток на механизми за инволвирање, претставуваат прашања кои ги позиционираат младите на маргините на заедницата[3]. Работата на граѓанските организации, формирањето на Локален младински совет[4] и бројни проекти во изминатите години, не вродија со плод[5], па така и на локално ниво процесот на нивно вклучување покажува значително опаѓање.

Во ова истражување се направи напор да се испитаат факторите кои ја обликуваат партиципацијата на младите во заедницата. Причините за (не)вклучување се различни, додека некои фактори ги мотивираат и овозможуваат партиципација, низа на препреки го отежнуваат инволвирањето. Поаѓајќи од тоа дека индивидуите може и да имаат слични мотиви, па сепак, некои да се вклучуваат, додека други не, се прави напор да се разгледаат не само мотивите за вклучување во процесита на заедницата, туку и тешкотите со кои младите се среќаваат на патот на инволвирањето.

## ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА

### *Мотиви за човековото однесување*

Мотивираноста на младите за инволвирање во процесите на заедицата произлегува од: значењето кое младите го даваат на нивната партиципативност; од нивната личност; од моралните вредности; од нивните погледи на светот; како и нивната перцепција за влијанието на нивното учество, и сл.

Мотивите ги претставуваат сите внатрешни биолошки, психолошки и динамички сили кои го поттикнуваат, насочуваат и регулираат човековото однесување. Тука се вбројуваат: потребите

---

1 European Commission White Paper „A New Impetus for European Youth", COM (2001) 681 final, Brussels, 2001 http://ec.europa.eu/youth/documents/publications/whitepaper_en.pdf

2 „Истражување за очекувањата на младите во Република Македонија" - Д. Талески, И. Дамјановски, Н. Марковиќ, В. Божиновски - Фондација „Фридрих Еберт" - Канцеларија Скопје, 2006

3 Од дебата во Куманово - дел од циклусот дебати кои се реализираат во 18 градови во целата држава, наречен „Република млади" http://www.mof.mk/kumanovo-mladite-se-prashuvaat-shto-ke-g/

4 Локалниот младински совет е формиран во август, а Управниот одбор и останатите раководни органи се избрани во ноември 2012 година,http://www.radiomof.mk/lokalniot-mladinski-sovet-vo-kumanovo-izbra-upraven-odbor/

5 „Потреби на младите во Куманово" - Г. Бошков, Центар за меѓукултурен дијалог - Куманово - непубликувано истражување спроведено во септември-октомври 2013 година, кое покажа дека дури 60% млади сметаат дека не се вклучени во процесите на донесување одлуки во заедницата, а дури 71% воошто не знаат за работата на Локалниот младински совет

нагоните, намерите, желбите, и сл.[6] Теориска претпоставка[7] е дека со човековото однесување управуваат биолошките (примарни) и социјалните (секундарни) мотиви. Социјалните мотиви се засноваат врз психолошките потреби (не врз телесните), за чие остварување е неопходен контакт со други луѓе и кои се заеднички за најголем број луѓе. Тоа е група на различни мотиви кои се општествено стекнати и обликувани и тие го одредуваат индивидуалното однесување и социјалните интеракции единствено преку интеракција со други лица, групи или институции. Според оваа теорија, индивидуалното однесување и социјалните интеракции на младите се одредени и се менуваат во однос на социјалното опкружување.




Слика бр. 1: *Хиерархија на мотивите (Маслов)*

Психологот Абрахам Маслов истакнува дека човековото однесување е мултимотивирано. Неговата теорија за мотивираност ги нагласува потребите кои се во основа на однесувањето, односно ни овозможуваат да разбереме што го мотивира. Во неговата пирамида потребите се хиерархиски организирани според нивната сила или приоритетот на задоволување, меѓутоа нагласува дека потребите, најчесто несвесни, не се исклучителни или единствени детерминанти на одреден вид однесување.[8]

Во ова истражување се прави осврт само на секундарните потреби, поточно на потребите за сигурност, припаѓање, почитување и самоактуелизација.

6 Recnik psihologije - Z. Trebeshanin, 2004, Beograd

7 A Theory of Human Motivation - Abraham H. Maslow - Psychological Review Vol 50 No 4 July 1943. pdf стр. 390

8 Мотивација и личност, A. H. Maslov, Nolit, Beograd, http://svetlost.org/podaci/Abraham_H_Maslov_Motivacija_i_licnost.pdf

***Вклученост на младите во општеството и пречките за истата***

Партиципативноста кај секоја млада личност се менува во рамките на: индивидуалната позиција во животниот циклус, стекнатото искуство, општествените врски, околностите, и сл. Вклученоста на младите им овозможува да зборуваат за активности и решенија кои ним им се важни. Тоа придонесува за остварување на потребите на младите и помага да се обезбедат програми кои се соодветни и респонсивни, заштедуваат време и енергија на подолги патишта. Младите претставуваат непроценлив ресурс и преку нивното вклучување и соработка со возрасните, тие стекнуваат: вештини, сигурност, самопочит и лидерски способности. Многу пошироко, заедницата добива преку градење на капацитети и развој на социјалните компетенции и социјалната одговорност на младите. Сепак, за поголема и позначајна инволвираност, наспроти насоченото однесување, важно е да разбереме и што го отежнува нивното инволвирање во развојните процеси на заедницата. Овде се прави осврт кон најчесто споменуваните препреки за вклученост на младите, како: неинформираност, несигурност, недостаток на време, економска немоќ, непризнатост и недостаток на поддршка од родителите и пријателите, како и нивната неиницијативност.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Врз основа на претходно изнесеното, ова истражување ќе се обиде да даде одговор на главното истражувачко прашање, кое гласи: Како мотивацијата и препреките влијаат врз вклученоста на младите од Куманово, во процесите во заедницата?

Поаѓајќи од основната претпоставка дека **мотивацијата и препреките влијаат врз инволвираноста на младите во развојните процеси во заедницата,** формулирана е една основна хипотеза:

Х: Мотивираноста за вклученост во процесите во заедницата, како и препреките кај младинското активирање влијаат врз вклученоста на младите во заедницата.

Од оваа основна хипотеза, можат да се изведат посебни хипотези кои гласат:

Х1: Мотивираноста на младите влијае врз нивниот активизам, при што поголемата мотивираност за активна вклученост во заедницата кај младите доведува до поголема вклученост во развојните процеси во заедницата.

Х2: Препреките го отежнуваат и оневозможуваат младинскиот активизам, при што, колку е поголем бројот на препреките при младинското активирање, толку е помала младинската вклученост во развојните процеси на заедницата.

***Истражувачки варијабли***

Независни варијабли

1. Мотивираност

*Операционализација*: одговори на прашања за главните поттикнувачи за вклученост во процесите во заедницата

2. Препреки за младинскиот активизам

*Операционализација:* Потешкотии кои испитаниците ги истакнуваат како главни за нивната неактивност.

***Инструмент***

За потребите на ова истражување се конструира прашалник кој е поделен во 3 логички целини:

1. Дел кој содржи прашања за видот и обемот на вклученоста на младите;
2. Прашања за мотивираноста и видот на потребите кои се во основа на мотивираноста;
3. Прашања за препреките со кои се среќаваат младите при вклучувањето во процесите во заедницата.

***Примерок***

Со оглед на тоа што работата на граѓанските здруженија и младинските организации во Куманово прават огромни напори да ги вклучат младите во активности на локално ниво, но нивните напори покажуваат слаби резултати, особено кога станува збор за студентите, ова истражување ќе се осврне кон оваа популација. Примерокот е намерен. Испитаниците се студенти од Куманово кои студираат на државните факултети, приватните факултети од Македонија и на факултетите – огранoци на странските факултети.

## РЕЗУЛТАТИ И НИВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

Приказот на резултатите ќе ја следи формата на прашалникот, прво ќе бидат прикажани резултатите од анализата за видот и обемот на вклученост на младите во процесите во заедницата, мотивираноста за нивно инволвирање и препреките кои им го отежнуваат вклучувањето. Понатаму, ќе следи приказ на факторите кои влијаат врз инволвираноста на младите во процесите во заедницата.

### *Структура на примерокот*

Истражувањето беше спроведено на примерок од 116 испитаници, 37,4% машки и 62,6% женски студенти, на возраст од 18 -28 години, од македонска (56,9%) и албанска (37,1%) етничка припадност. Најголемиот број испитаници се студенти на државните факултети и доаѓаат од урбани средини.

Табела бр. 1 *Структура на примерокот според: пол, место на живеење, факултет и националност*

| СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ | | |
|---|---|---|
| | Фреквенција | % |
| **Пол** | | |
| машки | 43 | 37,4% |
| женски | 73 | 62,6% |
| **Место на живеење** | | |
| урбано | 100 | 86,2% |
| рурално | 16 | 13,8% |
| **Факултет на кој студираат** | | |
| државен | 81 | 69,8% |
| приватен (македонски) | 29 | 25% |
| огранок на странски факултети | 6 | 5,2% |
| **Националност** | | |
| Македонска | 66 | 56,9% |
| Албанска | 43 | 37,1% |
| Други | 7 | 6% |

### *Вклученост*

*Вид на вклученост*

Вклученоста на младите се утврдуваше преку прашања за тоа: колку младите земаат учество во младински организации; хуманитарни акции; проекти за подобрување на заедницата; учество во младински размени; волонтерски програми; меѓународни мрежи и движења; учество во подмладоци на политички партии, и сл. Имено, испитаниците со помош на Ликертова скала[9] (чија Кронбах Алфа изнесува 0,905) го одредуваа нивното учество во одредени активности на локално ниво. Резултатите од одговорите се претставени во следната табела.

9 Скала на сложување од 1 - никогаш, до 5 - секогаш

Табела бр. 2 *Вид на вклученост на младите*

| ПРАШАЊЕ: Како млада личност колку сте вклучени во активности на локално ниво? | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Вклученост во работата на младински организации | 2,29 | 1,371 |
| Учество во спроведување хуманитарни акции | 2,29 | 1,080 |
| Вклученост во реализирање на проекти за подобрување на животот во заедницата | 2,26 | 1,259 |
| Учество во младински размени | 2,16 | 1,303 |
| Вклученост во волонтерски програми на локално ниво | 2,09 | 1,176 |
| Вклученост во креирање на младински политики | 2,03 | 1,164 |
| Вклученост во работата на граѓански здруженија | 1,96 | 1,226 |
| Вклученост во меѓународни мрежи и движења | 1,93 | 1,350 |
| Вклученост во работата на подмладокот на политичките партии | 1,76 | 1,241 |
| Активно учество при донесување одлуки во заедницата | 1,62 | 1,044 |

Добиените податоци покажуваат релативно ниска вклученост на младите во процесите на заедницата, впрочем воочливо е дека нема средна вредност која ја надминува вредноста над 2,5, што значи дека младите ретко се вклучуваат во наведените активности. Сепак, во однос на вклученоста, најголемиот број анкетирани лица наведуваат учество во работата на младинските организации и спроведување на хуманитарни акции, нешто помалку се вклучуваат во реализирање на проекти за подобрување на заедницата, додека најмалку се присутни во процесите на донесување одлуки во работата на подмладоците на политичките партии.

*Обем на вклученост*

Обемот на вклученост се утврдуваше преку прашања за бројот на организации, здруженија и сл., во кои членуваат, и временскиот период во текот на една недела кој го поминуваат во истите. Подолу во Табелата се одговорите за обемот на инволвираноста, кои покажуваат дека најголемиот број од испитаниците не членуваат во ниту една организација, а најмалиот број од истите членуваат во 2 или повеќе организации.

Табела бр. 3 *Учество на младите во: граѓански организации, клубови и групи*

| ПРАШАЊА: Во колку вкупно клубови, групи и/или граѓански организации учествувате или сте член? | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Во ниту една | 59 | 50,9 |
| Во една | 28 | 24,1 |
| Во две | 13 | 11,2 |
| Во три | 8 | 6,9 |
| Во четири и повеќе | 7 | 6,0 |

Што се однесува до временскиот период поминат во ангажман, резултатите се очекувани, поточно најголемиот број, 59,5%, одговориле дека никогаш не го трошат своето време на активности во рамки на зедницата, 31% поминуваат само 1-2 дена во неделата, сосема мал број (6%) поминуваат повеќе од 3 до 4 дена неделно, посветувајќи го своето слободно време на некои од овие активности. Само 3,4% одговориле дека секој ден издвојуваат време за активности во рамки на заедницата. Ако го погледнеме процентуалниот однос на одговорите за обемот на членување во организации, групи или клубови и процентот на одговорите за временскиот период поминат во активности, се забележува повисок процент на оние кои временски не се ангажираат, што е знак за постоење и на неактивно членство, односно млади кои и покрај тоа што се дел од одредени организации, групи, клубови и сл., не се активираат, односно учествуваат во активности на тие организации.

Вкрстувањето на резултатите со демографските податоци покажа разлика помеѓу машките и женските, па женските испитаници нешто повеќе се вклучени во процесите на донесување одлуки во заедницата ($X^2$=10.434, p<0.034). Испитаниците на возраст од 19-23 години се нешто повеќе вклучени во меѓународни мрежи и движења ($X^2$=56.282, p<0.045) и при донесување на одлуки во заедницата ($X^2$=56.445, p<0.44) во однос на испитаниците од 24 до 28-годишна возраст. Според обемот на вклученост, наодите од вкрстеното табелирање покажуваат поголема вклученост на Македонците, наспроти припадниците на албанската етничка заедница ($X^2$=4.327, p<0.38), како и оние кои живеат во урбаните средини ($X^2$=6.153, p<0.46) во однос на оние кои живеат во руралните средини.

Во однос на обемот на вклученост и високиот процент на млади кои воопшто не се активни, наспроти оние кои поминуваат време во работата во организациите, во натамошните обработки овие групи ќе ги споиме во две: НЕВКЛУЧЕНИ (никогаш) и ВКЛУЧЕНИ (сите останати).

***Мотивираност***

Факторот мотивираност се разгледуваше преку одговорите на 11 прашања кои ги опфаќаат вишите/секундарни потреби од пирамидата на А. Маслов: потреба за сигурност, припаѓање, почитување и самоактуализација. Со сложување на 5-степена скала[10] на овие прашања, се утврди мотивираноста на младите, поточно потребите кои го насочуваат однесувањето. (Коефициентот на релијабилност на оваа скала беше α=0,866)

Табела бр. 4 *Мотивираност за вклученост на младите*

| ПРАШАЊЕ: Што влијае врз твојата одлука да бидеш активно инволвиран во активностите на локалната заедница? | | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|---|
| Затоа што сакам и умеам да придонесам во решавање проблеми во заедницата | *Потреба за самоактуализација* | 4,08 | 2,24 |
| Бидејќи по природа максимално се вложувам за постигнување резултати и реализирање на она што го сакам | | | |
| Затоа што така се чувствувам корисен | | | |
| Бидејќи сум стручен/на во тоа што сум ангажиран/а | *Потреба за почитување* | 3,77 | 1,27 |
| Затоа што добивам признанија и сум познат/а во заедницата | | | |
| Бидејќи таму се чувствувам сакан и прифатен од околината | | | |
| Одличен начин за дружење со другари и пријатели | *Потреба за припаѓање* | 3,73 | 1,37 |
| Затоа што ги сакам луѓето и сакам да придонесам за нивна добросостојба | | | |
| Бидејќи се чувствувам сигурно во присуство на други луѓе | | | |
| Бидејќи кога сум активен/на, се чувствувам здрав/а | *Потреба за сигурност* | 2,70 | 1,32 |
| Бидејќи паричниот надомест ми овозможува финансиска стабилност | | | |

Анализата покажува дека хиерархиската поставеност на потребите е иста со пирамидата на Маслов (види: Слика бр. 1). Од резултатите дадени во Табелата бр. 5 се забележува дека најголем број млади признаваат дека се вклучуваат бидејќи сакаат да придонесуваат при решавање на проблеми, да постигнуваат резултати и да го реализираат она што го умеат и знаат (потреба за самоактуализација). Исто така, доста голем број истакнуваат дека се поттикнати од признанијата,

10 (1 - воопшто не се согласувам, 2 - делумно не се согласувам, 3 - и се согласувам и не се согласувам, 4 - делумно се согласувам и 5 - целосно се согласувам)

чувството на стручност и корисна ангажираност во заедницата (потребата за почитување), додека најмалку се мотивирани од потребата за сигурност.

### *Препреки*

Еден од првите чекори при развивање на младинската инволвираност, покрај мотивираноста, е идентификувањето на бариерите/препреките кои може да влијаат врз желбата/намерата на младите за вклучување во процесите во заедницата. Влијанието на овој фактор се испитуваше преку скала на сложување на 11 искази за можни препреки во процесот на инволвирање. Од анализа на одговорите се забележува дека најголема препрека за младите е *недостатокот на шанси да се вклучат*, потоа како прилично голема препрека им се *финансиите*, односно *средствата да дојдат до местото на настаните*, но и *отсуството на доделување на одговорни улоги при вклучувањето во активностите*. Според резултатите, најмала препрека им е мислењето дека *немаат доволно капацитети да одговорат на задачите* (коефициентот на релијабилност на оваа скала беше α= 0,718).

Табела бр. 5 *Препреки за вклучување на младите во процесите во заедницата*

| ПРАШАЊЕ: Кои се препреките со кои младите се вклучуваат во процесите во заедницата во Куманово? | Средна вредност | Стандардно отстапување |
|---|---|---|
| Сакаат да се вклучат, но не добиваат шанса | 3,53 | 1,429 |
| Немаат средства и начин да дојдат до местото на настанот | 3,37 | 1,282 |
| Не сакаат да се вклучат бидејќи не им се даваат одговорни улоги | 3,28 | 1,376 |
| Не го гледаат бенефитот од вклучувањето | 3,25 | 1,298 |
| Не им се дава признание за успесите | 3,16 | 1,357 |
| Најчесто немаат соодветно искуство | 2,98 | 1,230 |
| Немаат поддршка од пријателите | 2,96 | 1,404 |
| Се чувствуваат исплашено и несигурно | 2,95 | 1,264 |
| Немаат време да се посветат целосно | 2,79 | 1,335 |
| Немаат поддршка од родителите | 2,60 | 1,264 |
| Најчесто немаат капацитети | 2,26 | 1,135 |

*Тестирање на хипотезите*

Во наредниот дел се презентирани резултатите од анализата за поврзаноста на варијаблите, со цел тестирање на хипотезите и одговор на истражувачкото прашање: Како мотивацијата и препреките влијаат врз вклученоста на младите од Куманово, во процесите во заедницата? Пресметките се направени со сумирање на одговорите, впрочем на тој начин се добија вкупни скорови на зависната варијабла – вклученост и на независните варијабли мотивираност и препреки. Податоците од корелативната анализа претставени во Табела бр. 7 покажуваат:

- Силна поврзаност меѓу вклученоста на младите во активностите во рамки на заедницата и бројот на организациите во кои членуваат или се дел од нив;
- Силна поврзаност меѓу вклученоста на младите во активностите во рамки на заедницата и временскиот ангажман во рамки на тие организации;
- Значајна поврзаност меѓу вклученоста на младите со мотивираноста за вклучување во процесите во заедницата;
- Поврзаност на мотивираноста за членување во граѓанските организации и клубови со бројот на организации во кои членуваат;
- Како и поврзаност меѓу мотивираноста за членување во граѓанските организации и клубови и временскиот период поминат во организирање или реализирање активности во истите.

Табела бр. 6 *Корелација*[11] *меѓу вклученоста, мотивираноста и препреките*

| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Вклученост - вид на активности | - | | | | |
| 2. Број на организации во кои членуваат | ,694** | - | | | |
| 3. Време поминато во активност | ,581** | ,703** | - | | |
| 4. Мотивираност | ,336** | ,274** | ,250** | - | |
| 5. Препреки | -,053) | -,121) | -,124) | ,106 | - |
| **Корелацијата е сигнификантна на ниво 0.01 | | | | | |

Добиените коефициенти на корелација укажуваат на фактот дека **поголемата и поразновидната мотивираност е поврзана со поголема вклученост на младите** како членови или активисти на организации, групи и клубови.

Од друга страна, корелативната анализа (Табела бр. 7) покажува статистички незначајна поврзаност на препреките кои ја отежнуваат вклученоста и активирањето на младите во процеси на заедницата ($r = -0.53$, $p>0.05$), што би значело дека **бројот на препреките не е поврзан со младинската вклученост,** ниту, пак, со членување и временски ангажман во организации, групи и клубови на локално ниво.

За докажување на првата хипотеза се употреби линеарната регресија, при што коефициентот изнесуваше $B=0.336$ ($p<0.001$), со што се потврди дека поголемата (поразновидна) мотивираност доведува до поголема (поразновидна) вклученост на младите, но и поинтензивна вклученост ($B=0.274$, $p<0{,}01$), како и повеќе време поминато во активизам ($B=0.300$ $p<0{,}001$).

11 Pearson Correlation

Понатаму, се направи обид за увид како секоја различна потреба посебно влијае врз вклученоста на младите во различни активности. Добиените податоци, дадени во Табела бр. 8, покажуваат дека *потребата за самоактуализација е најважниот мотив за инволвирање на младите во процесите на креирање на младински политики во заедницата*, а *потребата за сигурност е таа која е во основата на мотивираноста кај младите за вклучување во волонтерски програми на локално ниво*.

Табела бр. 7 *Регресивна анализа меѓу потребите и видот на вклученост*

| **Регресија** | | Бета коефициенти за: | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Потреба за самоактуализација | Потреба за почитување | Потреба за припаѓање | Потреба за сигурност |
| **Вид на вклученост** | Вклученост во работата на младински организации | 0,140 | -0,069 | 0,156 | 0,066 |
| | Учество во спроведување на хуманитарни акции | 0,182 | -0,006 | 0,070 | 0,070 |
| | Вклученост во реализирање на проекти за подобрување на животот во заедницата | 0,280 | -0,019 | 0,031 | -0,011 |
| | Учество во младински размени | 0,262 | -0,133 | -0,047 | 0,188 |
| | Вклученост во волонтерски програми на локално ниво | 0,206 | -0,131 | 0,019 | 0,235* |
| | Вклученост во креирање на младински политики | 0,422** | -0,031 | -0,105 | 0,118 |
| | Вклученост во работата на граѓански здруженија | 0,075 | -0,026 | 0,188 | 0,061 |
| | Вклученост во меѓународни мрежи и движења | 0,308 | -0,081 | -0,029 | 0,116 |
| | Вклученост во работата на подмладокот на политичките партии | 0,030 | 0,137 | 0,136 | -0,135 |
| | Активно учество при донесување одлуки во заедницата | 0,005 | 0,164 | 0,038 | 0,042 |
| **Значајност на ниво 0,01<br>*Значајност на ниво 0,05 | | | | | |

## ДИСКУСИЈА

Целта на ова истражување беше утврдување на факторите кои влијаат врз инволвираноста на младите во процесите на заедницата, при што се претпостави дека поголемата мотивираност ќе доведе до поголема вклученост, како и тоа дека поголемиот број препреки што ги перцепираат младите, ќе биде фактор за помала вклученост. Статистичката обработка на резултатите демонстрира делумна потврда на хипотезата, односно, се покажа дека само **факторот мотивираност влијае врз младинскиот активизам**, при што поголемата мотивираност (или поразновидната мотивираност, со оглед на тоа што поголем скор значи и вклучување на повеќе мотиви) за активна вклученост во заедницата кај младите доведува до поголема вклученост (вклученост во повеќе различни активности) во развојните процеси во заедницата. Притоа, потребата за самоактуализација се покажа како најсилна потреба која ги мотивира младите за вклучување во процесите во заедницата. Мотивите го осмислуваат животот на човекот, му даваат насока и исполнетост, а потребата за самоактуализација, која е на највисокото ниво во Масловата теорија на мотивација заснована врз потреби, подразбира реализирање на целосниот потенцијал на личниот развој на младите. Податокот дека потребата за самоактуализација (највисокиот мотив) е во основата на вклученоста на младите во процесите на заедницата, доволно зборува за важноста на ваквиот вид вклученост како за индивидуата и реализирањето на нејзините потенцијали, така и за локалната средина и воопшто општествените процеси.

Мотивираноста може навистина да биде важен фактор кој придонесува кон инволвирањето на младите во процесите на заедницата. Литературата за мотивацијата зборува за интернализирање на мотивите, почнувајќи од раната адолесценција, поточно со возраста мотивацијата за ангажирање преминува од надворешна (избегнување на казни или добивање на награди), во внатрешна (лични капацитети)[12]. И покрај тоа што со ова истражување не може да се докаже дали вештините и искуството постигнати од инволвирањето придонесуваат кон задоволување на потребата за сигурност, за припаѓање, за почитување и самоактуализацијата, младинската партиципација во локалната заедница е природен чекор кон други форми на ангажирање за развој на здраво граѓанско општество.

Податоците добиени во ова истражување истакнуваат дека бројот на препреките, иако често нагласувани од младите како причина, немаат големо влијание врз партиципативноста на младите во заедницата, што зборуваат, најверојатно, за тоа дека препреките можеби служат само како изговор, но не и како причина за непартиципативноста. Сепак, истражувањата во однос на препреките треба и натаму да се прават, со цел да се открие што навистина ги спречува младите да бидат активни во процесите на заедницата.

---

12 Deci, E. L., & Ryan, R. M. (2000). The ‘what’ and ‘why’ of goal pursuits: Human needs and the self-determination of behavior. *Psychological Inquiry*, *11*, 232-239 http://www.selfdeterminationtheory.org/SDT/documents/2000_DeciRyan_PIWhatWhy.pdf.

Всушност, целото ова истражување, во основа беше иницирано од многуте теории кои потврдуваат дека граѓанската партиципација, всушност, придонесува кон зголемување на социјалниот капитал на едно општество, со што младите, како „најполетниот” дел од популацијата стануваат важна таргет група, а испитувањето на факторите кои влијаат врз таа партиципација станува примарна заложба. Имено, во основа, претпоставка е дека младинските групи се важно „семе” на демократијата, инволвираноста ги зближува младите, ги изложува на информации и идеи и ја зголемува мотивираноста и капацитетите за преземање акции во насока на подобрување на условите во кои живеат во нивните заедници.

## ЗАКЛУЧОК

*Со ова истражување се обезбедија вредни податоци и се доби увид во младинските состојби во Куманово. Статистичката обработка на одговорите од 116 студенти, на возраст од 18 до 28 години, покажа мала вклученост на младите во процесите во заедницата: повеќе од 50% од младите се неактивни, односно не членуваат во ниту една организација и не поминуваат време во спроведување активности во рамките на овие организации.*

*Податоците ја докажаа првата хипотеза дека поголемата мотивираност (поголем број на вклучени мотиви) на младите доведува и до нивна поголема вклученост на локално ниво, додека втората хипотеза која претпоставуваше дека поголемиот број на препреки ќе доведат до намалување на младинската инволвираност - не се докажа. Сознанијата во однос на различните потреби кои се во основа на мотивираноста, покажаа дека потребата за самоактуализација е најважен мотиватор за вклученоста на младите, особено за вклученоста во креирањето на младинските политики.*

*Ова истражување е само мал чекор во обидите за идентификација на состојбите со младите на локално ниво. Недостигот на информации и недоволниот број на вакви и слични истражувања зборува за потребата од вложување во анализи и утврдување на начини за подобрување на партиципативноста на младите во општествените промени.*

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


Deci, E. L., & Ryan, R. M. The ‘what’ and ‘why’ of goal pursuits: Human needs and the self-determination of behavior, 2000, Psychological Inquiry, 11, 232-239. http://www.selfdeterminationtheory.org/SDT/documents/2000_DeciRyan_PIWhatWhy.pdf

European Commission White Paper “A New Impetus for European Youth”, COM (2001) 681 final, Brussels, 2001 http://ec.europa.eu/youth/documents/publications/whitepaper_en.pdf

Maslow. A.H, A Theory of Human Motivation - Psychological Review Vol 50 No 4 July 1943.pdf , p.390 https://docs.google.com/file/d/0B-5-JeCa2Z7hNjZlNDNhOTEtMWNkYi00YmFhLWI3YjUtMDEyMDJkZDExNWRm/edit?pli=1

Maslov. A.H, Motivacija i licnost, Nolit, Beograd http://svetlost.org/podaci/Abraham_H_Maslov_Motivacija_i_licnost.pdf

McGraw-Hill, Motivating Performance - http://highered.mcgraw-hill.com/sites/dl/free/0073210552/378527/Lussier7eChapter9.pdf

McQueen. H, Wilcox. P, Stephen. D, Walker. C, Widening Participation and the Role of Social Motivation in Students’ Transitional Experiences in Higher Education:, January 2009- Faculty of Health and Social Science -School of Applied Social Science - http://www.brighton.ac.uk/sass/research/publications/WP_report.pdf

Phidhelia. G-A., Youth Participation in Local (Community) Level -Development: A Development Strategy- Cornwall Campus, March, 2010 http://sta.uwi.edu/conferences/09/salises/documents/G%20Cornwall.pdf

Trebeshanin. Z., Recnik psihologije, 2004, Beograd

Бошков. Г., Потреби на младите во Куманово - ЦМД, Куманово, 2013 (непубликувано истражување)

Коруновска Србијанко. Ј., Коруновска Аврамовска. Н., Малеска. Т., Капитализации, конфузија, отпор: Социјалниот капитал на македонските средношколци - МОФ, Скопје, 2011

Марковска - Спасеновска. Е., Нашковска. М., Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија: Анализа на младинските трендови - Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп, 2010

Стаменкова –Трајкова В., ПСИХОЛОГИЈА - Универзитетска печатница „Св. Кирил и Методиј“, Скопје,1995

Талески Д., Дамјановски И., Марковиќ Н., Божиновски В., Истражување за очекувањата на младите во Република Македонија - Фондација „Фридрих Еберт“, Канцеларија Скопје, 2006

# ПРИЧИНИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ВО РМ

***Ивана Васева***
*Здружение за македонско-германско пријателство и соработка*

## ВОВЕД

Современиот концепт на Доживотно учење, кој е дефиниран во документите на Европската комисија, најпрвин преку Лисабонската стратегија (март, 2000), ги подразбира *„сите активности за учење кои се преземени во текот на животот, со цел подобрување на знаењето, вештините и способностите во рамките на персоналните, граѓанските, социјалните и/или перспективи поврзани со вработување“.* Ширината на оваа дефиниција, исто така, обрнува внимание на целосниот опсег на:

- Формални
- Неформални
- Информални активности за учење

Главната идеја е, покрај знаењето, секој да ги добие, подобри и развие осумте клучни способности, според Европската референтна рамка, да биде во можност да се носи со промените од 21. век, со работните задачи и со секојдневните животни одговорности во сите сфери. Клучните способности за LLL (доживотно учење - Life Long Learning) се:

- Комуникација на мајчин јазик
- Комуникација на странски јазик
- Математичка писменост и основни способности за наука и технологија
- Дигитални компетенции
- Да научиш да учиш
- Интерперсонални и граѓански способности
- Претприемништво
- Културно изразување

Компетенцијата странски јазик, односно владеењето на два странски европски јазици, покрај мајчиниот, според Лисабонската стратегија е една од способностите кои еден европски граѓанин треба да ги поседува. Република Македонија е кандидат за земја-членка во ЕУ од 2005 година, се стреми кон членство во Европската Унија, така што оваа стратегија на ЕУ за доживотно учење, а со тоа и владеењето на странски јазици, важи и за Македонија. Уште со стекнувањето со независноста на Македонија од 1991 година, се забележува интерес за изучување на странски јазици. Приматот го добива англискиот јазик, како интернационален јазик, втор по интерес е францускиот јазик. По донесувањето на Лисабонската стратегија, во Македонија се забележуваат сé повеќе слушатели на англиски јазик, но нтересно е што во последно време се забележува значителен раст на слушатели кои го изучуваат германскиот јазик во Македонија, и истиот го истиснува францускиот. Овој труд ја истражува мотивацијата на слушателите за изучување на германскиот јазик.

## ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК – АТРАКТИВЕН СТРАНСКИ ЈАЗИК ЗА ИЗУЧУВАЊЕ

Германскиот јазик е индоевропски јазик и потесно припаѓа во групата на германски јазици, односно во западната група на германски јазици, заедно со англискиот и со холандскиот јазик. Германскиот јазик е најмногу зборуван мајчин јазик во Европската Унија и еден од десетте најмногу зборувани јазици во светот (Tatsachen über Deutschland, 2010). Околу 120 милиони луѓе зборуваат германски како мајчин јазик, на светско ниво. Германскиот јазик е втор најизучуван странски јазик во Европската Унија, по англискиот. Во моментов, на светско ниво, германскиот јазик е изучуван од околу 17 милиони луѓе како странски јазик, во разни институции и училишта.

Изучувањето на германскиот јазик во странство е поддржано од Министерството за надворешни работи на СР Германија (Информации од веб-сајтот на Министерството за надворешни работи на СР Германија). За тоа се задолжени организации кои посредуваат, како, на пример, Гете Институтот кој во 127 градови, или вкупно во 80 земји, нуди курсеви по германски јазик. Како дел од ДААД (DAAD – Deutsche Akademische Austauschdienst), Германска служба за академска

размена, работат околу 440 ДААД-лектори на универзитети во странство, во 102 земји. Исто така, ЦфА (ZfA – Zentralstelle für das Auslandsschulwesen) Централна служба за настава во странство поддржува повеќе од 140 германски училишта во странство, како и 870 национални училишта во кои се изучува интензивно германскиот јазик и кои нудат полагање на Германска јазична диплома (DSD – Deutsches Sprachdiplom). ЦфА поддржува и околу 1900 наставници кои предаваат германски јазик во странство. За силно етаблирање на германскиот јазик надвор од Германија се залага и програмата „Училишта: Партнер на иднината“ на Министерството за надворешни работа на СР Германија. Нивната цел е да постигнат мрежа од 1500 партнер-училишта во светот.

Слика 1. *Најзборувани јазици во Европската унија*




Во седум европски држави германскиот јазик е државен или регионален службен јазик. Во Европската Унија, германски јазик зборуваат вкупно 63 милиони луѓе како странски јазик.

### ***Можности за изучување на германскиот јазик како странски јазик во Република Македонија***

Можности за изучување на германскиот како странски јазик во Република Македонија постојат како преку формалното, така и преку неформалното образование. Во формалното образование јазикот може да се изучува во основно училиште, во средно училиште и на факултет.

Во Р. Македонија нема германски училишта, но има вкупно шест национални средни училишта во кои интензивно се изучува германскиот јазик и три од нив нудат полагање на ДСД, германската јазична диплома. Средните училишта во кои може да се полага ДСД се наоѓаат во Скопје, тоа се: ДСУ „Јосип Броз Тито“, ДСУ „Георги Димитров“ и ДСУ „Браќа Миладиновци“. Останатите се во: Гостивар, Битола и Прилеп.

Исто така, има и две национални основни училишта во Скопје и едно во Охрид, во кои изучувањето на германскиот јазик е поддржано од Гете Институтот - Канцеларија за врски Скопје, односно од програмата PASCH (PASCH – Schulen: Partner der Zukunft), германски партнерски училишта (Гете Институт – Канцеларија за врски Скопје, 2013). Се работи за училиштата: ОУ „Владо Тасевски“, Скопје, ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци“, Скопје и ОУ „Григор Прличев“, Охрид. Покрај овие три основни училишта, Гете Институтот - Канцеларија за врски Скопје поддржува уште девет други основни училишта во кои е воведен проект „Германски јазик од прво одделение“. Во овие училишта, како и во горенаведените три, се изучува германскиот јазик од прво до петто одделение, со можност да се продолжи изучувањето на јазикот од шесто одделение како втор странски јазик. Гете Институтот - Канцеларија за врски Скопје е под надлежност на Гете Институтот Грција, кој е регионален институт под чија надлежност се и останатите институти во Југоисточна Европа. Гете Институтот има отворено и Германска читална во Скопје која нуди: научна литература на германски јазик, белетристика, филмови, списанија, весници и е отворена за сите заинтересирани кои сакаат да бидат во интензивен контакт со германскиот јазик, како и со актуелните случувања на германската научна, политичка и културна сфера.

Исто така, во Република Македонија работат и ДААД-лектори, пред сѐ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, на Катедрата за германски јазик и книжевност и на Катедрата за превод и толкување. Исто така, постојат лектори во Р. Македонија од Австрија-Култур-Контакт, а порано беа присутни и лектори на Фондацијата „Роберт Бош“.

Германскиот јазик, како странски јазик, може да се изучува на повеќе универзитети во Р. Македонија. Најстарата катедра за изучување на германскиот јазик и литература, како и за превод и толкување, е во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на факултетот „Блаже Конески“. Во последните десетина години се отворени катедри за германски јазик и книжевност и на Универзитетот во Тетово „Мала Речица“, Универзитетот „Југоисточна Европа“, „Св. Климент Охридски“, Битола и на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип. Бројот на запишани студенти на овие катедри постојано расте, што го покажува интересот на младите да се стекнат со познавања од германскиот јазик.

Освен во формалното образование, германскиот како странски јазик се изучува и во приватните училишта во Р. Македонија. Во Скопје постојат 146, а во Македонија 231 приватни училишта за странски јазици (Златна книга, 2013). Скоро во сите овие училишта се нуди изучување на германскиот јазик.

***Трендот на изучување на германскиот јазик како странски јазик во Р. Македонија***

Според истражувањата на Државниот завод за статистика на Р. Македонија, трендот за изучување на германскиот јазик во Р. Македонија во основните и средните училишта, но и на факултетите, расте. Во моментов, вработени се 350 наставници во основните и средните училишта во Р. Македонија. Споредбено, оваа бројка пред 20 години изнесувала 40. Се претпоставува дека исто во толкав голем број се и наставниците по германски јазик кои предаваат во приватните училишта во Р. Македонија.

Според податоци од учебната 2008/9, германскиот јазик во Р. Македонија го изучувале вкупно 48.610 ученици, а од нив 1.546 како прв странски јазик, 46.801 како втор странски јазик и 260 како факултативен предмет (Завод за статистика, 2008). Поделено по видови училишта, во основно училиште германскиот јазик го изучувале вкупно 28.765 ученици, а од нив 859 како прв странски јазик и 28.765 како втор странски јазик. Во гимназиското и средното стручно образование, 687 ученици посетувале продолжителна настава, а 18.895 ученици почетна настава по германски, како втор странски јазик. Во учебната година 2012/13, германскиот јазик го изучувале вкупно 60.696 ученици, од кои во основните училишта како прв јазик го изучувале 551 ученик, како втор 39.905 ученици (Завод за статистика, 2013). Во средните училишта, како прв задолжителен јазик го изучувале 361 ученик, како втор задолжителен странски јазик, 19.755 ученици, а како факултативен јазик, 124 ученици. Од овие статистички податоци забележуваме дека за четири години бројот на слушатели на германскиот како странски јазик се зголемил за 12%. Според податоците и од претходните години, евидентна е тенденцијата на постојан пораст на бројот на ученици кои го изучуваат овој јазик. Со оглед на мотивацијата и растечкиот интерес за неговото изучување, извесно е дека овој тренд ќе продолжи и во иднина.

Исто така, расте бројот на слушатели на германскиот јазик како дел од формалното образование на универзитетите во Р. Македонија. За разлика од пред петнаесет години, кога германскиот јазик како странски јазик можеше да се изучува само на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, како дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, сега може да се изучува истиот и на четири други универзитети. Покрај стандардната понуда на истите за изучување на јазикот на катедрата германски јазик и книжевност, во 2005 година се здобија со дипломи и првите студенти од новоотворената Катедра за превод и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

За жал, не постојат истражувања и официјални податоци колкав е бројот на слушатели на германскиот како странски јазик во приватните училишта за странски јазици во Р. Македонија. За целите на овој труд е направено квалитативно истражување со сопственици на приватни училишта за странски јазици и професори по германски јазик, кое е опширно прикажано во точка 3.1, и покажуваат дека бројот на слушатели на германскиот како странски јазик како дел од неформалното образование значително се зголемил, во споредба со бројот од пред десет години.

***Мотивација за изучување на германскиот како странски јазик во Р. Македонија***

Според бројот на ученици и слушатели на германскиот јазик во Р. Македонија на сите рамништа на образовниот процес (основно, средно и високо образование), како и во сите форми на образовни установи (државни и приватни училишта, курсеви по германски јазик за деца, млади, возрасни), бројот на слушатели на германскиот како странски јазик значително е зголемен. Овој труд има за цел да ја истражи мотивацијата за зголемениот број на изучувачи на германскиот како странски јазик.

Еден од главните, официјални причинители за зголеменото изучување на странски јазици, се стремежите на Р. Македонија кон интеграција во Европската Унија, чиј официјален став е дека секој граѓанин на ЕУ покрај својот мајчин јазик, треба да зборува уште два други странски јазици. Со донесување на новите закони за основното и средното образование, Р. Македонија мошне сериозно ги третира постулатите за унапредување на странските јазици, чија цел е мултикултурност и повеќејазичност во цела Европа (д-р Емина Авдиќ, 2010). Со донесените документи за воведување на два странски (европски) задолжителни јазици во основното и средното образование, се побуди и голем интерес кај учениците за изучување на истите. Англискиот јазик го носи приматот на изучување, како интернационален јазик за сеопшта употреба, а веднаш по него е германскиот јазик, кој го зазема местото на францускиот и на рускиот јазик.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Овој труд се обидува да ги истражи причините за трендот за сé поголемо изучување на германскиот како странски јазик во Р. Македонија, како во формалното, така и во неформалното образование. За да ги добиеме овие податоци, направено е истражување, со комбиниран квалитативен и квантитативен пристап. Поконкретно, спроведено е интервју со професори по германски јазик и сопственици на приватни училишта за странски јазици, со цел да се добијат податоци од нивното искуство дали навистина е зголемен бројот на слушатели по германски јазик и ако овој тренд е позитивен, каде тие ги гледаат причините за тоа, и преку анкета прашани се слушатели на германски јазик која е нивната мотивација да го изучуваат јазикот, при што од слушателите се разликуваат две групи, слушатели на германскиот јазик како дел од формалното образование и слушатели на јазикот во неформалното образование.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во продолжение се претставени и интерпретирани добиените резултати од истражувањето, во однос на главните истражувачки прашања.

***Резултати од квалитативното истражување***

Поради недостаток на официјални податоци колкав е бројот на слушатели на германски јазик кои го изучуваат јазикот како дел од неформалното образование, направени се интервјуа со десет професори по германски јазик и сопственици на приватни училишта за странски јазици коишто работат во Скопје. Тие одговараа на следниве прашања:

1. Што мислите, според Вашето искуство, дали бројот на слушатели (помеѓу 15 и 30 години) на германски јазик е зголемен во последните 10 години?
2. Ако да, што мислите, на што се должи тоа, кои се причините?

Сите десет испитаници сметаат дека бројот на слушатели на германскиот јазик е зголемен во последните десет години, а еден од испитаниците, сопственик на приватно училиште, тврди дека бројот се зголемил речиси за 80%, споредбено од пред десет години. Двајца професори по германски јазик велат дека германскиот јазик има статус на втор странски јазик за кои слушателите се заинтересирани и го изучуваат, по англискиот. Тие велат дека заинтересираноста расте не само кај учениците и студентите, туку и кај децата што се во предшколска возраст и кај возрасните до 40-тата година.

На прашањето што мислат, на што се должи растот на слушатели на германски јазик, има повеќе одговори. Девет од испитаниците навеле дека изучувањето на јазикот се должи, пред сé, на лошата економска состојба на државата, односно дека луѓето го изучуваат јазикот со цел да побараат работа во СР Германија. Истакнуваат дека во последно време забележителна е оваа причина особено кај кадарот од областа на медицината. Тројца од испитаниците ги потенцираат лошите животни и работни услови во Р. Македонија и истите ги нагласуваат како главна причина поради која бројот на слушатели на германскиот како странски јазик е драстично зголемен.

Осум од испитаниците истакнале дека јазикот се изучува и со цел да се добие поквалитетно образование на некој од германско-јазичните универзитети, што, пак, од друга страна, создава услови за живот и работа во една од германско-јазичните земји. Можноста да се добие стипендија од различен тип за чиј предуслов е познавање на германскиот јазик, исто така, е наведена причина поради која се изучува овој јазик.

Тројца од испитаниците велат дека познавањето на германскиот јазик отвора шанси за вработување во Р. Македонија, во германска, австриска или швајцарска фирма, во германско претставништво, или, пак, во меѓународна организација.

Двајца од испитаниците навеле дека како дополнителна причина германскиот јазик се изучува поради модерниот тек на општеството, односно поради агендата на ЕУ, секој граѓанин на ЕУ покрај мајчиниот јазик да владее уште два други странски јазици.

Еден од испитаниците, универзитетски професор, наведува дека дополнителна причина за изучување на јазикот е тоа што од минатата година германскиот јазик се нуди во сите основни и средни училишта како втор странски јазик. Како причина се наведува, исто така, интересот да се чита литература од областа на филозофијата или техниката на германски јазик.

### *Резултати од квантитативното истражување*

Со цел да се добијат податоци зошто се изучува германскиот како странски јазик во Р. Македонија, беа прашани млади луѓе од 15 до 30-годишна возраст. Истражувањето беше направено преку анкета, за да се добие една јасна слика за мотивацијата. Направена е компарација на податоците меѓу слушателите на јазикот кои го изучуваат истиот како дел од формалното образование и слушателите на германскиот како странски јазик кои го изучуваат јазикот како дел од неформалното образование.

Прашалникот го пополнија 112 испитаници, од кои 69 се од формалното образование и 43 од неформалното. Како претставници на формалното образование беа прашани испитаници од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, студенти од Катедрата за германски јазик и книжевност и студенти од Катедрата за превод и толкување. Испитаници од неформалното образование беа слушатели од три реномирани приватни училишта за странски јазици од Скопје.

### *Опис на примерокот*

Слика бр. 2. *Пол на испитаниците*




Од испитаниците и, воедно, слушатели на германскиот јазик во Р. Македонија, 75% се женски, а 25% се машки.

Слика бр. 3. *Возраст на испитаниците*




Анкетата е спроведена на испитаници од 15 до 30 години, најголем процент од испитаниците се на возраст од 19 до 25 години.

Слика бр. 4. *Степен на образование на испитаниците*




Највисокиот процент на испитаници (74,3%) се со завршено високо образование или во моментот го изучуваат високото образование.

Слика бр. 5. *Работен статус на испитаниците*




Поголемиот број од испитаниците, 75 %, не се во работен однос.

### *Време посветено за изучување на јазикот*

Слика бр. 6. *Дистрибуција на одговори за прашањето ,,Колку долго го изучувате германскиот јазик?“*




Сите испитаници во истражувањето го изучуваат германскиот јазик, најголемиот број од нив, односно 49,6%, го изучуваат германскиот како странски јазик пет до десет години, а 29,2% од нив го изучуваат една до две години.

Слика бр. 7. *Дистрибуција на одговори за прашањето: „Колку време неделно посветувате за учење на германскиот јазик“?*




Од испитаниците, 35,4% одговориле дека неделно посветуваат два до четири часа за изучување на германскиот јазик, додека 26,5% се изјасниле дека посветуваат четири до шест часа неделно.

***Причини за изучување на германскиот јазик***

На сликата се прикажани причините кои беа испитувани поради кои се изучува германскиот како странски јазик во Р. Македонија и, воедно, претставени се одговорите на испитаниците. Испитаниците можеа да дадат повеќе одговори, односно да наведат повеќе причини поради кои го изучуваат јазикот.

Слика бр. 8. *Причини за изучување на германскиот јазик*




Само 8% од испитаниците одговориле дека образовниот систем на Р. Македонија им го налага изучувањето на германскиот јазик, и само 1,8% од испитаниците одговориле дека го изучуваат германскиот јазик поради инсистирањето на своите родители.

Ниту еден од испитаниците не одговорил позитивно на прашањето дека го изучува германскиот јазик поради тоа што неговите пријатели го изучуваат, па сакал и тој. Исто така, ниту еден испитаник не одговорил дека го изучува германскиот јазик поради вишок на слободно време.

Од испитаниците, 46,9% одговориле дека го изучуваат германскиот јазик бидејќи го сакаат, 54,9% од испитаниците одговориле дека го изучуваат германскиот јазик за остварување на своите амбиции.

Најголемиот процент од испитаниците, 82,3%, сметаат дека германскиот јазик е перспективен јазик, дека отвора шанси за вработување или шанси за подобри услови за образование.

Под „друго“ се наведени опциите: „брачен другар“, „ми се допаѓа редот, правилноста на јазикот“, „поради потреби на работното место“, „работа во Германија“, „студирање во Германија“. На секој од овие одговори, одговорил само по еден испитаник.

Слика бр. 9. *Германскиот јазик како перспективен јазик*




Испитаниците кои го изучуваат германскиот јазик бидејќи е перспективен јазик и отвора шанси за вработување или подобро образование, со следните одговори појаснуваат што поточно мислат со тоа:

- 56.4% од испитаниците сметаат дека познавањето на германскиот јазик отвора шанси за работа во некоја од германско-јазичните земји;
- 54.5% од испитаниците сметаат дека изучувањето на германскиот јазик може да им отвори шанса да се здобијат со квалитетно образование надвор од Р. Македонија, односно во некоја од германско-јазичните земји;
- 40.9% испитаници одговориле дека германскиот јазик отвора шанси за живот во некоја од германско-јазичните земји;
- 35.5% од испитаниците сметаат дека германскиот јазик отвора шанса за работа во Р. Македонија;
- 5.5% од испитаниците сметаат дека германскиот јазик отвора шанси за квалитетно образование во Р. Македонија.

Слика бр. 10. *Изучување на германскиот јазик заради вработување во Република Македонија*




Прикажаните одговори се на испитаниците кои одговориле позитивно на опцијата дека германскиот јазик отвора шанса за вработување во Р. Македонија, со цел да се види конкретно на каква работа мислат.

Од испитаниците, 36,2% сметаат дека германскиот јазик отвора работно место преведувач во Р. Македонија, 23,4% сметаат дека германскиот јазик може да им отвори шанса за работа во

меѓународна организација, 17% сметаат дека можат да работат како професори по германски јазик. Под опцијата „друго“, има по еден од следните одговори: „дообука во странска земја“, „лекар“, „работа во транспортна компанија“, „технолог“.

Слика бр. 11. *Германскиот јазик како перспективен јазик: кростабулација по вид на образование*




Од испитаниците од формалното образование, 79,7% сметаат дека германскиот јазик е перспективен јазик и отвора шанса за вработување или подобри услови за работа, додека истото го сметаат 88,4% од испитаниците од неформалното образование.

Слика бр. 12. *Изучување на германскиот јазик заради поквалитетно образование во германско-јазичните земји: кростабулација по вид на образование*




Процентот на испитаниците од формалното и од неформалното образование кои одговориле дека германскиот јазик отвора шанси за квалитетно образование во некоја германско-јазична земја е многу близок, односно изнесува 52,2%, наспроти 58,5%.

Слика бр. 13. *Изучување на германски јазик заради вработување во германско-јазични земји: крос-табулација по вид на образование*




Од испитаниците од формалното образование, 46,4% сметаат дека германскиот јазик отвора шанси за работа во некоја од германско-јазичните земји, додека истото го сметаат значително поголем број на слушатели на јазикот од неформалното образование, или поточно 73,2%.

Слика бр. 14. *Изучување на германскиот јазик заради вработување во Република Македонија: крос-табулација по вид на образование*




Од испитаниците од формалното образование, 44,9% сметаат дека германскиот јазик отвора шанси за работа во Македонија, а само 19,5% испитаници од неформалното образование го сметаат истото.

Слика бр. 15. *Изучување на германскиот јазик заради продолжување со животот во некоја од германско-јазичните земји: кростабулација по вид на образование*




Од испитаниците од формалното образование, 39,1% сметаат дека владеењето на германскиот јазик отвора шанси за живот во некоја германско-јазична земја, додека истото го мислат 43,9% од испитаниците од неформалното образование.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од интервјуата со професори по германски јазик и сопственици на приватни училишта за странски јазици, може да се заклучи дека тие забележуваат раст на интересот за изучување на германскиот јазик, а некои од нив дури и потенцираат дека интересот е значително зголемен.

Причините за зголемениот интерес за изучување на јазикот, најголемиот дел од испитаниците ја гледаат во лошата економска состојба во која се наоѓа во моментов Р. Македонија и сметаат дека со изучувањето на германскиот јазик слушателите ќе можат да најдат работа во некоја од германско-јазичните земји. Особено истакнуваат дека во последно време е видлива оваа појава кај медицинскиот кадар. Исто така, значаен број од испитаниците наведуваат дека германскиот јазик се изучува дополнително поради желбата да се добие квалитетно образование, односно да се продолжи образованието на некој од германско-јазичните универзитети, а со тоа и да се отворат подобри шанси за идно вработување.

Некои од испитаниците велат дека германскиот јазик се изучува бидејќи тој отвора шанси за вработување во Р. Македонија, во германска, австриска или швајцарска фирма, во германско претставништво или, пак, во меѓународна организација.

Најголемиот процент од испитаниците од анкетата ја навеле како причина за изучување на германскиот јазик перспективноста на јазикот и дека тој отвора шанси за работа и образование.

Нешто повеќе од половината од испитаниците навеле дека го изучуваат јазикот бидејќи со тоа остваруваат дел од своите амбиции, нешто помалку од половина од испитаниците навеле дека го изучуваат јазикот бидејќи им се допаѓа.

На прашањето што поточно подразбираат испитаниците под перспектива на германскиот јазик и отворањето шанса за вработување и образование, најголемиот број од испитаниците одговориле дека германскиот јазик отвора шанси за работа во СР Германија. Исто така, голем број од испитаниците, повеќе од 50%, кои сметаат дека јазикот отвора перспективи, одговориле дека јазикот отвора шанси за образование во некоја од германско-јазичните земји. Голем број од испитаниците одговориле дека отвора шанси за живот во некоја германско-јазична земја.

Забележителен е и бројот на испитаници кои одговориле дека германскиот јазик отвора шанси за работа во Р. Македонија, пред сé, се мисли на работа како преведувач, професор или како дел од меѓународна организација.

Истражувањето покажува дека слушателите од неформалното образование го изучуваат германскиот јазик со цел да им се отворат подобри шанси за работа во СР Германија, додека слушателите од формалното образование го изучуваат германскиот јазик сметајќи дека имаат шанси за работа во Р. Македонија. Сепак, и двете групи се изјасниле позитивно дека јазикот отвора шанси за живот во некоја германско-јазична земја. Процентот на оние кои одговориле дека германскиот јазик отвора шанси за живот во некоја германско-јазична земја од формалното и од неформалното образование е многу близок. Исто така, процентот е многу близок и кај одговорите дека германскиот јазик отвора шанса за образование во некоја германско-јазична земја, односно слушателите и од формалното и од неформалното образование го изучуваат германскиот јазик и за добивање на подобро образование во некоја германско-јазична земја.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Интеркултурниот пристап во наставата по германски како странски јазик и неговата примена во Република Македонија, д-р Емина Авдиќ, докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Факултет „Блаже Конески“, 2010, Скопје.

Symposium Deutsch als Fremdsprache in Südosteuropa, Bestandaufnahme und Perspektiven, Emina Avdic, Paraschos Berberoglu, Angeliki Kiliari, Georgios Perperidis, Jutta Wolfrum, 2005, Thessaloniki, Griechenland.

atsachen über Deutschland, Scietäts-Verlag, Frankfurt am Main, in Zusammenarbeit mit dem Auswärtigen Amt, Berlin, 2010.

Commission of the European Comminities (2000) A memorandum of lifelong learning, Brussels.

http://www.auswaertiges-amt.de/DE/Aussenpolitik/KulturDialog/SchulenJugend/Auslandsschulwesen-ZfA_node.html

http://ec.europa.eu/languages/documents/2006-special-eurobarometer-survey-64.3-europeans-and-languages-summary_de.pdf

http://www.stat.gov.mk/pdf/2013/2.1.13.07.pdf

http://www.dw.de/

http://zk.mk/

http://www.goethe.de/ins/mk/sko/mkindex.htm

# ДЕБАТАТА КАКО ФАКТОР ВО ИДЕОЛОШКАТА ОПРЕДЕЛБА КАЈ СТУДЕНТИТЕ И СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

***Марија Мирчевска, Антонио Даниловски***

*Младински образовен форум*

## ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА

Компаративно, дебатата како посебна област веќе подолг период е влезена во наставните курикулуми во развиените земји. Во македонското формално образование, денес сé уште не постои задолжителен предмет „дебата", во ниту еден степен на образование, иако според Бирото за развој на образованието, дебатата како алатка која промовира критичко размислување е вклучена во делот на дидактички препораки и методи на работа, во сите наставни програми за основно и средно образование, со особено внимание во наставните програми за животни вештини[1]. Како резултат, дебатата во Македонија, главно, е дел од неформалното образование. [2]

Дебатата по својата природа е формална активност. На сите страни е дадена едаква можност за презентирање на нивните ставови. Дебатата е структурирана со дефинирани периоди на кому-

1 МОН, одговор добиен според Законот за пристап до информации од јавен карактер, август 30, 2013

2 Моментално, главен понудувач на ваков тип на образование е Младинскиот образовен форум, кој е член и на Интернационалната дебатна образовна асоцијација. Како дел од Дебатната програма на МОФ, функционираат 22 средношколски дебатни клубови, од кои 8 во рамки на училишта од Скопје, 14 во други градови низ Македонија. Во рамки на средношколските дебатни клубови се изучува 3-годишен курикулум. Студентски дебатни клубови моментално постојат 4, на Правниот факултет 2, на Филозофскиот факултет 2, како резултат на соработка помеѓу МОФ и соодветните високообразовни институции. Годишно околу 350 средношколци земаат учество во клубовите, додека на студентско ниво овој број се движи од 50 до 60.

никација, што дозволува подготовка и креирање стратегии. Секоја дебата има своја тема, што го прави процесот понасочен од обична конверзација.

Robert Branham, еден од американските главни пропоненти на дебатата, концептуално дебатата ја дефинира на следниот начин: „Ако дебатата е процес во кој се застапени, поддржани, предизвикани и бранети ставови, за да се случат овие акции, аргументите мораат да поседуваат одредени атрибути: *развој*, преку кој аргументите се застапени и поддржани; *судир*, преку кој аргументите се соодветно предизивикани; *екстензија*, преку која аргументите се бранети по побивање; *перспектива*, преку која индивидуални аргументи се врзуваат со поголеми вредности"[3].

Во дебатата, се развиваат идеите и позициите. Равојот подразбира опис, објаснување и демонстрација. Во дебата, идеите се побиваат (во дебатерска терминологија, ова го претставува концептот на судир). Идеите кои се претставени од спротивната страна неопходно е да се анализираат критички, да се лоцираат нивните слабости, логички грешки и неконзистентности. Судирот не подразбира едноставно несогласување, туку потреба да се демонстрира добра причина зошто тие одбиваат да прифатат одредена идеја. Во дебата идеите се бранат (одбивање). Кога противникот ги критикува идеите на соговорникот, на критиката нужно е да се одговори, а не истата да се игнорира. Ова создава циклус на критичка анализа, при што идеите се: презентирани, побивани, одбивани, повторно побивани и одбивани, сѐ до крајот на дебатата.

Постојат голем број истражувања кои се трудат да објаснат кои се ефектите од практикување на дебата. Во литературата можат да се сретнат автори кои тврдат дека: дебатата го развива критичкото размислување (*Patterson and Zarefsky, Sanders*, *Bartanen and Frank, Ziegelmueller, Kay and Dause,* и др.)[4]; ги развива лидерските способности и овозможува професионален напредок (*Matlon & Keele, Hobbs & Chandler, Rogers, Freely & Steinberg,* и др.); го подобрува училишниот/академскиот успех (*Rogers, Barifield, Collier, Hunt, Garard and Simerly, K. Jones,* и др.); ги подобрува вештините, како: пишување, комуникација, активно слушање и запишување забелешки (*Sperling, Huston, Lybbert, Marlon and Keele, Oliver, Williams, McGee and Worth,* и др.); ја зголемува самодовербата (*Freele and Steinberg, Roger*s).

На страна од култивирањето на ваков тип на вештини, од наш интерес во овој случај беше да утврдиме дали дебатата има влијание врз вредносниот систем, во контекст на политички ставови и вредности на оние кои ја практикуваат. Основа да претпоставуваме дека постои поврзаност помеѓу дебатата и идеолошката определба, наоѓаме во некои досегашни излагања на автори, кои индиректно посочуваат дека постои основа за натамошно истражување на ова прашање. Mayer тврди дека дебатата е позитивен фактор во процесот на оформување на личноста (Mayer, 1936).

3 Snider, A. and Schnurer, M. (eds.) (2006) Many sides: debate across the curriculum, Conceptual Components of a Debate, IDebate Press, стр. 11

4 Критиката кон овие автори е дека се повикуваат на лични ставови, додека не постои методолшки издржана анализа која утврдува значајна разлика помеѓу дебатерите и недебатерите, во поглед на нивото на критичко размислување

„Дебатата бара од учениците да дебатираат од две страни на контроверзни прашања, со тоа станувајќи пофлексибилни и потолерантни кон спротивните мислења (Bellon 2000, Murir 1993)"[5]. Според Rogers, дебатерите се општествено потолерантни и помалку склони кон прифаќање на конвенционални општествени норми, како последица на промената на страни кои треба да се бранат во една дебата. Тој објаснува: „Затоа што дебатерите се изложени на различни тези на дебатирање, спроведуваат истражување за да можат да ги одбранат двете страни на тезата, пишуваат кратки брифови, поминуваат низ процесот на бранење на овие ставови, тие имаат можност да развијат поширок спектар на различни општествени перцепции".

Уште една важна карактеристика за дебатата е начинот на кој дебатерите се учат да креираат аргументација, како и пристапот кој треба да го имаат кон деконструкција на спротивната аргументација во една дебата. Дебатерите се стимулираат да го користат рационалниот критицизам, правец развиен од Карл Попер. Според неговата теорија на знаење, појдовната теза е дека треба да учиме од нашите грешки. Се работи за теорија на резонирање која се повикува на рационални аргументи.

Начинот на кој се развива знаењето, особено научното знаење, е преку: неоправдани антиципации, погодоци, експериментални решенија, преку претпоставки. Овие претпоставки се контролирани преку критицизмот, со обиди за побивање, што подразбираат сериозни тестови на критика. Дури и да се поминат тестовите на критика, некои претпоставки не можат никогаш да се сметаат за праведни, или да се потврдат како вистинити, дури и веројатни. Критицизмот на нашите претпоставки е од одлучувачка важност: преку посочување на грешките, ја сфаќаме тежината на проблемот кој се обидуваме да го решиме. На овој начин подобро го запознаваме проблемот и можеме да понудиме позрели решенија: преку теоријата за побивање, секој сериозен обид за да се изнајде решение е чекор напред кон вистината. На овој начин учиме од грешките.

Рационализмот е уште една битна карактеристика на либерализмот. Рационализмот, всушност, е верување дека светот има рационална структура, кој може да биде разбран преку логика и критичко размислување. Рационализмот се противи на емпиризмот затоа што верува дека до знаење, односно вистина, не се стигнува по емпириски пат, туку преку примена на логичко оправдување[6].

Дебатерите се учат дека при креирање на аргументација, повикување на традиција 7или авторитет8 е едноставно логичка грешка, односно грешка во начинот на резонирање. Само за илустрација, конзервативизмот во својата основа се базира врз идејата за традиција, односно

5 Zompetti J. ( ed.) (2011), Reasoned Rationales. In: Timothy O'Donnell (ed.) A Rationale for Intercollegiate Debate in Twenty-first Century, IDebate Press, стр. 19-46

6 Heywood, A. (ed.) Political ideologies: An introduction. In: Liberalism. 3d edition. Palgrave

7 Логичка грешка повикување на традиција: Само затоа што отсекогаш било така, така треба да остане или мора да е добро

8 Логичка грешка повикување на авторитет: Само затоа што некој со авторитет вели така, мора да е вистина

инсистира да се задржат или да не се менуваат вредностите, практиките и институциите, кои се пренесуваат од една генерација на друга, затоа што успеале да го победат тестот на времето.

Во лонгитудиналната студија на Rogers (2002)9, меѓудругото, е истражувана разликата во моралната/етичка димензија помеѓу дебатери и недебатери. Инструментот содржи прашања за утврдување на 4 разлики: 1. Склоност кон искривување на вистината - дефинирана како угодност на испитаникот во ситуации кога се искривува вистината (пр., колку свесно лично би се служеле со лаги, со цел да ја унапредиме нашата позиција/оствариме нашата цел без никого да повредиме; дали би извртувале факти или информации со цел да ја унапредиме нашата позиција, под услов да знаеме дека сме во право) 2. Верба во ситуациона етика - колку испитаникот се чувствува угодно при менување на етичките стандарди, зависно од ситуацијата/контекстот (дали одредени околности можат да оправдаат постапки кои во друг контекст или ситуација би се сметале за погрешни или неетички?) 3. Склоност кон игнорирање на докази кои ѝ контрадикторат на вашата позиција - дали испитаниците се склони кон балансиран пристап на контроверзни прашања, односно дали се впуштаат во критично размислување во процесот на донесување на одлуки. 4. Колку веруваат во праведно општество - колку се задоволни од општествениот систем на праведност.

Авторот не наоѓа значителна разлика меѓу дебатерите и недебатерите во однос на склоноста кон извртување на вистината за личен бенефит, ниту, пак, по прашањето за ситуациона етика, што веројатно оди спротивно на очекувањата, кога се има предвид природата на дебатата (побивање на аргументите на противникот, бараат извртување на изнесеното или, пак, подготвеноста да се бранат различни страни на една теза, подразбира морална флексибилност). Меѓутоа, истражувањето покажува дека дебатерите се значајно помалку склони кон игнорирање на докази кои контрадикторат на нивните ставови и верувања, како и дека значително повеќе веруваат во праведно општество (етика, вредности, општествени договори), во споредба со нивните врсници.

### *За политичкиот тест заснован врз моралност* [10]

За потребите на ова истражување, како работна дефиниција за политичка идеологија ќе ја земеме онаа на Хејвуд (Hejvud, 2005), кој политичката идеологија ја дефинира како: „Повеќе или помалку, кохерентен збир на идеи, убедувања и верувања. Таа создава основа за политичка акција, која може да биде насочена кон зачувување, обликување или промена на постојното политичко уредување. Постојат правила кои важат за сите видови на идеологии: 1. Секоја идеологија претставува интегриран поглед врз постојното општествено уредување 2. Секоја идеологија нуди модел за

9 Rogers J. (2002) Longitudinal outcome assessment for forensics: does participation in intercollegiate, competitive forensics contribute to measurable differences in positive student outcome. Contemporary argumentation and debate 23

10 Марковиќ, М. (ед.) Политчки идеологии и моралното расудување кај студентската популација во Македонија. Необјавена докторска дисертација, Институт за психологија

посакуван идеален општествен систем (цели) 3. Сите идеологии нудат опис за тоа какви политички промени треба да се случат за да се достигне идеалното општествено уредување (методи)". Според Erikson и Tedin (2003), идеологијата е сет на верувања за општествениот ред и како тој да се постигне.[11]

Инструмент кој може да ни даде одговор на прашањето за идеолошка ориентација е „Политичкиот тест заснован врз моралност", кој е базиран врз Ајзанковата „Димензионална типологија на личност" (Eysenck, 1968) и Нолановиот „Дводимензионален модел на политичка идеологија" (Nolan, 1970). Хоризонталната оска „морален ред" ги презентира вредностите кои индивидуата посакува да важат во, за неа, идеално политичко уредување (цели???). Вертикалната оска „морални правила" го претставува погледот на луѓето за тоа на кој начин ќе биде постигнато посакуваното политичко уредување. Соодносот на двете димензии „морален ред" и „морални правила" е претставен во матрица која опишува 4 идеологии: социјалистичка, либерална, конзервативна и авторитарна.

Хоризонталната оска „морален ред" е определена со двата континиума, „неконформизам" и „конформизам", додека вертикалната, со двата континиума, „заемна зависност" и „независност".

Димензијата **„морален ред"** (хоризонталната оска) утврдува дали определени аспекти имаат морален авторитет врз другите. Ги рангира категориите, како што се: Господ, раса, природа... . Оние кои се наоѓаат десно на моралната матрица имаат структуриран морален ред, оние лево, рамен морален ред, односно немаат хиерархиска организација на морални правила.

Поконкретно:

- **Конформисти** (хиерархиска структурирана организација на усвоени морални правила)

Овие луѓе веруваат дека Господ е над човекот, дека некои култури вредат повеќе од другите, и сл. Структурираниот морален ред ја определува униформноста на мислата и однесувањето во општеството, а притоа, стимулира почитување на воспоставениот морален ред. Луѓето од оваа страна на димензијата почитуваат: интеграција на црквата и државата, семејни вредности, воени програми, контрола на абортусот, и сл.

- **Неконформисти** (нема хиерархиска поставеност на усвоените морални правила)

Тие веруваат дека: сите етнички заедници се исти, мажот и жената се рамноправни, сите култури се исти, и сл. Рамниот морален ред овозможува дивергентност во мислата и поведението во рамките на општественото живеење. Луѓето кои се наоѓаат на оваа страна на димензијата поддржуваат: сепарација на црквата од државата, ги поддржуваат хомосексуалците и малцинствата, поддржуваат легализација на дрога, слобода на изразување, и сл.

---

11 Jost J., Federico C. and Napier J. (2009). Political Ideology: It's structure, Functions and Elective Affinities. Annual Review Psychology

Димензијата „морални правила” (вертикалната оска) е определена од природата на акциите кои треба да се наградуваат во општеството, односно дали примарно треба да се надградуваат активностите од кои има корист општеството или поединецот. Луѓето кои се на горната крајна точка на вертикалната оска веруваат дека општеството и секој од неговите членови добиваат најмногу доколку им се даде приоритет на колективните иницијативи (зависност). Луѓето кои се на спротивниот континиум на вертикалната оска веруваат дека општеството и неговите членови добиваат најмногу ако се стимулираат индивидуалните иницијативи (независност).

- **Заемна зависност**

Луѓе кои преферираат заемна зависност ги наградуваат активностите, како што се: зајакнување на социјалните врски, емпатија со помалку среќните членови на општеството, помош на членовите да постигнат среќа, и сл. Наградувањето на колективните иницијативи е со тенденција да создаде општество, со високо ниво на економска заемна зависност. Луѓето од оваа страна на димензијата поддржуваат: силна влада, социјални програми, контрола на оружје, превенција од криминал, и сл.

- **Независност**

Независноста подразбира надградување на индивидуалните иницијативи. Овие луѓе покажуваат помош на индивидуите да постигнат самодисциплина, како услов за постигнување на самодоволност. Луѓето од оваа страна на димензијата поддржуваат: економска слобода, ниски такси, поседување на оружје, репресија на криминал, и сл.

Оваа матрица, политичките идеологии ги опишува на следниот начин:

- Либералната идеологија е опишана со неконформизам и независност
- Социјалистичката идеологија е опишана со неконформизам и заемна зависност
- Авторитарната идеологија е опишана со конформизам и заемна зависност
- Конзервативната идеологија е опишана со конформизам и независност

## НАЦРТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Предмет на истражувањето: Да се проучи поврзаноста на вклученоста во дебатата како активност со идеолошката ориентација кај средношколците и студентите.**

**Цели на истражувањето:** 1. Да се утврди кои видови политички идеологии се застапени кај испитаниците и, воедно, да се идентификува доминантната политичка идеологија. 2. Да се утврди дали вклученоста во дебатата е фактор кој влијае врз идеолошката ориентација.

**Општа хипотеза:** Постои разлика меѓу дебатери и недебатери во нивната идеолошка ориентација.

**Посебни хипотези:** 1. Постои разлика меѓу дебатери средношколци и недебатери средношколци во нивната идеолошка определба. 2. Постои разлика меѓу дебатери студенти и недебатери студенти во нивната идеолошка определба.

За потребите на ова истражување под дефиницијата „дебатер” ги подразбираме оние испитаници кои одговориле дека имаат дебатно искуство од барем „една година”, до „над 3 години” и моментално се активни како дебатери. Како „недебатери“ ги сметаме оние кои дале одговор „помалку од 1 година”, „не сум посетувал ваква настава” и „имам посетувано, но сега не сум активен” (неактивни дебатери).

Под „средношколци“ ги подразбираме оние испитаници кои во моментот на спроведување на теренското истражување се дел од процесот на средното образование. Под „студенти“, подразбираме испитаници кои се во прв или втор циклус на студии.

Како контролни варијабли се земени: возраст, пол, етничко потекло.

Истражувањето е спроведувано во периодот октомври-ноември 2013, на следната популација:

Табела бр. 1 *Фреквенција и процентуална застапеност на средношколци и студенти*

| **Вкупно** | | | |
|---|---|---|---|
| Средношколци | | Студенти | |
| Фреквенција | Процент | Фреквенција | Процент |
| 749 | 88,14% | 106 | 11,86 % |

Од испитаниците, 88,14% се дел од средното образование, додека 11,86% се студенти, на прв или втор циклус на студии.

Табела бр. 2 *Фреквенција и процентуална застапеност на дебатери помеѓу средношколците*

| **Средношколци** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дебатери | | Недебатери | | Неодговорени | |
| Фреквенција | Процент | Фреквенција | Процент | Фреквенција | Процент |
| 67 | 8,94% | 690 | 92,12% | 59 | 7,87% |

Од средношколците, 92,12% припаѓаат на категоријата недебатери, додека 8,94%, на категоријата дебатери. На прашањето со кое се утврдува дали испитаникот има искуство со дебата, не одговориле 7,87% (овој процент е исклучен од популацијата кога се тестираат разлики меѓу дебатери и недебатери).

Табела бр. 3 *Фреквенција и процентуална застапеност на дебатери меѓу студентите*

| **Студенти** | | | |
|---|---|---|---|
| Дебатери | | Недебатери | |
| Фреквенција | Процент | Фреквенција | Процент |
| 44 | 41,5% | 62 | 58,49% |

Од студентската популација, дел од примерокот, 41,5% се дебатери, односно 58,49% се недебатери.

Табела бр. 4 *Фреквенција и процентуална застапеност на временскиот период во кој испитаниците се активни во дебатната програма*

| **Колку време си посетувал дебатна настава?** | | |
|---|---|---|
| | Фреквенција | Процент |
| Помалку од 1 година | 56 | 6,55% |
| 1 година | 49 | 5,73% |
| 2 години | 21 | 2,45% |
| 3 години | 18 | 2,1% |
| Повеќе од 3 години | 23 | 2,69% |
| Не сум посетувал таква настава | 441 | 48,07% |
| Имам посетувано, но сега не сум активен | 188 | 21,98% |
| Неодговорено | 59 | 6,9% |

Од вкупниот број испитаници, 16,5% се дебатери (биле дел од дебатни активности од минимум 1 година, до над 3), додека 48,07% никогаш не посетувале дебатна настава, односно 21,98% не се повеќе активни, а 6,55% се дел од дебатните активности помалку од 1 година, што според операционализацијата на дефиниции, не спаѓаат во категоријата дебатери.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОЛИТИЧКИОТ ТЕСТ ЗАСНОВАН ВРЗ МОРАЛНОСТ

Табела бр. 5 *Генерална дистрибуција на одговорите од вкупната популација*

| Идеологија | Фреквенции | Процент |
|---|---|---|
| Социјалистичка | 453 | 52,98 |
| Авторитарна | 79 | 9,24 |
| Либерална | 163 | 19,06 |
| Конзервативни | 62 | 7,25 |
| Социјалистичка и либерална | 37 | 4,33 |
| Авторитарна и конзервативна | 8 | 0,94 |
| Социјалистичка и авторитарна | 28 | 3,27 |
| Либерална и конзервативна | 23 | 2,69 |
| Центар | 2 | 0,23 |
| Вкупно | 855 | 99,99 |

Добиените податоци укажуваат дека доминантна идеолошка определба кај испитаниците е социјалистичката идеологија, со 52,98%, односно повеќе од половина делат ставови дека треба да се поддржуваат политики, како: сепарација на црквата од државата, поддршка за правата на хомосексуалците и малцинствата, легализација на дрога, слобода на изразување, и сл. Истовремено, овие испитаници сметаат дека државата треба да има поголем удел особено преку поддршка на социјални програми, контрола наоружје, превенција од криминал, и сл. Следна најзастапена е либералната идеологија, со 19,06%, опишана е со неконформизам и независност. Со авторитарната идеологија се идентификуваат 9,24%, додека 7,25% со конзервативната.

Со примена на Т-тест утврдивме дека не постои значајна разлика меѓу студенти и средношколци во однос на морален ред ($p < 0,05$), ниту морални правила ($p < 0,05$).

Она што беше наш примарен интерес е да утврдиме дали постои разлика меѓу дебатери и недебатери во поглед на идеолошката определба, односно дали дебатата може да се смета за фактор кој има влијание врз идеолошките ставови на оние кои ја практикуваат.

Графички приказ 1. *Генерална дистрибуција на целиот примерок испитаници*




* На приказот не се вклучени оние испитаници кои не одговориле на прашањето дали некогаш посетувале дебатна настава

Табела бр. 6 *Идеолошка определба кај дебатери и недебатери*

| **Идеологија** | **Фреквенции** | **Процент** |
|---|---|---|
| Социјалистичка | 70,27 | 49,13 |
| Авторитарна | 9,01 | 9,62 |
| Либерална | 11,71 | 20,12 |
| Конзервативни | 5,41 | 8,02 |
| Социјалистичка и либерална | 2,7 | 4,66 |
| Авторитарна и конзервативна | 0 | 1,02 |
| Социјалистичка и авторитарна | 0 | 4,08 |
| Либерална и конзервативна | 0,9 | 3,06 |
| Центар | 0 | 0,29 |
| Вкупно | 100 | 100 |

Симплифицирано, од Табелата 2 може да се утврди дека 7, од 10 дебатери, се социјалистички ориентирани. Само за споредба, 1 би бил либерал и 1 би бил со авторитарни убедувања. Кај недебатерите постои сличен тренд, иако дистрибуцијата е различна. Кај, речиси, половина од испитаниците доминира социјалистичката идеологија, додека либералната е застапена со 20,12%. Авторитарни вредности споделуваат 9,62% од испитаниците, додека 8,02% конзервативни.

Т-тестот не укажа на значајна разлика во однос на морален ред помеѓу дебатерите и недебатерите (p< 0,05), ниту во однос на морални правила (p< 0,05).

Високи 86% од студентите дебатери се социјалистички ориентирани, што зборува дека оваа група дели релативно хомогени ставови и вредности. Остатокот од целината е рамномерно дисперзиран, по 4,55% од испитаниците се определиле за либералната авторитарна и конзервативна идеологија.

Процентот на недебатери студенти кои се социјалистички ориентирани е, речиси, 2,4 пати помал од бројот на дебатери студенти, иако најголемиот дел од студентите недебатери се социјалистички ориентирани (35,48%, што, воедно, претставува и највисок процент во оваа група). Кај недебатерите студенти може да се сретне и највисок процент на либерално ориентирани, однос-

но 29,03%, во споредба со другите категории. За споредба, меѓу студентите дебатери само 4,55% може да се сместат во либералниот квадрант на координативниот систем.

За споредба, во истражување реализирано во 2007[12], доминантна определба кај студентите е повторно социјалистичката, но со значително повисок процент, односно 78,1%. Во 2013, очигледно е дека има сериозно намалување на социјалистички ориентираните, за сметка на оние кои се либерално и конзервативно пределени, што веројатно се должи на смената на генерации.

Табела бр. 7 *Процентуална дистрибуција на класификација на политичка идеологија*

| **Процентуална застапеност** | **Средношколец деатер** | **Средношколец недебатер** | **Студент дебатер** | **Студент недебатер** |
|---|---|---|---|---|
| Социјалистичка | 59,7 | 50,56 | 86,36 | 35,48 |
| Авторитарна | 11,94 | 10,11 | 4,55 | 4,84 |
| Либерална | 16,42 | 19,26 | 4,55 | 29,03 |
| Конзервативни | 8,96 | 6,42 | 0 | 3,23 |
| Социјалистичка и либерална | 1,49 | 4,82 | 4,55 | 0 |
| Авторитарна и конзервативна | 0 | 1,12 | 0 | 0 |
| Социјалистичка и авторитарна | 0 | 4,49 | 0 | 3,23 |
| Либерална и конзервативна | 1,49 | 3,05 | 0 | 1,61 |
| Центар | 0 | 0,16 | 0 | 101,61 |
| Вкупно | 100 | 99,99 | 100,01 | |

Со примена на Т-тест утврдивме дека не постои значајна разлика меѓу студентите дебатери и недебатери во однос на морален ред ($p< 0{,}05$), ниту морални правила ($p< 0{,}05$).

12 Марковиќ, М. (ед.) Политчки идеологии и моралното расудување кај студентската популација во Македонија. Необјавена докторска дисертација, Институт за психологија

Графички приказ 2. *Идеолошка определба кај студенти*




Кај средношколците, процентуалните разлики не се толку драматични, иако повторно најзастапена е социјалистичката ориентација (кај дебатери 58,7%, недебатери 50,56%). Кај недебатерите можат почесто да се сретнат либерали, отколку кај дебатерите (19,26% и 16,42% соодветно). За сметка на либералите, кај дебатерите има повеќе испитаници со авторитарни, односно конзервативни ставови (11,94% и 8,96% соодветно).

Т-тестот ни во овој случај не укажа на значајни разлики, кај дебатери и недебатери средношколци во однос на морален ред ($p < 0,05$) и морални правила ($p < 0,05$).

Графички приказ 3. *Идеолошка определба на средношколци*




**ДИСКУСИЈА**

Со цел да се утврди дали постои поврзаност помеѓу дебатата како редовна активност и идеолошката определба, беше употребена една статистичка постапка, односно утврдување на поврзаноста на варијаблите. Со употреба на Т-тестот се дојде до отфрлање на 2-те посебни хипотези. Може да се заклучи дека не постои значајна разлика меѓу дебатери средношколци и недебатери средношколци во нивната идеолошка определба, односно не постои значајна разлика меѓу дебатери студенти и недебатери студенти во нивната идеолошка определба. Како резултат се отфрла и главната хипотеза, дека постои значајна разлика меѓу дебатери и недебатери во идеолошката ориентација.

Она што, сепак, остава простор за дискусија е на што се должи големата застапеност на социјалистичката ориентација кај испитаниците, особено студентите дебатери. Да се потсетиме дека социјализмот беше определен од неконформизмот и заемната зависност.

Во контекст на заемната зависност, социјализмот вели дека луѓето како социјални битија се способни да ги надминат социјалните и економските проблеми преку искористување на силата

на заедницата, а не само преку индивидуалниот напор. Овој колективистички приод го нагласува капацитетот на човечките суштества за колективна акција, нивната подготвеност и можност да остваруваат цели со заеднички труд, наместо да целат кон остварување само на лични интереси.

Една од можните интерпретации зошто кај популацијата се јавуваат вакви преференци е социјалниот притисок кој се јавува во корист на колективизмот, особено преку влијанието на генерациите кои се растени во држава со социјалистички политички систем.

Меѓутоа, социјализмот кај студентите се јавува многу повеќе како вредност, отколку како метод на дејствување. Додека не би спореле дека споделуваат ваков тип на вредности, сепак изостанува организирање и дејствување согласно колективистичкиот принцип. На пример, студентите, денес, имаат сериозен проблем организирано да дејствуваат во насока на заштита и афирмација на сопствените интереси. Една од можните интерпретации зошто ова е така, е нефункционалноста на системот на студентско организирање, кој во својата суштина е неинклузивен и корумпиран. Другата може да биде дека, сепак, се работи за резидуум од минатото, односно недостасува граѓански активизам кој бара учество во процесите на одлучување.

На вредносно ниво, социјалистите веруваат во редистрибуција на богатството, преку даночниот систем и поддршка за социјални програми, со што практично поддржуваат широка интервенција од страна на државата во социо-економскиот општествен сегмент. На овој начин, се врши остварување на идејата за еднаквост во можностите, што води кон правично општество.

Младите луѓе уживаат право на користење на дел од државните социјални програми, на пример: бесплатно образование на ниво на основно и средно образование, и релативно пристапно високо образование, програми што се реализираат со учество на државата. Постои можност за искористување и на други социјални пакети или афирмативни мерки, како, на пример, стипендии за студенти од социјално загрозени семејства, студенти без родители, со инвалидитет, стипендии за студенти со добри академски постигнувања, квоти за малцинства за упис на факултет, и сл., што може да биде една од причините за поддршка на социјализмот врз принципиелно ниво. Меѓутоа, поддршката за интервенција на државата во обезбедување на ваков вид сервиси, може да се должи и на економската немоќ, односно неможноста индивидуално да се покријат ваков тип на трошоци.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


Jost J., Federico C. and Napier J. (2009). Political Ideology: It's structure, Functions and Elective Affinities. Annual Review Psychology

Heywood, A. Political ideologies: An introduction, Palgrave

Марковиќ, М. Политички идеологии и моралното расудување кај студентската популација во Македонија. Необјавена докторска дисертација, Институт за психологија

Rogers J. (2002) longitudinal outcome assessment for forensics: does participation in intercollegiate, competitive forensics contribute to measurable differences in positive student outcome. Contemporary argumentation and debate 23

Snider, A. and Schnurer, M. (2006) Many sides: debate across the curriculum, IDebate Press

Zompetti J (2011) Reasoned Rationales: Exploring the Educational Value of Debate. IDebate Press

# (ДЕ)МОТИВАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ЗА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

***Маријана Јанческа***
*Младински сојуз Крушево*

## ВОВЕД

Невладината организација „Младински Сојуз – Крушево" веќе десетина години работи на поттикнување на младите да учествуваат во процесот на донесување одлуки и да бидат активен дел од општеството. Следствено, во време кога Интернетот станува значаен дел од секојдневието, не може, а да не се запрашаме дали и преку него може да учествуваме во демократскиот процес и на тој начин да придонесеме кон позитивни промени во општеството? Во овој контекст, се наметнува потребата од утврдување на интересот за политичка партиципација преку социјалните мрежи и дали таму се отсликуваат односите од реалноста или, пак, влијаат некои други фактори кои предизвикуваат сосема различен резултат.

Потребата за учество на младите во процесот на донесување одлуки е голема. Тие треба да се општествено свесни и желни за континуирано подобрување на животниот стандард во заедницата во која живеат, но и во целокупното општество. Притоа, придобивките кои директно ги чувствуваат младите поради конструктивната вклученост во процесот на донесување одлуки, се потенцијално големи. (Pateman, 1971)

Потребата од истражување кое се однесува на (де)мотивацијата на младите за електронско учество, со посебен осврт на електронското учество преку социјалните мрежи, се наметнува со

природниот тек на модернизација и дигитализација на општеството. Тргнуваме од хипотезата дека младите немаат вештини и мотивација да учествуваат во електронската партиципативна демократија бидејќи сметаат дека тоа однапред е осудено на неуспех. Оваа корелација се надополнува со уште две варијабли кои играат голема улога во нејзината ефектуација, слабата искористеност на новите медиуми и општата политичка апатија што е застапена во земјата.

Оттука, главна цел на овој истражувачки проект е да се утврди постоењето или недостатокот на мотивација кај младите за електронско учество, со посебен осврт на електронското учество преку социјалните мрежи. Покрај главната цел, ова истражување се фокусира и врз неколку специфични цели, односно:

- Да се утврдат општите навики на младите за користење на социјалните мрежи;
- Да се утврдат методите кои младите ги користат за електронско учество;
- Да се утврди степенот на електронско учество.

Следствено, ова истражување методолошки предоминантно се базира врз теренско испитување на јавното мислење кое се спроведе во периодот од 20 октомври 2013 година, до 3 ноември 2013 година, на примерок од 120 испитаници. Таргет група е млада и урбана популација од 18 до 32-годишна возраст. Прашалникот беше дистрибуиран во следниве градови: Скопје, Гостивар, Битола, Велес, Делчево, Кичево, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Свети Николе, Струмица, Тетово, Штип, Кавадарци, Струга, Кратово, Радовиш и Ресен. Со цел да се овозможи правилна: полова, географска и етничка распределба, примерокот опфаќа рамномерна дистрибуција на неколку демографски карактеристики. Од вкупниот број на испитаници, 48,3% се од женски, а 51,7% од машки пол. Од македонскиот етникум се 81,7%, додека како припадници на албанската етничката група се вклучени 16,7% од испитаниците. Во однос на застапеноста според возраст, 20,8% од испитаниците се на возраст од 15-20 години, од 20-22 години – 19,2%, а помеѓу 22 и 25-годишна возраст се 14,2% од испитаниците. Од анкетираните, 24,2% имаат меѓу 25 и 27 години, а во групата од 27 до 32-годишна возраст припаѓаат 21,7% од испитаниците.

## ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА И УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Политичкиот систем во една земја го сочинуваат: граѓаните, владата, администрацијата, парламентот и интермедијалниот систем во кои спаѓаат разни невладини облици на асоцијација, медиуми и партии. Под демократија се подразбира владеење на народот, односно општества во кои народот избира свои претставници преку слободен изборен систем. Политиката, како што објаснува Бунз (Bunz, 2013, стр. 97), следејќи ја мислата на Хана Арент, не е нешто што има за цел да обезбеди профит, туку има за цел да го организира колективното живеење на луѓето кон подобро. Доколку ги поставиме работите вака, тогаш легитимна е потребата секој од нас да сака да се вклучи на некој начин во донесувањето на одлуки, односно во градењето на тоа хипотетично подобро

утре. Партиципативната демократија во основа е зголемено учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки. Тоа освен преку избирачкото право се реализира и преку голем број на институционални и вонинституционални облици на политичка партиципација, односно: петиции, иницијативи, отворени дебати, јавни расправи за закони, и слично. Во ваков контекст, степенот на политичка партиципација во голема мера го обликува квалитетот на демократското владеење. Следствено, потенцијалот за делиберација во општеството укажува како комуникативната интеракција е корисна за демократските режими (Mutz, 2006, стр. 5). Од друга страна, било кој дискурс на партиципативната демократија преку социјалните мрежи нужно е поврзан со објаснувањето на поширокиот термин е-демократија. Станува збор за користење на Интернетот како канал/медиум преку којшто се реализира учеството на граѓаните во демократските процеси. Под е-учество, всушност, според Кордоба-Пачон и Очоа-Ариас, се подразбира феноменот на учество во општеството со посредство на електронските уреди. (Cordoba-Pachón & Ochoa-Arias, 2012) Како потесен сегмент од е-демократијата ќе го разгледуваме искористувањето на социјалните мрежи како облик за практикување на алтернативна политичка партиципација. Ова значи дека во нашиот фокус се врските меѓу политичарите, владиниот сектор и граѓаните кои се реализираат во рамките на Интернет сферата, со посебен осврт кон оние што се случуваат во рамките на социјалните мрежи.

Ова не е прво испитување на јавното мнение за употребата на социјалните мрежи, а направени се и претходни истражувања кои таа употреба ја ставаат во контекст на партиципативната демократија. Македонија беше дел од глобалното истражување Wave 6 [1] во чијшто фокус се наоѓаше бизнис заедницата и нејзиното егзистирање во интернетското опкружување. Во моментов е во тек уште едно истражување кое го реализираат Агенцијата Рејтинг и Агенцијата NewMediaMK, а кое е првото сеопфатно истражување за навиките на Facebook корисниците од Македонија. Исто така, во моментов трае прибирањето на материјали, сведоштва и коментари од граѓаните за електронските услуги од областа на е-управување[2] (е-влада, е-владеење). Оваа активност е организирана од страна на Фондацијата Метаморфозис, а Бардил Јашари, од истата Фондација реализираше истражување на тема: „Потенцијалот на социјалните медиуми за унапредување на јавниот дијалог; практични начини за подобрување на интеракцијата меѓу политичарите и граѓаните.“[3] Од погоренаведеното јасно се гледа дека полека, но сигурно, темата за врската меѓу Интернетот и демократијата станува сè поактуелна во Македонија.

## УТИЛИЗАЦИЈА НА ИНТЕРНЕТОТ И НОВИТЕ МЕДИУМИ КАЈ МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Интернетот и новите медиуми бележат значителна пенетрација во животот на младата популација во Македонија. Така, 100% од испитаниците во рамките на ова истражување користат Интернет.

1 Повеќе на следниот линк: http://universalmccann.com.au/global/knowledge/view?d=226
2 Повеќе на следниот линк: http://r.ping.mk/r/%D0%B8%D0%BA%D1%82/comments/51uu
3 Повеќе на следниот линк: http://www.metamorphosis.org.mk/mk/za-nas/personal/1416-bardhyl

Од нив, 95% користат Интернет секојдневно, додека, пак, останатите 5% користат Интернет неколкупати неделно. Во однос на општите навики за гледање телевизија и слушање радио, ги добивме следниве резултати:






Се забележува дека на прашањето за навиките на гледање телевизија, добиените податоци речиси се размерно распределени во понудените опции, додека, пак, најголем процент од испитаниците слушаат радио само неколку часа неделно. Од ова лесно може да се извлече заклучок дека радиото не е секојдневно користен медиум од страна на младата македонска популација. Од друга страна, пак, 25,0% од испитаниците редовно читаат весници, а само 10,0% редовно читаат списанија. Одговорите дека тоа го прават често се приближни и за весниците, односно 25,8% од испитаниците, и за списанијата, односно 23,3%. Но, сепак, највисокиот процент е концентриран во „читам ретко". Ретко читаат весници 40,8% од испитаниците, а во однос на списанијата, процентот е многу повисок и изнесува 54,2%. Воопшто не читаат весници 8,3% од анкетираните, а списанија не читаат воопшто 12,5%. Се забележува дека читањето списанија и слушањето радио се најмалку популарни. Од друга страна, пак, на прашањето колку често проверуваат електронска пошта ги добивме следните одговори:




Испитаниците најчесто се вклучуваат на Интернет преку лап топ (49,2%), а потоа следуваат смарт телефони (31,7%), десктоп компјутер (18,3) и таблет (0,8%). Во насока на испитување на општите навики при користењето на Интернетот, дистрибуцијата на одговорите на прашањето „што најчесто правите кога сте вклучени на Интернет?" е следна:




Сите испитаници имаат профили на социјалните мрежи и, исто така, сите најчесто го користат фејсбук. Од испитаниците, 45,8% имаат отворени фејсбук профили, додека, пак, 51,7% имаат затворени фејсбук профили. На ова прашање со „немам одговор“ се изјасниле 2,5% од испитаниците. На прашањето: „Колку често го проверувате својот профил?“ дури 44,2% изјавиле дека постојано е вклучен, а 54,2% го проверуваат неколку пати во текот на денот. Од испитаниците, 1,7% изјавиле дека својот профил на социјалните мрежи го проверуваат неколку пати неделно. Кога станува збор, пак, за модалитетите на комуникација на испитаниците со нивните пријатели на социјалните мрежи, гледаме дека во најголема мера фејсбук се користи за праќање приватни пораки:




Разнообразни се и одговорите на прашањето: „Што најчесто споделувате на вашите профили на социјалните мрежи.“ Забележуваме дека младите во Македонија најчесто споделуваат фотографии, а најретко споделуваат вести.



You tube се наметнува како исклучително моќен медиум кој младите често го користат. Имено, испитаниците беа прашани дали некогаш постирале видео на You tube. Потврдно одговориле 35,8%, а останатите 64,2%, немаат постирано видео на You tube. Оние кои одговорија потврдно, беа замолени да кажат во која категорија спаѓа(ат) видеото/видеата што ги постирале на You tube. Во овој контекст, помеѓу активните партиципиенти може да со воочи одреден степен на хетерогеност во однос на содржината на видеата кои се постираат. Така, видеата со забавна содржина се нешто позастапени (15%), наспроти видеата со музичка (7,5%), политичка (5,0%) и приватна содржина (5,0%), кои се одликуваат со слична фреквенција на партиципација.

Шаренолики беа одговорите и на прашањето: „Што најчесто пребарувате на Интернет?" Утврдивме дека испитаниците најчесто пребаруваат вести, филмови и уметност.




Од друга страна, се забележува намалување на заинтересираноста за блогирање. Дури 75,8% од испитаниците немаат блог. Потврдно на прашањето: „Дали имате блог?" одговориле само 24,2%. Од оние, пак, кои се активни во блогосферата, нивните блогови најчесто тангираат теми поврзани со уметноста и политички прашања.




Финално, испитаниците беа прашани зошто ги користат социјалните мрежи? Најголемиот дел од нив, односно 40,8% се на социјалните мрежи за да бидат информирани. За да останат во контакт со старите пријатели, социјалните мрежи ги користат 25,8% од испитаниците, а со водечка желба да запознаат нови пријатели, социјалните мрежи ги користат 1,7% од нив. Од испитаниците 7,5% ги користат социјалните мрежи за да бидат во чекор со светот, а 10,8% од прашаните ги користат социјалните мрежи бидејќи сите ги користат, т.е. поради нивната популарност. За опцијата „да си го кажам мислењето“, се определиле 6,7% од испитаниците, а 5,8% немале одговор на ова прашање.

## ПАРТИЦИПАТИВНАТА ДЕМОКРАТИЈА И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Застапеноста на политичарите и државните институции на профилите на младите во Македонија е опфатена во рамките на ова истражување преку прашањето дали испитаниците на нивните профили на социјалните мрежи имаат политичари и(ли) државни институции за пријатели. Дистрибуцијата на одговори укажува на нешто поголема популарност на политичките елити наспроти институционалните актери.


Дали на вашите профили на социјалните мрежи имате политичари за пријатели?
Немам одговор
Не
Да
0
20
40
60
80
Проценти
Фреквенција


Дали на вашите профили на социјалните мрежи имате државни институции за пријатели?
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Да
Не
Немам одговор
Воопшто не одговориле
Фреквенција
Проценти

Исто така, се обидовме да ја измериме и (не)согласноста на јавноста со тоа дали државните институции треба да имаат профили на социјалните мрежи. На прашањето: „Дали сметате дека државните институции треба да имаат профили на социјалните мрежи?“ 67,5% одговориле потврдно, додека, пак, на оваа идеја негативно одговориле 18,3%. Опцијата „немам одговор“ ја избрале 14,2%. Во овој контекст, од испитаниците се побара да дадат квалитативна квалификација на присуството на државните институции на социјалните мрежи. Најголемиот дел од испитаниците, 35,0% сметаат дека е недоволно, додека, пак, 22,5% сметаат дека присуството на државните институции на социјалните мрежи е корисно. Немаат одговор на ова прашање 15,8% од испитаниците, а 14,2% сметаат дека присуството на државните институции на социјалните мрежи е потребно. Дека државните институции воопшто не се присутни на социјалните мрежи, сметаат 7,5% од испитаниците, а ова прашање не го одговориле 4,2% од анкетираните. Само 0,8% сметаат дека присуството на државните институции на социјалните мрежи е одлично сработено.

На прашањето: „Дали сте имале комуникација со политичари преку социјалните мрежи“, потврдно одговориле 39,2% од вкупниот број на испитаници. Најголемиот дел, односно 56,7% одговориле негативно. На ова прашање, 5% од испитаниците немаат одговор. Оние коишто одговорија потврдно, потоа го специфицираа начинот на којшто се остварила таа комуникација, 10,8% од нив барале некоја информација, а речиси исто толку, односно 10,0% пишале коментар на нивниот профил. Слични се процентите и на оние кои им пишале приватна порака (5,8%) и на оние кои ги информирале политичарите преку социјалните мрежи за некој проблем (5,0%). Комуникација со политичари преку социјалните мрежи имале 7,5%, но не сакаат да наведат на кој конкретен начин истата била остварена.

Од оние коишто немале комуникација со политичари преку социјалните мрежи, најголемиот дел, односно 20,0%, немаат одговор зошто е тоа така. Мнението дека нема поента комуникацијата со политичари преку социјалните мрежи го навеле 19,2%, а дека политиката не ги интересира, па затоа немале комуникација со политичари преку социјалните мрежи, одговориле 15,8%. Немаат одговор на ова прашање 20,0%, а 4,2% велат кој/а сум јас да им пишувам.

Испитаниците одговараа и на прашањето дали имале комуникација со државни институции преку социјалните мрежи. Потврдно одговориле 26,7%, а 73,3% од испитаниците воопшто немале комуникација со државни институции преку социјалните мрежи. Од оние 26,7% коишто имале некаква комуникација со државните институции преку социјалните мрежи, 12,5% одговориле дека истата претставувала барање на некоја инфомрација, а 5,0% комуницирале со државните институции преку социјалните мрежи со цел да ги известат за некој проблем. Комуникација со државните институции на социјалните мрежи преку коментирање на нивниот профил оствариле 4,2% од испитаниците, а приватна порака им пишале 2,5%. Исто толку, односно 2,5% немаат одговор на ова прашање. Од друга страна, пак, од оние 73,3% коишто немале комуникација со државните

институции преку социјалните мрежи, дури 43,3% сметаат дека нема поента да комуницираат со нив, 23,3% немаат одговор зошто немале никаква комуникација со државните институции преку социјалните мрежи, а 5,8% се изјасниле дека не ги интересира политика.

Резултатите од испитувањето утврдија дека дискусиите на социјалните мрежи битно влијаат врз оформување и/или менување на мислењето и на ставовите на младите луѓе. На 52,5% од испитаниците им се сменило мислењето после некоја дискусија на социјалните мрежи, а 38,3% сметаат дека дискусиите на социјалните мрежи не влијаеле врз промената на нивните ставови. Дека немаат одговор, се изјасниле 9,2%. Само 21,7% од анкетираните влегле во дискусија со политичари на социјалните мрежи. Дури 67,5% од испитаниците немаат искуство со дискусија на социјалните мрежи во која е вклучен и политичар, 10,8% од испитаниците немаат одговор на ова прашање.

Овие податоци се во контраст со податоците добиени од одговорите на прашањето „дали сте промениле политички став после дискусија со политичар на социјалните мрежи?“ Така, за големо мнозинство од младите, комуникацијата со политичарите не претставува фактор на промена на политичките ставови и поведенија:



Или, во една компаративна перспектива, иако погоре утврдивме дека дискусиите водени на социјалните мрежи влијаат врз оформување или промена на ставови на младите луѓе, гледаме дека тоа не е случај и кога станува збор за дискусија на социјалните мрежи со политичари.

Најпозитивни резултати добивме кај прашањето: „Дали сте посетиле веб страница на: политичар, политичка партија, невладина или државна институција? Дури 92,5% од испитаниците одговориле потврдно, наспроти само 6,7% кои дале негативен одговор. Продолживме во истата насока со мерење на степенот на интеракција меѓу државните институции и младите преку каналите кои ги нуди Интернетот и ги прашавме испитаниците дали побарале некоја информација од државните институции преку меил. Позитивно одговориле 61,7% од испитаниците, додека не побарале информација преку меил од државните институции 38,3% од испитаниците. Од оние испитаници кои имале вакво искуство, големо мнозинство укажуваат на негативен карактер на оваа комуникација. Така, најчестата фреквенција на квалификации е поврзана со зборовите „разочарувачко“ и „напорно“.




Со цел да се измери поврзаноста на партиципативната демократија и младите во Македонија преку искористувањето на законските регулативи кои може да се најдат на Интернет, ги прашавме испитаниците дали читале и/или симнувале законска регулатива од Интернет. Резултатите во однос на ползувањето на законските ресурси кои ги нуди Интернетот се доста задоволителни:




Петициите и степенот на информираност се едни од најважните индикатори за степенот на партиципативност во демократски контекст. Оттука, во рамките на ова истражување, од вкупно 120 испитаници, 64,2% се потпишале на е-петиција, додека, пак, 35,8% од нив не го сториле тоа. Во однос на прашањето за тоа дали посетуваат агрегатори на вести, 70,8% одговориле позитивно, додека, пак, агрегатори на вести не посетуваат 24,2% од испитаниците, а 5% немаат одговор на ова прашање.

Социјалните мрежи сѐ повеќе се наметнуваат и како медиум, канал, преку кои младите бараат афирмација на сопствените ставови и поведенија. Во Македонија постојат поделени мислења околу важноста на социјалните мрежи за афирмација на индивидуални ставови. Така, на прашањето „дали сметате дека вашиот глас е слушнат на социјалните мрежи?“ потврдно одговориле 40,8%, а дека нивниот глас не е слушнат на социјалните мрежи сметаат 37,5%. Опцијата „немам одговор“ ја одбрале 21,7%.

Финално, последниот сет на прашања имаат за цел да ја измерат подготвеноста на младите да се собираат, дејствуваат и вмрежуваат онлајн за акции кои би требало да се реализираат во

непосредната реалност. На општествена акција преку социјалните мрежи повикале 33,3%, додека 54,2% од испитаниците немаат искуство со вакви активности. На прашањето: „Што сметате дека е потребно за да успее општествена акција почната на социјалните мрежи“? испитаниците открија широк спектар на потребни предуслови.




Кога станува збор, пак, за профилот на личност која би можела да ги мотивира младите на општествена акција преку социјалните мрежи, поседувањето на јасна визија и финансиската моќ се наметнуваат како две најважни карактеристики кои би требало да ги поседува индивидуа која започнува акција на социјалните мрежи, независно дали станува збор за петиција, прибирање информации, предлог-законски решенија или друг начин на општествена ангажираност.

**Која е најважната карактеристика што треба да ја има човек што започнува општествена акција на социјалните мрежи за да ве привлече ?**



Финалната варијабла која е предмет на ова истражување, се однесува на перцепциите за ефективноста на општествените акции кои се започнати преку социјалните мрежи. Одговорите на прашањето дали испитаниците сметаат дека акциите започнати на социјалните мрежи имаат ефект, ни откриваат дека младите веруваат во акциите кои се започнати на социјалните мрежи само ако тие не останат таму, односно само доколку се прелеат во непосредната реалност.



## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Партиципативноста на младата популација во политичкиот и демократскиот процес во Република Македонија преку утилизација и инструментализација на социјалните мрежи и новите медиуми е дифузна категорија. Како што може да се забележи од резултатите на ова истражување, поголемиот дел од испитаниците имаат политичари за пријатели на социјалните мрежи, но не и државни институции, што би можело да се протолкува дека градиме односи со луѓе, а не со институции. Повеќе од 67,5% од испитаниците одговориле дека државните институции треба да имаат свои профили на социјалните мрежи, но и покрај тоа тие самите најчесто немаат државни институции за пријатели. Кога ова ќе се стави во комбинација со најчесто добиениот одговор на прашањето зошто немало комуникација со државни институции преку социјалните мрежи, а тоа е констатацијата дека нема поента, станува јасно дека е алармантен степенот на демотивација кај младите да учествуваат во партиципативната демократија преку социјалните мрежи. Исто така, загрижува фактот што 35% од испитаниците сметаат дека присуството на државните институции на социјалните мрежи е недоволно, а истовремено не го искористуваат целосно нивното веќе постојно присуство на социјалните мрежи.

Младите луѓе кои беа анкетирани со овој прашалник децидно одбиваа да одговорат на прашањата кои имаа за цел да утврдат со која институција комуникацијата на Интернет тие би ја оцениле како корисна и позитивна, односно бескорисна и бесцелна и со кој политичар комуникацијата на Интернет би ја оцениле како позитивна и корисна, односно бескорисна и бесцелна. Оттука, 90% од оваа популација нема, или не сака да даде одговор на овие прашања.

Спиралата на молкот е присутна не само во обелоденувањето на негативните, туку и на позитивните искуства. Постои страв да се идентификуваат лица небитно дали покажувањето со прст е поради некое позитивно или негативно дело. Она што најјасно кажува дека мора да се стори нешто за едукација на младите во однос на електронската партиципација, се одговорите на прашањето дали некогаш побарале информација од државните служби преку меил. Помалку од 65% од испитаниците одговориле потврдно. Од нив, најголемиот дел тоа искуство го опишуваат со зборовите разочарувачко и напорно. Исто така, помалку од 60% од испитаниците имаат искуство со потпишување на е-петиција. Она што може со сигурност да го констатираме во моментов е дека постојат бројни стереотипи во однос на електронското учество, но и дека младите луѓе во Македонија се самоцензурираат кога станува збор за електронска комуникација со политичари и/или државни институции. Не би можело да се рече дека младите луѓе немаат основни познавања за начините на кои може да остварат електронско учество во демократските процеси, но повеќе од точно е дека младите не ги користат капацитетите кои ги нуди Интернетот во однос на учество во процесите на одлучување.

Што може да предложиме како мерки за подобрување на ситуацијата? Со оглед на добиените информации, очигледно е дека би требало да се почне со основна едукација околу тоа што прет-

ставува електронското граѓанско учество, како се реализира и кои се придобивките за граѓаните и општеството (владиниот, невладиниот и деловниот сектор). Од наодите на ова истражување, станува јасно дека младите не ги искористуваат опциите кои им се ставени на располагање, а истовремено се далеку од реализирање нови опции. Оттука, од исклучителна важност е имплементирањето на алтернативни инструменти на објаснување и приближување на идејата на е-учество и е-демократија.

Едукацијата може да се реализира на повеќе начини или да биде комбинација од повеќе начини. За општествениот контекст во Македонија, сметаме дека најсоодветно ќе биде да се реализираат едукативни работилници и прирачник за електронско учество, во којшто кратко, јасно и пристапно ќе бидат објаснети главните термини во електронското учество. Очигледно е дека на младите треба да им се доближи идејата за основна електронска медиумска култура. Исто така, евидентно е дека имаат слаби познавања за теоријата и практиката на електронското учество и промената на овие неповолни ситуации е стартната позиција која треба да се заземе.

Едукацијата треба да содржи информации за тоа што е електронско граѓанско учество и како може да се реализира. Исто така, едукацијата мора да содржи информации за основен етички кодекс при електронското граѓанско учество и информации за најчесто поставуваните прашања во врска со електронското граѓанско учество. За да биде целосно продуктивна, едукацијата треба да вклучува вештини за учество: технички, вештини за информациска писменост и релациони, односно социјални вештини. Информации за придобивките од електронското граѓанско учество и позитивни примери од регионот и светот како поттик, исто така би требало да бидат дел од планираната едукација.

Светските искуства во однос на младинското електронско учество донесуваат бројни методи, алатки и начини на коишто тоа може да се реализира. Но, за да се стигне до степенот да се дискутира за различните пристапи кон електронското учество, мора прво да се пробијат базичните препреки кои постојат кај младината во Македонија, а во однос на недовербата која е присутна за електронското учество. Токму затоа, предлагаме прво да се работи на топење на мразот во однос на прифаќање на електронското учество, устоличување на основните етички правила и начини на користење, а дури потоа градење на иновативни стратегии. Едукативните работилници се најоптималниот начин да се стигне до младите, да се задржи нивното внимание и да им се претстави концептот на електронско учество, како и причините зошто треба да го искористат максимално.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Cordoba-Pachón, Jose Rodrigo & Ochoa-Arias, Alejandro Elias. Systems Thinking and E-Participation: ICT in the Governance of Society. New York: Informatlon science reference, 2010

Bunz, Mercedes, The Silent Revolution: How Digitalization Transforms Knowledge, Work, Journalism and Politics without Making Too Much Noise. Hampshire, Palgrave Macmillan: 2013

Mutz, Diana. Hearing the Other Side: Deliberative versus Participatory Democracy. Cambridge: Cambridge University Press, 2006

Pateman, Carole. Participation and Democratic Theory. Cambridge: Cambridge University Press, 1971


## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ


http://universalmccann.com.au/global/knowledge/view?d=226

http://r.ping.mk/r/%D0%B8%D0%BA%D1%82/comments/51uu

http://aktiv.mk/

http://www.metamorphosis.org.mk/mk/za-nas/personal/1416-bardhyl

# ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ НЕИНФОРМИРАНОСТА НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ЗА ПРАВАТА ОД РАБОТЕН ОДНОС И РАБОТАТА НА ЦРНО

***Иван Пешевски***

*Синдикат за градежништво, индустрија и проектирање*

## ВОВЕД

Непријавувањето на работниците, односно работата на црно, од една страна ја стимулира сивата економија, која, пак, ја поткопува конкурентноста на компаниите и поединците и претставува неправична и незаконска предност на оние кои не ги исполнуваат законските обврски, а од друга страна, работата на црно создава нелојална конкуренција[1]. Оваа појава му наштетува и на бизнисот и на совесните работодавачи кои се грижат за своите вработени, како што води и кон скратувања на правата на работниците. Како последица од неа има две незадоволни страни: работодавачи и работници, од кои, пак, не се полнат здравствените, пензиските и социјалните фондови, на штета на сите граѓани на Република Македонија. Во услови кога работата на црно зазема големи размери, предизвик е да се истражи колкава е информираноста на младите луѓе по ова прашање и дали информираноста е поврзана со работата на црно.

1 http://dit.gov.mk/rabota-na-crno.php

Денес, многу често се дебатира за тоа дека голем дел од младите, иако не сакаат да прифатат работа без договор за вработување, заради големата невработеност во земјата - прифаќаат работа на црно. Исто така, се истакнува дека најголем дел од младите не би работеле на црно и, генерално, знаат дека за да работат мора да бидат пријавени, но не се докрај доволно информирани за оваа проблематика и не се детално запознати со Законот за работните односи.[2] Дали е доволно младите луѓе пред засновањето работен однос да знаат само дека не можат да стапат на работа пред да склучат договор за вработување и пред работодавачот да ги пријави во задолжителното социјално осигурување или е потребно подетално познавање на правата и обврските за да прифатат работа на црно?

Работата на црно бележи пораст во сите земји во Југоисточна Европа, покажуваат резултатите од најновото истражување на Меѓународната организација за трудот (International Labour Organization – ILO). Во Извештајот „Глобални трендови на вработување во 2013 година" се истакнува дека бројот на работниците на црно е во пораст во сите земји од регионот, но најмногу во Хрватска, во Албанија и во Косово.

Бројот на нерегуларно вработени лица во Албанија и во Косово од 2000 до 2010 година, од 30 пораснал на 35%, додека во Хрватска е забележан пораст од 21 на 33%. Во Црна Гора и во Србија забележен е пораст на работниците на црно од 17 на 19%, во Босна и Херцеговина тој процент од 20 се искачил на 23, додека во Македонија од 20 на 21%.[3]

Доколку се направи обид да се постават основите на современиот развој на работните односи, не може да се избегне набележувањето на правата на работниците кои произлегуваат од склучениот договор за вработување. Денес, воопшто не треба да зачудуваат прашањата што постојано се поставуваат од голем број работници, бидејќи тие се резултат на релативно слабата информираност на младите луѓе, кои, пак, согласно договорната концепција на пазарот на трудот, би требало да партиципираат како формално рамноправен субјект на работниот однос. Едноставно, невозможно е да се говори за условите за работа, а да не се третираат: работното време, одморите и платите, од кои директно зависи благосостојбата на една општествена група, односно вработените.

## МЕТОДОЛОШКА РАМКА

### *Предмет на истражувањето*

Во најширока смисла на зборот, предмет на ова истражување е степенот на информираноста на младите во Република Македонија за нивните права од работен однос, како и нивната подготве-

2 http://www.radiomof.mk/mladite-iako-ne-sakaat-prifakaat-rabota-na-tsrno/

3 Извештај „Глобални трендови на вработување во 2013 година" - Меѓународна организација на трудот

ност да прифатат работа на црно. Со ова истражување се направи обид да се утврди како се поврзани степенот на информираноста за работните права и прифаќање на работата на црно.

### *Цели на истражувањето*

1. Да се утврди степенот на информираноста на младите луѓе од 18 до 35 години за нивните права од работниот однос;
2. Да се утврди колку младите луѓе прифаќаат работа на црно;
3. Да се открие поврзаноста меѓу степенот на информираноста за работните права и прифаќањето работа на црно кај младите;
4. Да се утврди дали постои поврзаност меѓу социо-демографските карактеристики и степенот на информираноста за работните права, како и работењето на црно на младите луѓе.

### *Истражувачка хипотеза*

Врз основа на истражувачкиот проблем се изведува и основната хипотеза на истражувањето: *Информираноста за правата од работниот однос е поврзана со прифаќањето работа на црно, при што со зголемување на степенот на информираноста за правата од работен однос, се намалува прифаќањето на работата на црно кај младите луѓе.*

### *Дефинирање и операционализација на варијабли*

Главни истражувачки варијабли:

*Варијабла*: **Степен на информираност за правата од работниот однос** - се однесува на количество на информации за работните права како: договор за вработување, услови за работа, работно време, прекувремена работа, годишен одмор, здравствено и пензиско осигурување, членство во синдикат.

*Варијабла*: **Прифаќање работа на црно** - се дефинира како прифаќање секоја работа којашто поединец или група ја остварува за работодавач без правна основа, или кога таа правна основа е незаконска.

*Социо-демографски варијабли*: **пол**, **возраст**, **степен на образование**, **работна дејност**, **работен сектор**.

***Испитаници***

**Вид на примерок:** *намерен*

Примерокот на ова истражување броеше 112 испитаници, на возраст од 18 до 35 години, кои се работно ангажирани. Опфатени се испитаници со различни социо-демографски варијабли, и тоа: различен степен на образование, вработени во приватниот и јавниот сектор, односно вработени во различни дејности.

***Метод на прибирање податоци***

Теренското истражување се спроведе со задавање прашалник „лице в лице“ на намерен примерок на работно ангажирани млади лица од различни претпријатија.

Анкетата се спроведе откако се доби согласност за нејзино спроведување од одговорните лица на претпријатието.

***Мерни инструменти***

За мерење на истражувачките варијабли беше конструиран прашалник составен од 3 дела: Првиот дел се однесуваше на социо-демографските карактеристики на испитаниците, второт дел се однесуваше на степенот на информираноста за работните права, додека третиот дел содржи прашања кои го детектираат прифаќањето, како и причините за прифаќањето работа на црно.

***Статистичка обработка на податоците***

Прибраните податоци се статистички обработени со статистичкиот софтвер SPSS 19.0. Утврдени се дескриптивни статистички мерки, како: фрекфенции, проценти, аритметички средини, стандардни отстапувања. Утврдувањето на корелацијата меѓу варијаблите се врши со Pearson-ов коефициент, додека статистичките разлики меѓу групите испитаници ќе се утврдат со $X^2$ и со статистички значајна разлика меѓу процентите.

## РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Добиените резултати ќе бидат претставени редоследно, почнувајќи од приказ на демографските карактеристики на испитаницити, потоа ќе следи приказ на информираноста на испитаниците за првата од работниот однос, потоа степенот на прифаќање на работата на црно, а на крајот, приказ на резултатите од некои дополнителни прашања кои се однесуваат на ставовите на испитаниците за истражуваната појава.

### *Структура на примерокот*

Примерокот брои 112 испитанци, на возраст од 18-35 години.

Табела бр. 1 *Структура на примерокот*

| **Пол** | **Проценти** |
|---|---|
| Машки | 46,4 |
| Женски | 53,6 |
| **Возраст** | |
| Од 18-21 година | 6,3 |
| 22-26 години | 21,4 |
| 27-30 години | 33,9 |
| 31-35 години | 38,4 |
| **Образование** | |
| Средно | 34,8 |
| Више, високо, м-р, д-р | 65,2 |
| **Работен статус** | |
| Вработен во државниот сектор | 33,9 |
| Вработен во приватниот сектор | 66,1 |

Табелата бр. 1 покажува дека од вкупниот број испитаници, 46,4% се машки, додека 53,6% се женски. На возраст од 18-21 година беа 6,3% од испитаниците, од 22-26 години беа 21,4% од испитаниците, од 27-30 години беа 33,9%, и најголемиот процент се испитаниците на возраст од 31-35 години со 38,4%. Од вкупниот број на испитаници, со средно образование се 34,8%, наспроти оние испитаници со више, високо, магистратура и докторат, чиј процент изнесуваше 65,2%. Според работниот статус, процентот е 33,9 за вработени во државниот сектор и 66,1% од испитаниците се вработени во приватниот сектор во Република Македонија.

### *Информираност за правата од работниот однос*

Беа поставени 10 прашања, со цел да се открие информираноста кај младите луѓе за различни аспекти од правата од работниот однос, како што се:

- Договорот за работа
- Плаќањето на прекувремена работа
- Зголеменатa плата во недела и празници за 150%
- Надоместот при боледување
- Надоместот од 100% од плата при повреда на работа
- Задолжителното исплаќање на здравствено-пензиското осигурување од страна на работодавачот
- Правото на годишен одмор
- Должноста на работодавачот да ја утврди висината на платата во договорот за работа
- Можноста да се биде член на синдикат
- Местото каде што може да се пријави работата на црно

Според одговорите на прашањата, испитаниците беа поделени во две групи: испитаници кои знаат барем половина од различните права од работниот однос и тие беа именувани како **помалку информирани**, и испитаници кои знаат повеќе од половината од правата од работниот однос, а тие беа именувани како група на **повеќе информирани.**

Притоа, добиените резултатите се прикажани во Табела бр. 2.

Табела бр. 2 *Информираност за правата од работниот однос*

| ***Информираност за правата од работниот однос*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| **Помалку информирани** | 42% |
| **Повеќе информирани** | 58% |

Од Табела бр. 2 може да се види дека од вкупниот број испитаници, 42% се помалку информирани за правата од работниот однос, наспроти 58% кои се повеќе информирани за нивните права за време на работа.

Следи приказ на резултатите од поединечните прашања кои се однесуваа на различните аспекти на правата од работниот однос.

Табела бр. 3 *Проценти на испитаници кои се информирани и неинформирани за различните права од работниот однос*

| | Информирани | Неинформирани |
|---|---|---|
| **Информираност за:** | *Проценти* | *Проценти* |
| Договорот за работа | 80,4 | 19,6 |
| Плаќањето на прекувремената работа | 35,7 | 64,3 |
| Зголемената плата во недела и празници за 150% | 34,8 | 65,2 |
| Надоместот при боледување | 54,5 | 45,5 |
| Надоместот од 100% од плата при повреда на работа | 37,5 | 62,5 |
| Задолжителното исплаќање на здравствено -пензиското осигурување од страна на работодавачот | 77,7 | 22,3 |
| Правото на годишен одмор | 92,7 | 7,3 |
| Должноста на работодавачот да ја утврди висината на платата во договорот за работа | 59,8 | 40,2 |
| Можноста да се биде член на синдикат | 69,6 | 30,4 |
| Местото каде што може да се пријави работата на црно | 80,4 | 19,6 |

Табелата бр. 3 покажува неколку интересни податоци. Прво, може да се забележи дека испитаниците се најмногу информирани за нивното право на годишен одмор, а најмалку се информирани за плаќањето на прекувремената работа, како и зголемената плата во недела и празници за 150%.

Во истражувањето, 64,3% од испитаниците не се информирани дека прекувремената работа работодавачот треба да им ја исплаќа, додека за ова право се информирани 35,7%. Она што е најзначајно за плаќањето на прекувремената работа е тоа што покрај неинформираноста на младите луѓе за ова право, се крши и Законот за работните односи од страна на работодавачите. Имено, прекувремената работа мора да се пријави дополнително и да биде прифатена со писмен акт од страна на работникот (согласно член 117 од Законот за работните односи)[4]. Сé што е спротивно на овие одредби е повреда на правата од работниот однос и неправилна исплата на вработените, како кршење на уште едно многу важно право, согласно Законот за исплата на платите во Република Македонија[5]. Кога се работи за прекувремената работа, многу е важно да се напомене

4 Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија", бр. 52 од 23.4.2012 година).

5 Закон за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 26 од 20.2.2013 година)

дека секогаш не е битна исплатата на прекувремената работа. Многу од младите вработени на свој ризик работат прекувремено и во случаи кога работата е платена, но мора да се има предвид правото на одмор бидејќи многу од несреќите и повредите на работното место се случуваат токму заради недоволно одморени работници и работата со прекувремени часови над она што го предвидува Законот за работните односи.

Табелата бр. 3 недвосмислено покажа дека младите работници не се информирани со правото на зголемена плата за работа во недела и празници. Ова е уште еден случај во кој покрај неинформираноста постои и злоупотреба, односно неправилна исплата на неделните и државните празници во висина од 150% од основицата на платата.

Повеќе од половината, 54,5% од младите работници се информирани со правото за добивање надомест при боледување, наспроти 45,5% од испитаниците кои не се информирани за ова право. Не може со сигурност да се знае колку од младите луѓе се информирани и знаат за ова право согласно Законот за здравствено осигурување. Имено, колку проценти се исплаќа боледувањето кај вработените до 7 дена, до 15 дена и над 15 дена боледување.[6]

Податоците истакнаа уште еден многу важен сегмент, а тоа е дека поголемиот број млади кои се вработени не се информирани за правото на надомест при повреда на работното место. Ова е уште едно важно право за вработените согласно закон[7], за кое дури 62,5% не се информирани, наспроти 37,5% кои се информирани.

Младите прилично се информирани за правото на пензиско-инвалидско осигурување. Дека работодавачот е должен за исплата на здравствено-пензиското осигурување, информирани се 77,7% од испитаниците, наспроти 22,3% кои не се информирани за задолжителното здравствено осигурување.

Од вкупно испитаните, неполни 60% се информирани за утврдувањето на висината на платата во договорот за вработување, наспроти 40% од испитаниците кои не се информирани. За ова право, може да се каже дека е од особено значење бидејќи многу од младите луѓе сѐ уште не знаат точно која плата ја потпишуваат во договорите за вработување. Имено, станува збор за бруто и нето-плата, па често доаѓа до забуна во однос на она што е потпишано од нивна страна, со она што е исплатено од страна на работодавачите.

Во врска со членувањето во синдикат, 30,4% од испитаниците не се информирани за можноста да бидат членови на синдикатот, што не е мал процент од вкупниот број испитаници. Останатите 69,6% испитаници се целосно, односно делумно запознати со можноста за членство во синдикат.

---

6 Член 31 од Општиот колективен договор на Република Македонија за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на Република Македонија“, бр. 88/09)

7 Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 92/07)

Релативно висок процент од вкупниот број на испитаници, знаат дека треба нелегалната работа, односно работата на црно, да ја пријават во Државниот инспекторат за труд. Останатиот процент, работата на црно би ја пријавиле во Министерството за внатрешни работи и Сојузот на синдикатите на Македонија, што не е точен одговор на ова прашање од испитувањето.

***Прифаќање работа на црно***

Во овој дел следуваат резултати од прашањата за работата на црно, односно прифаќањето на нелегална работа.

На испитаниците им беа поставени неколку прашања кои се однесуваа на тоа колку се прифаќа работата на црно. Имено, испитаниците беа прашани за тоа дали:

- Имаат потпишано договор за работа
- Каков договор имаат потпишано (валиден/невалиден)
- Колку часа неделно работат и
- Дали им се исплаќа нето-платата еднократно на трансакциска сметка

Според одговорите на сите овие прашања, испитаниците беа поделени во две групи. Првата група испитаници се оние кои работат легално и кои одговориле дека имаат потпишано валиден договор за работа, работат толку часа неделно колку што е законски пропишано и платата им се исплаќа еднократно на трансакциска сметка. Втората група се оние испитаници кои не исполнуваат ниту еден од условите наведени погоре, со што се ставаат во групата на работа на црно, без разлика дали за тоа е одговорен работодавачот или самиот работник.

Според сумираните одговори на овие 4 прашања, идеална половина од испитаниците работат легално, а исто таква половина испитаници работат нелегално, без разлика врз која основа (дали според бројот на часови или начинот на исплата на платите).

Табела бр. 4 *Прифаќање работа на црно*

| ***Прифаќање работа на црно*** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| Легална работа | 50% |
| Работа на црно | 50% |

Понатаму, следи приказ на поединечните одговори на прашањата кои се однесуваат на различните аспекти на работата на црно. Во истражувањето ќе следи поврзаноста на работата на црно со информираноста за правата од работниот однос кај младите луѓе што, всушност, е целта на ова истражување.

Табела бр. 5 *Проценти на испитаници кои работат или не работат легално*

| | Легално | Нелегално |
|---|---|---|
| Прашања за: | *Проценти* | *Проценти* |
| **Потпишан договор за работа** | 67,9 | 32,1 |
| **Потпишан валиден/невалиден договор за работа** | 64,3 | 35,7 |
| **До 40 часа/над 40 часа работа неделно** | 60,7 | 39,3 |
| **Исплата на нето-платата еднократно на трансакциска сметка** | 84,8 | 15,2 |

Од Табелата бр. 5 се гледа дека 67,9% од вкупниот број испитаници имаат потпишано договор за вработување, додека 32,1% немаат. Оние испитаници кои немаат потпишано договор за вработување се претпоставка за работа на црно, односно кај нив не се почитуваат правата од работниот однос од страна на работодавачите.

Табелата бр. 5, исто така, покажува дека има 64,3% од испитаниците кои имаат потпишано договор за работа, без разлика дали договорите се на определено или неопределено време. Во овој случај има легално пријавена работа. Кај испитаниците во останатите 35,7% има договори за пробна работа, договори на дело и испитаници кои не знаат каков вид на договор имаат потпишано. Кај овие испитаници има повреда од работен однос согласно Законот за работните односи, во делот за неправилно заснован работен однос поради договори за работа кои не се составен дел од истиот Закон.

Над 60% од испитаниците работат по 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, како што предвивува Законот за работните односи. Над 40 часа неделно работат 22,3% од испитаниците, додека останатите 17% работат под 40 часа неделно. Во истражувањето понатаму ќе се види колку од оние работници кои работат над 40 часа неделно добиваат надомест за прекувремена работа. Кај останатите кои не добиваат надомест за прекувремена работа и не е пријавена прекувремената работа, се смета дека работат нелегално, односно има работа на црно.

Од последната Табела може, исто така, да се види дека на 84,8% од младите кои се вработени, платите еднократно им се исплаќаат на трансакциска сметка. Сепак, постојат 15,2% од истите кои добиваат плата и на поинаков начин, спротивно на Законот за исплата на плата.[8] Овој

8 Закон за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 26 од 20.2.2013 година)

наод од истражувањето јасно покажува дека постои работа на црно, а подолу во извештајот ќе се види дека се работи претежно за вработени во приватниот сектор.

### *Ставови на испитаниците за моменталната состојба на работа*

Последниот дел од прашањата се однесуваат за ставовите на испитаниците за моменталната состојба на работа. Имено, добиени се ставови од испитаниците кои придонесуваат за добивање реална слика за она што се случува на пазарот на трудот.

Табела бр. 6 *Информираност за правата од работниот однос*

| Прашање: **Дали пред да засновате работен однос бевте запознати за правата од работниот однос?** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| Да | 31,3 % |
| Не | 68,7 % |

Од Табелата бр. 6 може да се види дека 31,3% од испитаниците се запознати со правата од работниот однос, наспроти 68,8% кои не се запознати со правата од работниот однос пред нивното прво вработување. Овој податок јасно покажува дека младите луѓе, пред да засноваат работен однос, слабо се информирани за нивните права.

Табела бр. 7 *Членство во синдикат*

| Прашање: **Дали сте член на синдикат?** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| Да | 25,9% |
| Не | 62,5% |
| Не знам | 11,6% |

Често пати, вработените правата од работниот однос ги поврзуваат со синдикатот, односно се информирани дека синдикатот се грижи за правата од работниот однос за неговите членови. Она што може да се види од Табелата бр. 6 е дека само 25,9% од испитаниците се членови на синдикат, наспроти 62,5% кои не се членови. Има 11,6% од испитаниците кои не знаат дали се членови на синдикат. Овие испитаници, се претпоставува дека можеби и не знаат за правото на членство во синдикат, како загарантирано уставно право. [9]

9 Член 37 од Уставот на Република Македонија

Табела бр. 8 *Оправдување на работењето на црно*

| Прашање: **Дали го оправдувате работењето на црно?** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| Во целост го оправдувам | 1,8 % |
| Го оправдувам во одредени ситуации | 48,2% |
| Воопшто не го оправдувам | 50 % |

Табела бр. 9 *Причина за работа на црно*

| Прашање: **Која е основна причина зошто луѓето работат на црно?** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| Неинформираноста за правата од работниот однос | 14,3 |
| Немањето друг подобар избор | 85,7 |

Од резултатите на испитаниците во Табелата бр. 8 и Табелата бр. 9 се гледа дека младите луѓе со највисок процент не го оправдуваат работењето на црно, но исто така, со највисок процент причината за работата на црно не ја лоцираат во неинформираноста на оние кои прифатиле да работат на црно, туку во немањето друг подобар избор.

Табела бр. 10 *Парична казна за работата на црно*

| Прашање: **Информираност за можноста за парична казна за работата на црно** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| Знам, затоа не прифаќам | 55,4 |
| Знам, но немам друг избор | 29,5 |
| Не знам | 15,2 |

Табелата бр. 10 прикажува колку од младите луѓе се информирани дека парично ќе бидат казнети доколку извршуваат работа на црно, 55,4% од испитаниците знаат и затоа не прифаќаат, но 29,5% од испитаниците прифаќаат работа на црно и покрај тоа што знаат дека парично би биле казнети. Овие резултати покажуваат дека во некои случаи младите луѓе може да бидат информирани за одредени права, но немаат друг подобар избор па прифаќаат работа по секоја цена, заради моментално големата невработеност во државата од 28,8%.[10]

10 http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98

Табела бр. 11 *Пријавување на работата на црно*

| Прашање: **Дали би го пријавиле работодавачот за кршење на работните права?** | |
|---|---|
| ***Одговори*** | ***Проценти на одговори*** |
| Да | 35,7 |
| Не сум сигурен поради страв од губење на работното место | 47,3 |
| Не | 17,0 |

На прашањето дали би го пријавиле вашиот работодавач доколку имате повреда на право од работниот однос, 35,7% од испитаниците потврдно одговориле, додека 17% од нив не би го пријавиле истото. Најголемиот процент (47,3) се оние испитаници кои не се сигурни дали би го пријавиле овој проблем заради страв од губење на работното место. Овој податок, исто така, кажува дека кај значителен процент на вработени млади постои страв од пријавување на проблемите.

Табела бр. 12 *Работа на црно/членство во синдикат*

| **РАБОТА НА ЦРНО/ЧЛЕНСТВО ВО СИНДИКАТ** | **Дали сте член на синдикат?** | | |
|---|---|---|---|
| | **Да** | **Не** | **Не знам** |
| ***Работа на црно*** | 17,9% | 67,9% | 14,3% |
| ***Легална работа*** | 33,9% | 57,1% | 8,9% |
| | | | **($X^2$ = 4.000 *p<0,01*)** |

Од Табелата бр. 12 може да се види дека поголемиот процент од испитаниците кои работат на црно не се членови на синдикат. Овој факт покажува дека онаму каде има организирано работници и синдикално се запознати со правата од работниот однос, воедно и се почитуваат обврските од страна на работодавачите, односно се даваат договори за вработување, а со тоа се заснова легален работен однос на новите вработени.

Доколку се направи споредба меѓу испитаниците во однос на степенот на образование со нивната информираност за правата од работниот однос, се согледува дека постојат статистички значајни разлики помеѓу оние испитаници кои се со више и високо образование, за разлика од оние со средно образование. Притоа, испитаниците со високо образование се повеќе информирани за некои права од работниот однос, како информираност за надомест за прекувремена работа ($X^2$=5.553 *p<0,01)*, информираност за задолжително пензиско-инвалидско осигурување ($X^2$=8.990 *p<0,01)*, информираност за осигурување за време на работа ($X^2$=7,293 *p<0,01)*, информираност

за правото на годишен одмор ($X^2$=20,697 *p<0,01)*, информираност за можноста за членство во синдикат ($X^2$=12,717 *p<0,01)*. Исто така, испитаниците со средно образование повеќе ја оправдуваат работата на црно, за разлика од оние со високо образование ($X^2$=7,560 *p<0,01).*

Овие резултати укажуваат дека образованието е значаен фактор за информираноста за правата од работниот однос, па препорака е дека треба да се преземат поголеми мерки од страна на образовниот систем за информирање на младите уште во средните училишта, но генерално, и преку сите средства за јавно информирање.

### *Однос меѓу работата на црно и информираноста за правата на работниот однос*

На крајот беше разгледан односот меѓу информираноста на испитаниците за различните права од работниот однос и нивната работа на црно, без разлика кои се причините за прифаќање на работата на црно.

Табела бр. 13 *Работа на црно/Информираност за правата од работниот однос*

| РАБОТА НА ЦРНО/ ИНФОРМИРАНОСТ | **Работа на црно** | **Легална работа** |
|---|---|---|
| ***Помалку информирани*** | 72,3 % | 27,7 % |
| ***Повеќе информирани*** | 33,8 % | 66,2 % |
| | | **($X^2$=16,168, p<0,01)** |

Од Табелата бр. 13 се гледа дека оние испитаници кои се помалку информирани за нивните права, во поголем процент работат на црно. Повеќе информираните работници во поголем процент се дел од легалната работа, односно кај нив нема повреда на правата од работниот однос. Утврдена е статистички значајна разлика меѓу повеќе и помалку информираните испитаници во однос на вршење на дејноста легално, односно работа на црно. Податоците од оваа Табела, всушност, ја потврдуваат истражувачката хипотеза дека информираноста за правата од работниот однос е поврзана со прифаќањето работа на црно, при што зголемениот степен на информираност за правата од работниот однос е поврзан со помалиот процент на прифаќање на работата на црно кај младите луѓе.

## ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Истражувањето што беше спроведено на 112 млади луѓе и кое, како една од целите ја имаше информираноста на младите за правата од работниот однос, покажа дека младите луѓе во висок процент се неинформирани за нивните права од работниот однос. Дури 42% спаѓаат во групата

кои се информирани за половина или помалку од наведените права од работниот однос. Тоа, навистина, претставува загрижувачки процент, но секако, треба да биде и поттик за насочување на одговорните лица кон креирање стратегии за зголемување на информираноста за едни од најзначајните права, ако се земе предвид дека работата, поточно вработувањето воопшто, е еден од најзначајните сегменти на работоспособната популација. Таа е основен извор на егзистенција, а преку неа се задоволуваат основите потреби во човековото живеење.

Ова истражување имаше за цел да покаже и дали со порастот на степенот на неинформираноста расте и бројот на илегални работници, односно се зголемува работата на црно. Резултатите од истражувањето покажуваат дека во голем дел хипотезата се докажува, односно, работата на црно почесто се јавува кај онаа категорија млади луѓе кои не се доволно информирани за правата од работниот однос. Во другиот случај, пак, кога има информираност за правата, но и прифаќање на работата на црно - тоа е висок процент млади луѓе кои немаат друг избор, па прифаќаат секаков ангажман без да внимаваат дека можат да бидат парично казнети. Сите овие појави, најверојатно се должат и на големата стапка на невработеност и стравот кај младите луѓе од губење на работното место.

Незаконското вработување не е само проблем на денешницата во Република Македонија. Овој проблем се провлекува во скоро сите земји и е откриен многу одамна. *Истражувањето за работната сила (Labour Force Survey) на Меѓународната организација на трудот (International Labour Organization - ILO) во 2010 година, во поранешна Југословенска Република Македонија, открива дека 8% од сите работни места во производството вклучуваат незаконско вработување, како и 43,1% од сите работни места во градежништвото, 13% во трговијата, 16,5% во транспортот и 8,3% во другите услуги. Според тоа, 17,9% од целото незаконско вработување е во производството, 27,4% во градежништвото, 19,5% во трговијата, 9,2% во транспортот и 25,8% во услуги што не се трговија и транспорт.*[10]

Највисокиот процент од испитаниците во ова истражување се запознати со Државниот инспекторат за труд како институција во која треба да ја пријават работата на црно, односно ако имаат повреда на правата од работниот однос од страна на нивните работодавачи. Меѓутоа, иако Државниот инспекторат за труд, во рамките на Министерството за труд и социјална политика е главното одделение што има одговорност во оваа област, сепак голем број други одделенија, исто така, се одговорни за различни аспекти од напорите за борба против непријавената работа, вклучувајќи го: Инспекторатот за надзор на пазарот, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Управата за јавни приходи, Агенцијата за вработување, центрите за социјална работа, Државниот завод за статистика, Централниот регистар, како и агенции каде што се вклучени царината, граничната полиција и органите за имиграција. Земено во целина, соработката меѓу овие агенции е слаба.[11]

11 Справување со непријавената работа во поранешна југословенска Република Македонија (Европска фондација за подобрување на животните и работните услови, 2013).

Од ова истражување се очекува да следат практични импликации во насока на вложување во процесот за поголема информираност на младите луѓе за нивните права од работниот однос и можната поддршка на синдикатите во бранењето и заштитата на нивните права.

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Младите луѓе на возраст од 18 до 35 години, главно се неинформирани за нивните права од работниот однос. Иако процентот на неинформираните е помал од оној на информираните, сепак тој процент е многу висок.
- Младите луѓе се најмногу информирани за нивното право на годишен одмор, а најмалку се информирани за плаќањето на прекувремената работа, како и зголемената плата во недела и празници за 150%.
- Помалку информираните млади луѓе за правата од работниот однос во поголем процент ја прифаќаат работата на црно.
- Младите луѓе во најголем процент не го оправдуваат работењето на црно, но 50% од нив би прифатиле да работат на црно заради немањето друг подобар избор.
- Младите луѓе со високо образование се повеќе информирани од младите со средно образование и младите вработени во државниот сектор се повеќе информирани од младите кои работат во приватниот сектор.

# ТОЛЕРАНТНОСТ И ПРЕДРАСУДИ НА МЛАДИТЕ ВО РМ КОН ЛИЦАТА СО РАЗЛИЧНА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

***Нита Старова***

*Фондацијата Фридрих Еберт* - Македонија

## ВОВЕД

Состојбата со сексуалните и здравствените права на ЛГБТИ луѓето во Македонија постојано се влошува. ЛГБТИ луѓето се постојано изложени на најразлични прекршувања на нивните човекови права на: физичко, психичко и семејно насилство, говор на омраза и дискриминација, социјално исклучување и медумско негативно стереотипизирање.

Ваквата ситуација особено ги прави ранливи младите луѓе со хомосексуална определба. Секојдневно се борат со притисоци од: средината, семејството, врсниците, и со потсмев, што придонесува да прибегнат во изолација и срам, наместо да водат нормален живот како и нивните врсници. Игнорирањето на растечката хомофобија во Македонија ја влошува состојбата. Зачестените хомофобични напади минуваат неказнето и затоа се сметаат за „заслужни и исправни“.

Присутната хомофобија во секојдневјето на младите не се отстранува лесно, особено ако се дел од едно општество во кое се зборува за хомосексуалците како за нездрави и неприродни и осудени на потсмев. Затоа, ова истражување поаѓа од хипотезата дека младите кои ќе добијат можност да поминат одредено време во западноевропските земји во кои хомофобијата, речиси, и не постои, и лицата со хомосексуална определба ги уживаат сите права како и оние со хетеро-

сексуална определба и не се осудувани од општеството, развиваат поголема толеранција и разбирање, односно не се хомофобични, во споредба со оние кои никогаш не ја напуштиле земјата на подолг временски период.

Под подолг континуиран временски престој подразбираме непрекинат временски престој од шест месеци. Временскиот период од шест месеци е период кој според повеќето психолошки и антрополошки истражувања е утврден како оптимален период за адаптација на една личност во нова средина.[1]

Под поимот хомофобија се подразбира ирационален страв, омраза, предрасуди или дискриминација против лица со хомосексуална ориентација, вклучувајќи ги и луѓето кои се така перцепирани.[2]

## НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

На 31 март 2010 година, Комитетот на министри на Советот на Европа ја усвои Препораката за земјите-членки во однос на „мерките за борба против дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“, која беше целосно прифатена од сите 47 земји-членки.

И покрај тоа, македонската власт не презеде никакви чекори за спроведување на Препораката на Советот на Европа. Во Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој беше донесен во Македонија во 2010 година, сексуалната ориентација не беше вклучена како посебена основа за заштита од дискриминација. Интересите и потребите на ЛГБТИ заедницата не беа земени предвид при изготвување и усвојување на Националната стратегија за еднаквост и дискриминација, која опфаќа само четири основи: етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и пол. Законот за семејство ги дискриминира истополовите парови и како такви не се заштитени ниту од семејно насилство во рамките на овој Закон.[3] Сите 27 земји-членки на Европската Унија имаат донесено законодавство на недискриминирање при вработување, со што конкретно се покрива сексуалнатата ориентација. Во повеќето земји-членки, заштитата од дискриминација врз основа на сексуална определба, покрај вработувањето ги покрива и социјалното и здравственото осигурување. Земјите кои имаа(т) аспирации да станат земји-членки на ЕУ, како: Хрватска, Србија и БиХ, исто така, усвоија сеопфатни антидискриминирачки закони, кои експлицитно ја покриваат сексуалната ориентација.

---

1 Pedersen, Paul. The Five Stages of Culture Shock: Critical Incidents Around the World. Contributions in psychology, no. 25. Westport, Conn: Greenwood Press, 1995

2 http://ednakviprava.kauza.mk/2010/05/13/homofobija/

3 Извештај за спроведување на Препораката на Комитетот на министри на Советот на Европа за мерките за борба против дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во Република Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка, Скопје, Македонија, 2012

Од Македонија, како земја-кандидат за членство во ЕУ, се очекуваше да воведе сеопфатен закон за антидискриминација, кој ќе ја вклучува и сексуалната ориентација, но и покрај испратените пораки од Брисел, очекуваното не се оствари.

Македонската Влада секојдневно ја поттикнува хомофобијата во Македонија, потенцирајќи дека тие се демохристијанска партија која не признава никаква друга форма на заедница освен онаа меѓу маж и жена. На 1.8.2013 година, владејачката партија покренува иницијатива за уставно дефинирање на бракот како заедница исклучително меѓу маж и жена, не земајќи ги ваквите уставни промени како дискриминирачки, туку како политика на заштита на општествените вредности.[4]

## ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА

Некои поранешни истражувања во областа на политичките науки ја истражуваат врската меѓу личните ставови и политичкото дејствување и јавното мислење, но притоа не се зема предвид како контекстот во кој индивидуата е ситуирана или одредени ситуации влијаат врз личноста во даден момент.

Затоа, Дејвид Редловск и Каролајн Толберт во своето истражување: „Личноста, контекстот и ставовите кон геј популацијата и нивните права“[5] ги проширууваат дотогашните истражувања преку тестирање на тоа како личните ставови се условени од одредени ситуации, вклучувајќи ја државата на престојување и интерперсоналните контакти (на пр. живеење во држава која ги признава истополовите бракови, во споредба со држава во која не се признати, или познанство со лице кое јавно се декларира како хомосексуалец). Истражувањето е спроведено во сите педесет сојузни држави на САД и покажува дека карактерот на личноста во поглед на ставовите за правата на геј популацијата не е универзален, туку условен во даден контекст. Резултатите покажуваат дека правниот и социјален контекст можат да бидат многу побитни, отколку самиот карактер на една личност во формирањето на ставот за правата на хомосексуалците, вклучувајќи го и правото на посвојување деца и склучување граѓански брак.

Додека претходните истражувања за ставовите кон хомосексуалните лица се базираат на значајноста на религијата и идеологијата, како и социоекономските карактеристики, ова истражување се занимава со тоа како ставовите можат да се менуваат во различни дадени ситуации и во различен контекст. Контекстот е претставен на два начина. Првиот е контекст на земја, кој мери дали индивидуата е резидентна во една од петте сојузни држави во кои истополовите бракови се легални или во една од останатите сојузни држави каде што истополовите бракови не се легални.

4 http://www.radiomof.mk/vmro-dpmne-predlaga-da-se-smeni-ustavot-brak-iskluchivo-megu-mazh-i-zhena/

5 Redlawsk, David and Tolbert, Caroline. Personality, Context and Attitudes Towards Gay Rights. 2010

Вториот контекст е мерило на интерперсоналните контакти, односно дали индивидуата познава или има редовен контакт со лица со хомосексуална определба. Резултатите од истражувањето покажуваат дека двата контекста имаат влијание врз ставовите кон геј популацијата. Испитаниците кои имаат контакт со лица со хомосексуална определба во поголем процент го поддржуваат бракот и усвојувањето деца, во споредба со оние кои немаат контакт со истите. Исто така, поддршката по истите прашања е најниска во земјите во кои истополовите бракови не се легални, а најизразена во земјите во кои се дозволени истополовите бракови. Притоа, интерперсоналните контакти се помоќни. Испитаниците кои живеат во земји во кои лицата со различна сексуална определба немаат еднакви права со останатите, но се во контакт со хомосексуални лица, во голем процент имаат позитивни ставови кон прашањето за правата на хомосексуалците.

И отвореноста кон искуствата (како составен дел на „Big Five“ или „Five Factor Model – FFM“)[6] игра важна улога. Отворените индивидуи се љубопитни, имагинативни и отворени кон нови идеи и неконвенционални вредности. Затворените, пак, сакаат да се држат до традиционалните верувања и ставови, што важи и за родовите прашања. Тие се конзервативни во изборот, догматични и ригидни во своите верувања. Отвореноста кон искуства рефлектира еден широк спектар на карактеристики како неконвенционални вредности, естетска сензитивност, и потребата за разноликост. Како таква, карактерната црта на отвореност кон искуства, може да влијае врз формирањето на одредени ставови за хомосексуалноста, со оглед на тоа што хомосексуалноста не ги потврдува традиционалните ставови за родовите прашања.

Постои истражување, спроведено на репрезентативен примерок во САД, кое докажува дека лицата кои се отворени кон искуства покажуваат поголема толеранција кон другите, вклучувајќи ги и оние со различна сексуална определба, и имаат либерални ставови кон усвојување деца и склучување брак.[7] Истражувањето поаѓа од претпоставката дека лицата со висок степен на отвореност кон искуства се пообразовани, помлади и либерални во своите политички и религиозни ставови.[8] Идентификувани се 5 маркери за степенот на отвореност кон искуства: степен на образование, возраст, политички гледишта, религиозен фундаментализам и географска мобилност од 16-годишна возраст. Резултатите од истражувањето ја потврдуваат претпоставката дека лицата со повисок степен на образование имаат потолерантни ставови кон хомосексуалноста. Повозрасните испитаници, пак, покажуваат помалку толерантни ставови кон хомосексуалноста од младите испитаници. Лицата кои живеат во истиот град и од своите 16 години не биле изложени на различни култури и системи, покажуваат повисок степен на хомофобичност во споредба со оние кои биле

6 Costa P.T. and Widiger T.A. Introduction: Personality disorders and the five-factor model of personality. Washington, D.C.: American Psychological Association, 1994

7 Shakelford, Todd K. and Avi Besser. Predicting Attitudes Toward Homosexuality: Insights from Personality Psychology, 2007

8 McCrae, R.R and John, O.P. An Introduction to the five-factor model and its applications, Journal of Personality 60, 1992

географски мобилни. И испитаниците со конзервативни политички убедувања и висок степен на религиозна посветеност се изјасниле негативно во однос на хомосексуалноста. Резултатите укажуваат дека степенот на отвореност кон искуства значително влијае врз формирање на ставовите кон геј популацијата, односно е обратнопропорционален со степенот на хомофобија.

Истражувањето укажува дека се потребни поголеми социолошки истражувања кои ќе се фокусираат на врската меѓу карактерните димензии и битните социолошки ставови, како, на пример, ставот кон хомосексуалноста.

## ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето има јасна и прецизно дефинирана методологија, при што се употребени дескриптивни и каузални истражувачки методи.

За анализа на податоците е применет квантитативниот пристап, со употреба на низа статистички постапки и техники, односно на униваријантно ниво се пресметани општи фреквенции и средни вредности, на биваријантно ниво се направени кростабулации и споредба на средни вредности, при што статистички значајните разлики се потврдени со проверка на Хи-квадратот и Independent T Test (на ниво на значајност од $p < 0{,}01$ или 99%).

Примерокот за истражувањето е намерен, односно пригоден, поради специфичните потреби на истражувањето и се состои од два потпримерока. Па така, критериуми за дизајн на првиот потпримерок се: а) млади луѓе од Република Македонија, б) кои престојувале подолг временски период надвор од земјата (најмалку 5 месеци); а за вториот потпримерок: а) млади луѓе од Република Македонија, б) кои не престојувале подолг временски период надвор од земјата (повеќе од 5 месеци). Примерокот се состои од вкупно 71 испитаник, 35 од првиот потпримерок (со престој во странство), 36 од вториот (без престој во странство).

За истражувањето е употребен прашалник за мерење на хомофобија (Wright, Adams & Bernat, 1999), кој се состои од 25 прашања со Ликертова скала на одговори (1 - сосема се согласувам, 5 - воопшто не се согласувам). За калкулирање на вкупниот збир на скорови се извршуваат одредени рекодирања на вредностите од скалите, при што одговорите на прашањата: 1, 2, 4, 5, 6, 9, 12, 13, 14, 15, 17, 19, 21, 23, 24, 25, се менуваат со следните вредности: 1=5, 2=4, 3=3, 4=2, 5=1 и од вкупниот збир се одзема 25. Со пресметувањето на вкупните скорови, на ваков начин се мери степенот на хомофобија на индивидуално ниво, кој може да има опсег од 0 – 100. Прашалникот е дизајниран да мери три димензии на хомофобијата: афективна, бихејвиорална и когнитивна, и за таа цел скоровите се групираат во потскали во однос на прашањата.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Добиените индивидуални скорови на испитаниците се движат од 0 до 75, при што најголемиот дел, или 41 од испитаниците, имаат од 0 до 25 бода, 19 имаат од 26 до 50 бода, а 11 испитаници од 51 до 75 бода. Може да се забележи дека 60 од испитаниците покажуваат низок степен на хомофобија, или нејзино непостоење (под 50 бода), а 11 од испитаниците имаат над 50 бода, во сите 11 случаи се млади луѓе кои не престојувале надвор од земјата подолго од 5 месеци.

Табела 1. *Фреквенција на групиран збир на скорови*

| **Збир на скорови** | **N** | **%** |
|---|---|---|
| 0-25 | 41 | 58 |
| 26-50 | 19 | 27 |
| 51-75 | 11 | 15 |

Се потврдува постоење на статистички значајни разлики во однос на двете групи и групираните скорови, поконкретно, од Табела 2 се гледа дека лицата без престој во странство имаат повеќе бодови на скалата за хомофобија (од 26 до 50 бода имаат 21% од испитаниците со престој, наспроти 79% без престој, од 51 до 75 бода имаат 100% од испитаниците без престој).

Табела 2. *Фреквенција на групиран збир на скорови (кростабулација според престој во странство)*

| | **Со престој** | **Без престој** | **Со престој** | **Без престој** |
|---|---|---|---|---|
| | **N** | **N** | **%** | **%** |
| **0-25** | 31 | 10 | 76% | 24% |
| **26-50** | 4 | 15 | 21% | 79% |
| **51-75** | / | 11 | / | 100% |

Со пресметување на средната вредност на скоровите на целиот примерок се потврдува релативно нискиот степен на хомофобија кај младите (mean=24,75, std.dev = 20,8).

Табела 3. *Средна вредност на индивидуални скорови*

| | **N** | Мин. | Макс. | Средна вредност | Стд. Дев. |
|---|---|---|---|---|---|
| Збир на скорови | 71 | 0 | 75 | 24,75 | 20,80 |

Но, со споредба на средните вредности од вкупниот збир на скорови помеѓу двата потпримерока, се регистрираат статистички значајни разлики ($p<0.01$), и се потврдува постоењето на помал степен на хомофобија кај младите кои престојувале во странство (mean=10,86), отколку кај младите кои не престојувале во странство (mean=38,25). Се забележува и дека има висока вредност за стандардната девијација, што укажува дека и внатре во групите има разлики во однос на хомофобијата, што имплицира дека престојот во странство е само еден од факторите кои директно или индиректно влијаат врз појавата.

Табела 4. *Споредба меѓу средни вредности (според престој во странство)*

| **Збир на скорови** | **Средна вредност** | **Стд. дев.** |
|---|---|---|
| Со престој | 10,86 | 9,93 |
| Без престој | 38,25 | 19,73 |

Во однос на димензиите на хомофобијата, се направени споредби помеѓу средните вредности на двата потпримерока според потскалите за афективна, бихејвиорална и когнитивна компонента, и се потврдува дека: младите кои престојувале во странство имаат помал скор за негативни чувства кон хомосексуалците („хомосексуалците прават да се чувствувам нервозен/а“, „би се вознемирил/а ако дознаам дека мој близок пријател е хомосексуалец“) од младите кои не престојувале во странство; имаат помал скор за негативно однесување кон хомосексуалците („избегнувам хомосексуалци“, „би удрил хомосексуалец ако ми се пушта“, „се плашам дека хомосексуалците имаат сексуални претензии кон мене“), за разлика од младите кои не биле во странство, и помал скор за негативно доживување на хомосексуалците („хомосексуалноста е противзаконска“, „хомосексуалноста е неприфатлива за мене“). Заеднички за двете групи е единствено ставот дека „хомосексуалците не треба да работат со деца“.

Табела 5. *Споредба на средни вредности за афективна компонента (според престој во странство)*

| **Афективна компонента** | **Средна вредност** | **Стд. Дев.** |
|---|---|---|
| Со престој | 4,86 | 4,43 |
| Без престој | 15,5 | 9,24 |

Табела 6. *Споредба на средни вредности за бихејвиорална компонента (според престој во странство)*

| Бихејвиорална компонента | Средна вредност | Стд. Дев. |
|---|---|---|
| Со престој | 3,26 | 3,85 |
| Без престој | 12,56 | 6,43 |

Табела 7. *Споредба на средни вредности за афективна компонента (според престој во странство)*

| Когнитивна компонента | Средна вредност | Стд. Дев. |
|---|---|---|
| Со престој | 2,77 | 3,32 |
| Без престој | 10,19 | 5,35 |

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Младите кои престојувале во странство покажуваат понизок степен на хомофобија, од оние кои никогаш не престојувале подолг временски период надвор од Македонија
- И во двете групи на испитаници има разлики во однос на хомофобијата, што имплицира дека престојот во странство е само еден од факторите кои директно или индиректно влијаат врз појавата.
- Младите кои престојувале во странство имаат помал скор за негативни чувства кон хомосексуалците, од младите кои не престојувале во странство.
- Младите кои престојувале во странство имаат помал скор за негативно однесување кон хомосексуалците, од младите кои не престојувале во странство.
- Младите кои престојувале во странство имаат помал скор за негативно доживување на хомосексуалците, од младите кои не престојувале во странство.
- Заедничко за двете групи на испитаници е единствено ставот дека хомосексуалците не треба да работат со деца.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Pedersen, Paul. The Five Stages of Culture Shock: Critical Incidents Around the World. Contributions in psychology, no. 25. Westport, Conn: Greenwood Press, 1995

Извештај за спроведување на Препораката на Комитетот на министри на Советот на Европа за мерките за борба против дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во Република Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка, Скопје, Македонија, 2012

Redlawsk, David and Tolbert, Caroline. Personality, Context and Attitudes Towards Gay Rights. 2010

Costa P.T. and Widiger T.A. Introduction: Personality disorders and the five-factor model of personality. Washington, D.C.: American Psychological Association, 1994

Shakelford, Todd K. and Avi Besser. Predicting Attitudes Toward Homosexuality: Insights from Personality Psychology, 2007

McCrae, R.R. and John, O.P. An Introduction to the five-factor model and its applications, Journal of Personality 60, 1992

## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

http://ednakviprava.kauza.mk/2010/05/13/homofobija/

http://www.radiomof.mk/vmro-dpmne-predlaga-da-se-smeni-ustavot-brak-iskluchivo-megu-mazh-i-zhena/

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

**ФРИДРИХ ЕБЕРТ ФОНДАЦИЈА**

Канцеларија Скопје, Македонија
Ул. Костурски херои бр.38
(Импексел зграда, II кат)
1000 Скопје

Т +389 2 3093181
Ф +389 2 3093180

www.fes.org.mk
contact@fes.org.mk